# Собрание на Република Северна Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
# за работата на Собранието на Република Северна Македонија

# за периодот
# 04.08/2020 - 31.12/2020

*Почитувани,*

*Полека не одминува една година исполнета со големи предизвици. После подолг временски период и за прв пат по осамостојувањето на нашата држава, се исправивме во битка против невидливиот непријател. И не само ние, целиот свет застана за да започне од почеток. Во таква атмосфера беше означен почетокот на новиот мандат на овој собраниски состав. Моравме да се прилагодиме брзо на новонастанатата состојба и сметам дека тоа го правиме успешно секој работен ден. Со строго почитување на мерките и утврдените протоколи од страна на Комисијата за заразни болести, Собранието ги извршува своите надлежности.*

*Овој извештај го опфаќа периодот од 4 август до 31 декември 2020 година. Иако пандемијата на КОВИД -19 на некој начин ги диктираше и точките што се разгледуваа на седниците на законодавниот дом, сепак стратешките приоритети останаа непроменети и предложените законски решенија одеа во насока на нивно реализирање. Во извештајот е содржана работата на Собранието од пленарните седници и од седниците на работните тела. Активностите што вообичаено го преполнуваат собранискиот календар сега се намалија, меѓутоа не згаснаа. Комуникацијата со сите чинители беше одржувана непречено благодарение на новите технологии кои исто така ни овозможија да продолжиме и со нашата парламентарна дипломатија, со тоа што оваа година меѓународната соработка се одвиваше на виртуелен начин.*

*Изразувам благодарност до собраниската служба, која во секакви услови останува на ниво на задачата и секогаш ги извршува сите свои обврски на професионален, посветен и квалитетен начин.*

*Почитувани граѓани, претставници на граѓански организации, драги студенти, претставници на медиумите и секој оној кој се наоѓа на оваа страна од Годишниот извештај за работата на Собранието на Република Северна Македонија, овој извештај е Ваш, исто како што и законодавниот дом е Ваш. Една од моите заложби е отвореноста и транспарентноста на Собранието да биде приоритет на сите пратеници и службеници, па така и овој извештај служи да ве приближи повеќе до вашите пратеници и вашето Собрание.*

*Со искрена почит,*

***Претседател***

***на Собранието на***

***Република Северна Македонија***

***Талат Џафери***

# СОДРЖИНА


**1. Вовед 2**
**2. Пратенички состав 4**
2.1.Изборни резултати 5
2.2.Пратенички групи 7
2.2.1. Пратеници 7
2.2.2. Промени во пратеничкиот состав 15
2.2.3 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 20
2.2.4 Полова структура на пратениците по пратенички групи 20
2.2.5 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 20
2.2.6 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 20
**3. Пленарни седници на Собранието 21**
3.1. Пленарни седници 22
3.1.1. Посебни седници 23
3.1.2 Времетраење на седниците 24
3.2 Разгледувани акти 25
3.2.1. Поставени акти на седница 25
3.2.2. Разгледани акти на седница 26
3.3. Закони 27
3.3.1. Донесени закони 32
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 36
3.3.3. Закони по редовна постапка 37
3.3.4. Донесени ратификации 39
3.3.5. Повлечени закони 40
3.4. Одлуки 41
3.5. Други акти 47
3.5.1 Акти за усвојување 47
3.5.2. Неусвоени и повлечени акти 47
3.6. Амандмани 48
3.7. Пратенички прашања 52
**4. Работни тела на Собранието 54**
4.1. Постојани работни тела 55
4.2. Посебни работни тела 113
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 113
4.3. Совети 115
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 115
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 117
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 120
4.4. Други тела 122
4.4.1. Клубови на пратеници 122
4.4.1.1. Клуб на жени пратеници 122
4.4.1.2. Клуб на младински прашања и политики 123
4.4.2. Интерпартиски групи на пратеници 124
4.4.2.1. ИПГ за правата на ЛГБТ лицата 124
**5. Претседател и потпретседатели 125**
5.1. Претседател 126
5.2. Потпретседатели 136
**6. Меѓународна соработка 139**
6.1. Мултилатерална соработка 142
6.2. Други меѓународни активности 153
6.3. Билатерална соработка 153
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието 155**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 156
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 156
7.3. Свечени изјави 157
7.4. Доделување на државни награди 159
**8. Јавност во работата на Собранието 160**
8.1.Канцеларии за контакти на пратенмиците со граѓаните во изборните единици **161**
8.2. Електронска комуникација 163
8.3. Собраниски ТВ канал 167
8.4. Средства за јавно информирање 173
**9. Поддрќка на невладините и меѓународните организации на Собранието 176**
9.1. Национален демократски институт НДИ **177**
9.2. Вест Минстер 182
9.3. ДЦАФ 187
**10. Служба на Собранието 193**
10.1. Внатрешна организација 194
10.2 Посебни организациони единици 198
10.2.1. Одделение за управување со човечки ресурси 198
10.2.2. Одделение за внатрешна ревизија 204
10.2.3. Парламентарен Институт 207
10.3.Системи за управување со квалитет 221
10.4. Податоци од стручно-административен карактер 224
**11. Прилози 228**
Прилог 1 Преглед на одржани седници 229

Прилог 2 Дневни редови на седници 231
Прилог 3 Меѓународни активности 244

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1.ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Десетите предвремени парламентарни избори во Република Северна Македонија, се одржаа на 15 јули 2020 година по самораспуштањето на деветиот парламентарен состав на 16 февруари 2020 година.

Врз основа на членот 4 став 2 од Изборниот законик, во Собранието на Република Македонија се избират 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избират според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици, во кои се избираат по 20 пратеници и тројца пратеници се избираат според пропорционален модел во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија.

На овие избори избори во дијаспората не се одржаа, бидејќи бројот на прифатени пријави за нивно гласање бил помал од 6540 - бројка која е минимум за избор на пратеник во Собранието на Република Северна Македонија. Токму затоа, Државната изборна комисија одлучи да не се гласа во дипломатско-конзуларните претставништва, а граѓаните од дијаспората правото на глас мжат да го остварат само ако гласааат во избирачките места во земјата.

Во шесте изборни единици, односно на **3480** избирачки места, од вкупно евидентираните **1814.263** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го оствариja **945.750** избирачи односно **52 %.**

Според утврдените листи на кандидати за пратеници во изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се предложени и утврдени **78** листи со вкупно **1.560** кандидати за избор на пратеници.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **14** листи на кандидати за пратеници со вкупно **280** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **309.210** избирачи во избирачкиот список на **522** избирачки места гласале **164.287** избирачи односно **53%.**

Според резултатите, Коалицијата "МОЖЕМЕ" освои **8** пратенички места, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА" **- 7,** Демократска унија за интеграција - **2,** Коалицијата Алијанса за албанците и Алтернатива - **2** и Левица **- 1.**

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **15** листи на кандидати за пратеници со вкупно **300** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **319.820** избирачи во избирачкиот список на **504** избирачки места гласале **158.804** избирачи односно **49,65%.**

Според резултатите, Коалицијата "МОЖЕМЕ" освои **7** пратенички места, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА" - **7,** Демократска унија за интеграција - **3 и** Коалицијата Алијанса за албанците и Алтернатива - **3.**

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **13** листи на кандидати со вкупно **260** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **278.511** избирачи во избирачкиот список на **684** избирачки места гласале **162.648** избирачи односно **58,4%.**

Според резултатите, Коалицијата "МОЖЕМЕ" освои **9** пратенички места, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА" **- 10** и Левица - 1.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **282 506** избирачи во избирачкиот список на **599** избирачки места гласале **171.690** избирачи односно **61 %.**

Според резултатите, Коалицијата "МОЖЕМЕ" освои **10** пратенички места и ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА" **10** пратеници.

**Изборна единица број 5**

Во петата изборна единица се утврдени **14** листи на кандидати за пратеници со вкупно **280** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **314.489** избирачи во избирачкиот список на **706** избирачки места гласале **160.146** избирачи односно **51,92%.**

Според резултатите, Коалицијата "МОЖЕМЕ" освои **8** пратенички места, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА" - **8,** Демократска унија за интеграција - **3 и** Коалицијата Алијанса за албанците и Алтернатива - **1.**

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **10** листи на кандидати за со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **309.727** избирачи во избирачкиот список на **465** избирачки места гласале **126.175** избирачи односно **40,73 %.**

Според резултатите, Коалицијата “МОЖЕМЕ” освои **4** пратенички места, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата “ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА” - **2**, Демократска унија за интеграција - **7**, Коалицијата Алијанса за албанците и Алтернатива - **6** и Демократската партија на Албанците - **1**.




| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 1. | КОАЛИЦИЈА СДСМ | 8 | 7 | 9 | 10 | 8 | 4 | 46 |
| 2. | КОАЛИЦИЈА ВМРО-ДПМНЕ | 7 | 7 | 10 | 10 | 8 | 2 | 44 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ) | 2 | 3 | | | 3 | 7 | 15 |
| 4. | АЛИЈАНСА/АЛТЕРНАТИВА | 2 | 3 | | | 1 | 6 | 12 |
| 5. | ЛЕВИЦА | 1 | | 1 | | | | 2 |
| 6. | ДПА | | | | | | 1 | 1 |
| ВКУПНО: | | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | 120 |

# 2.2.ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ

## 2.2.1.ПРАТЕНИЦИ

### Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Белкиса Зеќири


Бети Рабаџиевска Наумовска


Бисера Костадинова Стојчевска


Даниела Колева


Даниела Маркоска


Дарко Каевски


Диме Велковски


Драгица Ѓавочанова


Емилија Рамбабова


ЖАклина Лазаревска


Јован Митревски


Коле Чаракчиев


Костадин Костадинов


Лазе Таневски


Лидија Тасевска


Лолита Ристова


Љатифе Шиковска


Марија Ангелова


Марија Георгиевска


Марија Костадинова


Мартин Костовски


Миле Талевски


Мухамет Кадриев


Ненад Коциќ


Панчо Минов

## Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Славјанка Петровска


Снежана Ванчева Калеска


Соња Михаиловска


Фаница Николовска

## Демократска унија за интеграција (ДУИ)


Али Ахмети


Арбана Пашоли


Арбен Зибери


Арбер Адеми


Арта Биљали Зендели


Бајрам Кадрија


Бедри Фазли


Берат Ајдари


Вјолца Адеми


Изет Меџити


Исмаил Јахоски


Мерита Колчи Коџаџику


Рина Ајдари


Талат Џафери


Фисникe Бектиши Шакири

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Александар Вељановски


Александар Николовски


Ангелинка Петкова


Ане Лашкоска


Антонијо Милошоски


Бети Стаменковска Трајковска


Благица Ласовска


Бојан Стојаноски


Бране Петрушевски


Велика Стојкова Серафимовска


Владо Мисајловски


Дајанчо Ефтомов


Даниела Христова


Дарко Костовски


Дафина Стојаноска


Ѓорѓија Сајкоски


Ели Панова


Жаклина Пешевска


Здравко Трајанов


Златко Пенков


Зоранчо Јованчев


Иван Јорданов


Иванка Василевска


Игор Здравковски


Игор Janушев

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Јадранка Поцкова


Јован Јаулески


Кире Пецаков


Лидија Петкоска


Марија Петрушевска


Миле Левков


Мирче Аџиоски


Никола Мицевски


Олга Лозановска


Петар Ристески


Рашела Мизрахи


Силвана Ангелевска


Тимчо Муцунски


Синиша Стојаноски


Гордана
Силјановска Давкова

## Левица


Борислав Крмов


Димитар Апасиев

## Социјалистичка партија на Македонија


Љупчо Димовски


Стојан Миланов

## Либерално-демократска партија


Боби Мојсоски


Моника Зајкова

## Партија на пензионери


Илија Николовски

## Нова социјалдемократска партија


Горан Мисовски


Соња Мираковска

## Српска странка во Македонија


Мирослав Јовановиќ

## Демократска обнова на Македонија


Маја Морачанин


Мирослав Богдановски

## Независен пратеник


Зеќир Рамчиловиќ

## ВМРО-Народна партија



Љупчо Балковски

## ГРОМ



Љупчо Пренцов

## Демократски сојуз



Павле Трајанов

## Демократска партија на албанците



Мендух Тачи

## Демократска партија на србите



Иван Стоилковиќ

## Демократска партија на турците



Бејџан Иљас

## Партија за движење на турците



Енес Ибрахим

## Алијанса за Албанците (ДПА)


Абдула Салиу


Атина Ќазими


Атнан Незири


Елми Азири


Зијадин Села


Илире Даути


Сурија Рашиди


Халил Снопче

## Алтернатива


Африм Гаши


Сафие
Садики Шаини


Скендер Реџепи


Хусни Исмаили

## Движење Беса


Басри Бајрами


Биљал Касами


Кастриот Реџепи


Фадил Зендели

## Пратеници на кои порано им престанал мандатот 2020-2024



Фљорин Бесими



Зоран Заев



Љупчо Николовски



Радмила Шекеринска Јанковска



Оливер Спасовски



Мила Царовска



Никола Димитров



Насер Нуредини



Јагода Шахпаска



Дамјан Манчевски



Игор Дурловски



Сања Лукаревска



Мухамед Зеќири



Бајрам Реџепи



Сашко Николов

# 2.2.2ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | политичка партија | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Адеми Вјолца | ДУИ | |
| 2. | Адеми Арбер | ДУИ | |
| 3. | Азири Елми | Алијанса | |
| 4. | Ајдари Берат | ДУИ | |
| 5. | Ангелевска Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 6. | Ангелова Марија | СДСМ | |
| 7. | Апасиев Димитар | Левица | |
| 8. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 9. | Бајрами Басри | БЕСА | |
| 10. | Балковски Љупчо | ВМРО - Народна | |
| 11. | Бесими Фљорин | ДУИ | 25.08.2020, оставка заменет со Фазли Бедри |
| 12. | Биљали Зендели Арта | ДУИ | |
| 13. | Василевска Иванка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 14. | Вељановски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 15. | Гаши Африм | Алтернатива | |
| 16. | Георгиевска Марија | СДСМ | |
| 17. | Даути Илире | Алијанса | |
| 18. | Димовски Љупчо | СПМ | |
| 19. | Димитров Никола | - | 25.08.2020, оставка заменет со Богдановски Мирослав |
| 20. | Дурловски Игор | - | 27.10.2020, оставка заменет со Аџиоски Мирче |
| 21. | Ефтимов Дајанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 22. | Заев Зоран | СДСМ | 25.08.2020, оставка заменет со Ѓавочанова Драгица |
| 23. | Зајкова Моника | СДСМ | |
| 24. | Зендели Фадил | СДСМ | |
| 25. | Зеќири Мухамед | СДСМ | 27.10.2020, оставка заменет со Мирослав Јовановиќ |
| 26. | Зибери Арбен | ДУИ | |
| 27. | Здравковски Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Ибраим Енес | ПДТ | |
| 29. | Иљас Бејџан | ДПТМ | |
| 30. | Исмаили Хусни | Алтернатива | |
| 31. | Јанушев Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 32. | Јаулески Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 33. | Јахоски Исмаил | ДУИ | |
| 34. | Јованчев Зоранчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Јорданов Иван | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Каевски Дарко | СДСМ | |
| 37. | Кадрија Бајрам | ДУИ | |
| 38. | Касами Биљал | БЕСА | |
| 39. | Колева Даниела | СДСМ | |
| 40. | Коџаџику Колчи Мерита | ДУИ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **41.** | Костадинова Марија | СДСМ | |
| **42.** | Костадинова Стојчевска Бисера | СДСМ | |
| **43.** | Костадинов Костадин | СДСМ | |
| **44.** | Костовски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **45.** | Костовски Мартин | СДСМ | |
| **46.** | Коциќ Ненад | СДСМ | |
| **47.** | Крмов Борислав | Левица | |
| **48.** | Лазаревска Жаклина | СДСМ | |
| **49.** | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **50.** | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **51.** | Лефков Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **52.** | Лозановска Олга | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **53.** | Лукаревска Сања | СДСМ | 27.10.2020, оставка заменета со Тасевска Лидија |
| **54.** | Манчевски Дамјан | СДСМ | 22.09.2020, оставка заменет со Велковски Диме |
| **55.** | Марковска Даниела | СДСМ | |
| **56.** | Меџити Изет | ДУИ | |
| **57.** | Мизрахи Рашела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **58.** | Миланов Стојан | СПМ | |
| **59.** | Милошоски Антонијо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **60.** | Минов Панчо | СДСМ | |
| **61.** | Мираковска Соња | НСДП | |
| **62.** | Мисајловски Владо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **63.** | Мисовски Горан | НСДП | |
| **64.** | Митревски Јован | СДСМ | |
| **65.** | Михаиловска Соња | СДСМ | |
| **66.** | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **67.** | Мојсовски Боби | ЛДП | |
| **68.** | Морачанин Маја | ДОМ | |
| **69.** | Муцунски Тимчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **70.** | Незири Атнан | Алијанса | |
| **71.** | Николов Сашко | СДСМ | 23.12.2020, избран за градоначалник заменета со Кадриев Мухамед |
| **72.** | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **73.** | Николовски Илија | ПП | |
| **74.** | Николовски Љупчо | СДСМ | 25.08.2020, оставка заменет со Рамчиловиќ Зеќир |
| **75.** | Николовска Фаница | СДСМ | |
| **76.** | Нуредини Насер | ДУИ | 25.08.2020, оставка заменет со Бектеши Шаќири Фисниќе |
| **77.** | Панова Ели | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **78.** | Пашоли Арбана | ДУИ | |
| **79.** | Пенков Златко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **80.** | Петкова Ангелинка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **81.** | Петковска Лидија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **82.** | Петрушевска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **83.** | Петрушевски Бране | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **84.** | Пецаков Кирил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **85.** | Пешевска Жаклина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **86.** | Поцкова Јадранка | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **87.** | Пренџов Љупчо | ГРОМ | |
| **88.** | Рабаџиевска Наумовска Бети | СДСМ | |
| **89.** | Рашити Сурија | Алијанса | |
| **90.** | Рецепи Бајрам | ДУИ | 27.10.2020, оставка заменет со Ајдари Рина |
| **91.** | Рецепи Кастриот | БЕСА | |
| **92.** | Рецепи Скендер | Алтернатива | |
| **93.** | Ристески Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **94.** | Ристова Лолита | СДСМ | |
| **95.** | Садики Шаини Садије | Алтернатива | |
| **96.** | Сајкоски Ѓорѓија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **97.** | Салиу Абдула | Алијанса | |
| **98.** | Села Зијадин | Алијанса | |
| **99.** | Силјановска Давкова Гордана | - | |
| **100.** | Снопче Халил | Алијанса | |
| **101.** | Спасовски Оливер | СДСМ | 25.08.2020, оставка заменет со Петровска Славјанка |
| **102.** | Стаменковска Трајковска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **103.** | Стојановски Бојан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **104.** | Стојаноски Синиша | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **105.** | Стојаноска Дафина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **106.** | Стојкова Серафимовска Велика | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **107.** | Стоилковиќ Иван | ДПСМ | |
| **108.** | Талевски Миле | СДСМ | |
| **109.** | Таневски Лазе | СДСМ | |
| **110.** | Тачи Мендух | ДПА | |
| **111.** | Трајанов Здравко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **112.** | Трајанов Павле | ДС | |
| **113.** | Ќазими Артина | Алијанса | |
| **114.** | Христова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **115.** | Царовска Мила | СДСМ | 25.08.2020, оставка заменет со Ванчева Калеска Снежана |
| **116.** | Чаракчиев Коле | СДСМ | |
| **117.** | Џафери Талат | ДУИ | |
| **118.** | Шахпаска Јагода | СДСМ | 30.08.2020, избрана за министерка заменета со Рамбабова Емилија |
| **119.** | Шеќеринска Јанковски Радмила | СДСМ | 25.08.2020, оставка заменет со Зеќири Белкиса |
| **120.** | Шиковска Љатифе | СДСМ | |
| **121.** | Фазли Бедри | ДУИ | 25.08.2020, наместо Бесими Фљорим |
| **122.** | Ѓавочанова Драгица | СДСМ | 25.08.2020, наместо Заев Зоран |
| **123.** | Рамчиловиќ Зеќир | независен | 25.08.2020, наместо Николовски Љупчо |
| **124.** | Зеќири Белкиса | СДСМ | 25.08.2020, наместо Шеќеринска Јанковски Радмила |
| **125.** | Петрова Славјанка | СДСМ | 25.08.2020, наместо Спасовски Оливер |
| **126.** | Ванчева Калеска Снежана | СДСМ | 25.08.2020, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | наместо Царовска Мила |
| **127.** | Богдановски Мирослав | ДОМ | 25.08.2020,<br>наместо Димитров Никола |
| **128.** | Бектеши Шаќири Фисникe | ДУИ | 25.08.2020,<br>наместо Нуредини Насер |
| **129.** | Рамбабова Емилија | СДСМ | 14.09.2020,<br>наместо Шахпаска Јагода |
| **130.** | Велковски Диме | СДСМ | 22.09.020,<br>наместо Манчевски Дамјан |
| **131.** | Аџиоски Мирче | ВМРО-ДПМНЕ | 27.10.2020,<br>наместо Дурловски Игор |
| **132.** | Ајдари Рина | ДУИ | 27.10.2020,<br>Наместо Реџепи Бајрам |
| **133.** | Јовановиќ Мирослав | ССМ | 27.10.2020,<br>наместо Зеќири Мухамед |
| **134.** | Тасевска Лидија | СДСМ | 27.10.2020,<br>наместо Лукаревска Сања |
| **135.** | Кадриев Мухамед | СДСМ | 23.12.2020,<br>наместо Николов Сашко |
| **136.** | Ацевски Костадин | СДСМ | 08.11.2017,<br>наместо Дудуш Курто |
| **137.** | Муртезанов Агим | СДСМ | 08.11.2017,<br>наместо Бочварски Благој |
| **138.** | Богдановски Далибор | СДСМ | 22.12.2017,<br>Наместо Пендаровски Стево |
| **139.** | Ибраимовски Самка | ПЦЕР | 22.12.2017,<br>Наместо Ковачевски Васко |

| Реден број | Скратен назив | Политичка партија | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 04.08.2020 | 31.12.2020 |
| 1. | **ВМРО-ДПМНЕ** | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 38 | 39 |
| 2. | **СПМ** | Социјалистичка партија на Македонија | 2 | 2 |
| 3. | **ДПСМ** | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 4. | **ГРОМ** | Граѓанска опција за Македонија | 1 | 1 |
| 5. | **СДСМ** | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 31 | 29 |
| 6. | **БЕСА** | Движење БЕСА | 4 | 4 |
| 7. | **ЛДП** | Либерално демократска партија | 2 | 2 |
| 8. | **НСДП** | Нова социјал -демократска партија | 2 | 2 |
| 9. | **ДОМ** | Демократска обнова на Македонија | 1 | 2 |
| 10. | **ВМРО-НП** | ВМРО- Народна партија | 1 | 1 |
| 11. | **ПДТ** | Партија за движење на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 12. | **ДПТМ** | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 13. | **ПОПГМ** | Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 1 | 1 |
| 14. | **ДС** | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 15. | **ДУИ** | Демократска унија за интеграција | 15 | 15 |
| 16. | **АЛИЈАНСА** | Алијанса на Албанците | 8 | 8 |
| 17. | **АЛТЕРНАТИВА** | Алтернатива за албанците | 4 | 4 |
| 18. | **ДПА** | Демократска партија на Албанците | 1 | 1 |
| 19. | **ЛЕВИЦА** | Левица | 2 | 2 |
| 20. | **НП** | Независни пратеници | 3 | 2 |
| | | **ВКУПНО:** | **120** | **120** |

## 2.2.3. Етничка структура на пратеници

| година | македонци | | албанци | | турци | | роми | | срби | | бошњаци | | власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 04.08.2020 | 80 | 66,6 | 32 | 26,6 | 3 | 2,5 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | - | - | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 |
| 31.12.2020 | 78 | 65 | 32 | 26,6 | 3 | 2,5 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 |

## 2.2.4. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 04.08.2020 | 43 | 35,83 | 47 | 39,16 |
| 31.12.2020 | 77 | 64,17 | 73 | 60,84 |

## 2.2.5. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 04.08.2020 | 4 | | 33 | | 49 | | 19 | | 13 | | 2 | |
| 31.12.2020 | 5 | | 34 | | 45 | | 21 | | 13 | | 2 | |

## 2.2.6. Образовна структура на пратеници

| образовани е | средно | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 04.08.2020 | 1 | 0,83 | 68 | 56,6 | 17 | 29 | 5 |
| 31.12.2020 | 1 | 0,83 | 65 | 54,16 | 18 | 33 | 3 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# 3.1.ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 29 седници од кои седумнаесет останаа незавршени со шеесет и девет преостанати точки (49 закони, 5 одлуки, 7 извештаи, две информации, 3 автентични толкувања, еден деловник, една стратегија и една декларација).




вкупно седници - 29

завршени - 12

незавршени -17




ж

## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

# Посебни седници во периодот 30.12.2016 – 31.12.2017

**Пратенички прашања - 1**

- 27 седница одржана на 30.12.2020 година.

**Обраќања - 3**

- Обраќање на господин Борут Пахор, претседател на Република Словенија (14 седница, 25.09.2020 година),
- Обраќање на господин Оливер Вархеји, Европскиот комесар за соседство и проширување на Европската Унија, (17 седница, 7.10.2020 година) и
- Обраќање на Претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски (23 седница, 16.12.2020 година).

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е дваесетата седница со 13 работни денови и со 17 точки на дневен ред.
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е, исто така, дваесетата седница со 70 часа и 20 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е единаесетотто продолжение на на дваесетата седница која имала 17 точки на дневен ред, која траела од 14 часот и 40 минути на 25 декември до 7 часот и 50 минути утрината на 26 декември или во континуитет 17 часа и 10 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на

Собранието на Република Северна Македонија е 24-та седница која траела само 10 минути и имала една точка на дневен ред.

## 3.1.2.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 1 седница | 2 | 7 часа и 10 минути |
| 2 седница | 3 | 3 часа и 50 минути |
| 3 седница | 1 | 2 часа и 35 минути |
| 4 седница | 1 | 2 часа и 10 минути |
| 5 седница | 1 | 1 час и 25 минути |
| 6 седница | 1 | 1 час и 05 минути |
| 7 седница | 1 | 1 час и 15 минути |
| 8 седница | 1 | 1 час и 20 минути |
| 9 седница | 1 | 1 час |
| 10 седница | 2 | 18 часа и 20 минути |
| 11 седница | 1 | 2 часа и 25 минути |
| 12 седница | 2 | 14 часа и 35 минути |
| 13 седница | 2 | 18 часа и 15 минути |
| 14 седница | 1 | 15 минути |
| 15 седница | 5 | 16 часа и 20 минути |
| 16 седница | 2 | 25 минути |
| 17 седница | 1 | 20 минути |
| 18 седница | 1 | 40 минути |
| 19 седница | 5 | 23 часа и 55 минути |
| 20 седница | 13 | 70 часа и 20 минути |
| 21 седница | 4 | 3 часа и 25 минути |
| 22 седница | 3 | 3 часа и 35 минути |
| 23 седница | 1 | 45 минути |
| 24 седница | 1 | 10 минути |
| 25 седница | 3 | 2 часа |
| 26 седница | 7 | 40 часа и 20 минути |
| 27 седница | 1 | 7 часа и 50 минути |
| 28 седница | 1 | 1 час и 05 минути |
| 29 седница | 1 | 3 часа и 45 минути |
| **вкупно: 29 седници** | **45 дена** | **250 часа и 35 минути** |

# 3.2.РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1.поставени акти на седница

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | информации | декларации | извештаи | стратегии | деловници | автентични толкувања |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | | 4 | | | | | | |
| 2 | 2 | | 2 | | | | | | |
| 3 | 2 | | 1 | | | 1 | | | |
| 4 | 2 | | 1 | | | 1 | | | |
| 5 | 2 | | 1 | | | 1 | | | |
| 6 | 2 | | 1 | | | 1 | | | |
| 7 | 2 | | 1 | | | 1 | | | |
| 8 | 2 | | 1 | | | 1 | | | |
| 9 | 2 | | 1 | | | 1 | | | |
| 10 | 1 | | 1 | | | | | | |
| 11 | 2 | | 2 | | | | | | |
| 12 | 3 | 2 | 1 | | | | | | |
| 13 | 2 | | 2 | | | | | | |
| 15 | 11 | 10 | 1 | | | | | | |
| 16 | 9 | | 8 | 1 | | | | | |
| 18 | 7 | 5 | 2 | | | | | | |
| 19 | 15 | 13 | 2 | | | | | | |
| 20 | 17 | 15 | 2 | | | | | | |
| 21 | 26 | 21 | 5 | | | | | | |
| 22 | 22 | 13 | 8 | | | | | 1 | |
| 24 | 3 | 1 | 1 | | 1 | | | | |
| 25 | 18 | 14 | 4 | | | | | | |
| 26 | 16 | 15 | | | | | 1 | | |
| 28 | 20 | 7 | 13 | | | | | | |
| 29 | 39 | 34 | 1 | 1 | | | | | 3 |
| ВКУПНО | 231 | 150 | 66 | 2 | 1 | 7 | 1 | 1 | 3 |

## 3.2.2.разгледани акти на седница




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | неприфатливи | прво читање | само разгледани | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | закони | **150** | 67 | – | – | 30 | – | – | – | – | 4 | **49** |
| 2. | одлуки | **66** | 60 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | **5** |
| 3. | информации | **2** | – | – | – | – | – | – | – | – | – | **2** |
| 4. | декларации | **1** | – | – | – | – | – | – | – | – | – | **1** |
| 5. | извештаи | **7** | – | – | – | – | – | – | – | – | – | **7** |
| 6. | стратегии | **1** | – | – | – | – | – | – | – | – | – | **1** |
| 7. | деловници | **1** | – | – | – | – | – | – | – | – | – | **1** |
| 8. | автентични толкувања | **3** | – | – | – | – | – | – | – | – | – | **3** |
| | **ВКУПНО** | **231** | **127** | – | – | **30** | – | – | – | – | **5** | **69** |

# 3.3.ЗАКОНИ

## постапка за донесување на закони

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската Унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Северна Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### 1. ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од

гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската Унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на Службен весник на Република Северна Македонија - меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија.

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА


29
28
26
25
24
22
21
20
19
18
15
12
34
7
15
14
1
13
21
15
13
5
10
2
3 6 9 12 15 18 21 24 27 30 33
RAZGLEDANI ZAKONI PO SEDNICI

VKUPEN BROJ NA RAZGLEDUVANI TO^KI PO ZAKONI
111




ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 67



## 3.3.1.Донесени закони

### По постапка




### По предлагачи



**ЛЕГЕНДА:**

**Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)**

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование | Влада | скратена | 12 21.09.2020 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование | Влада | скратена | 12 21.09.2020 |
| 3. | Закон за изменување и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица | Влада | скратена | 15 09.10.2020 |
| 4. | Закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование | Влада | скратена | 15 09.10.2020 |
| 5. | Закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард | Влада | скратена | 15 09.10.2020 |
| 6. | Закон за дополнување на Законот за ученичкиот стандард | Влада | скратена | 15 09.10.2020 |
| 7. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со ЦОВИД-19 во Северна Македонија | Влада | скратена | 15 13.10.2020 |
| 8. | Закон за спречување и заштита од дискриминација | Влада | редовна | 19 27.10.2020 |
| 9. | Закон за изменување на Законот за заштита на укажувачи | Влада | редовна | 19 27.10.2020 |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси | Влада | редовна | 19 27.10.2020 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови | Влада | редовна | 19 27.10.2020 |
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за скијалишта | Влада | редовна | 19 27.10.2020 |
| 13. | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести | Влада | скратена | 19 28.10.2020 |
| 14. | Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност | Влада | скратена | 19 28.10.2020 |
| 15. | **Изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година** | **Влада** | **редовна** | **20 03.11.2020** |
| 16. | Закон за изменување на Законот за | Влада | скратена | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | работните односи | | | 06.11.20 20 |
| 17. | Закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | скратена | 20 06.11.20 20 |
| 18. | Закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот Ковид 19 за месеците октомври, ноември и декември 2020 година | Влада | скратена | 20 06.11.20 20 |
| 19. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност | Влада | скратена | 20 06.11.20 20 |
| 20. | Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот Ковид 19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година | Влада | скратена | 20 06.11.20 20 |
| 21. | Закон за изменување и дополнување на Законот за градење | Влада | скратена | 21 20.11.20 20 |
| 22. | Закон за изменување на Законот за жичари и ски - лифтови | Влада | редовна | 22 26.11.20 20 |
| 23. | Закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем | Влада | редовна | 22 26.11.20 20 |
| 24. | Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва | Влада | редовна | 24 05.12.20 20 |
| 25. | Закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии | Влада | скратена | 22 05.12.20 20 |
| 26. | Закон за дополнување на Законот за даночна постапка | Влада | скратена | 22 05.12.20 20 |
| 27. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка | Влада | скратена | 22 05.12.20 20 |
| 28. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход | Влада | скратена | 22 05.12.20 20 |
| 29. | Закон за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници | Влада | скратена | 22 05.12.20 20 |
| 30. | Закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Ковид 19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија | Влада | скратена | 22 05.12.20 20 |
| 31. | Закон за општа безбедност на | Влада | редовна | 25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | производите | | | 16.12.20 20 |
| **32.** | Закон за фитофармација | Влада | редовна | 25 16.12.20 20 |
| **33.** | Закон за изменување на Законот за домување | Влада | редовна | 25 16.12.20 20 |
| **34.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за железнички систем | Влада | редовна | 25 16.12.20 20 |
| **35.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | Влада | редовна | 25 16.12.20 20 |
| **36.** | Закон за дополнување на Законот за социјалната заштита | Влада | скратена | 25 16.12.20 20 |
| **37.** | Закон за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во министерството за политички систем и односи меѓу заедниците | Влада | скратена | 25 16.12.20 20 |
| **38.** | Закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард | Влада | скратена | 21 16.12.20 20 |
| **39.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард | Влада | скратена | 21 16.12.20 20 |
| **40.** | Закон за изменување на Законот за приватно обезбедување | Влада | редовна | 26 16.12.20 20 |
| **41.** | Закон за изменување на законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните | Влада | редовна | 26 16.12.20 20 |
| **42.** | Закон за изменување на Законот за личното име | Влада | редовна | 26 16.12.20 20 |
| **43.** | Закон за изменување и дополнување на законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија | Влада | редовна | 26 16.12.20 20 |
| **44.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности | Влада | редовна | 26 16.12.20 20 |
| **45.** | **Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година** | **Влада** | **редовна** | **26 20.12.20 20** |
| **46.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени | Љ. Шиковска С.К.Ванчева Ж. Лазаревска М.Морачанин | скратена | 26 20.12.20 20 |
| **47.** | Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година | Влада | скратена | 25 20.12.20 20 |
| **48.** | Закон за регистрација на возила со странски регистерски таблици на територијата на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 25 20.12.20 20 |
| **49.** | Закон за изменување и дополнување | Влада | редовна | 28 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на Законот за Централен регистар | | | 23.12.2020 |
| **50.** | Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација | Влада | редовна | 28 23.12.2020 |
| **51.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита | Влада | скратена | 22 23.12.2020 |
| **52.** | Закон за дополнување на Законот за заштита на децата | Влада | скратена | 22 23.12.2020 |
| **53.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам | Влада | редовна | 29 28.12.2020 |
| **54.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд | Влада | скратена | 19 28.12.2020 |
| **55.** | Закон за изменување на Законот за инвалидски организации | Влада | скратена | 19 28.12.2020 |
| **56.** | Закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба | Влада | скратена | 20 28.12.2020 |

## 3.3.2.Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со правото на ЕУ

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за спречување и заштита од дискриминација | Влада | редовна | 19 27.10.2020 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва | Влада | редовна | 24 05.12.2020 |
| 3. | Закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 6 за трговија со услуги кон Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија | Влада | итна | 22 05.12.2020 |
| 4. | Закон за општа безбедност на производите | Влада | редовна | 25 16.12.2020 |
| 5. | Закон за фитофармација | Влада | редовна | 25 16.12.2020 |

# 3.3.3.Закони по редовна постапка

Во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година во редовна постапка беа разгледувани **33** закони. Од нив донесени се 23 од кои 2 се закони за буџет а останатите закони се донесени со второ и трето читање на иста седница, еден е повлечен од предлагачите и тоа на првото читање и 9 останаа за второ читање во 2021 година. (табела 1)




**ТАБЕЛА 1**

**ЛЕГЕНДА:**

- **Донесени закони (И и ИИ читање заедно)**
- **Буџети**
- **закони кои одат на второ читање**
- **Повлечени**

| реден број | з а к о н и | предлагач | И читање | ИИ читање | ИИИ читање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за спречување и заштита од дискриминација | Влада | 15<br>09.10.2020 | 19<br>27.10.20<br>20 | |
| 2. | Закон за изменување на Законот за заштита на укажувачи | Влада | 15<br>14.10.2020 | 19<br>27.10.20<br>20 | |
24.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка;

25.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва - И читање;

26.Предлог на закон за општа безбедност на производите - И читање;

27.Предлог на закон за фитофармација - И читање;

28. Предлог на закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба, по скратена постапка;

29.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка;

30.Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и

31.Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2021 година.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 37 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно разгледани точки | | 11 8 |
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | 18 |
| | економски систем | 29 |
| | јавни дејности | 24 |
| Закони | 1 читање | 36 |
| | 2 читање | 22 |
| | скратена и итна | 35 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| ратификации | | 11 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 8 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| барања за автентични толкувања | | 3 |
| други акти | | - |

# Комисија за одбрана и безбедност

за прашања кои се однесуваат на одбраната и безбедноста и
-други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-за заштита на поредокот утврден со Уставот,
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста,
-одбрана на Републиката и цивилната заштита,
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила,
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации,
-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот,
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
-обезбедување на личности и објекти,
-државјанство,
-одржување на јавниот ред и мир,
-јавните собири и јавните приредби,
-безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај,
-заштита од природни непогоди и епидемии,
-пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето,
-премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас,
-движење и престој на странци,
-утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници,
-воспоставување меѓународна соработка

| Ред.број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МИЛЕ ТАЛЕВСКИ,** претседател | |
| | **ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Лазе Таневски | |
| 3. | Павле Трајанов | |
| 4. | Фадил Зендели | |
| 5. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 6. | Дарко Костовски | |
| 7. | Марија Петрушевска | |
| 8. | Бојан Стојаноски | |
| 9. | Иван Стоилковиќ | |
| 10. | Арбана Пашоли | |
| 11. | Арбер Адеми | |
| 12. | Абдула Салиу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** | |
| 1. | Славјанка Петровска | |
| 2. | Соња Михаиловска | |
| 3. | Мирослав Богдановски | |
| 4. | Марија Георгиевска | |
| 5. | Антонијо Милошоски | |
| 6. | Кирил Пецаков | |
| 7. | Бране Петрушевски | |
| 8. | Игор Јанушев | |
| 9. | Иван Јорданов | |
| 10. | Рина Ајдари | |
| 11. | Вјолца Адеми | |
| 12. | Сурија Рашиди | |

Составот на Комисијата за одбрана и безбедност е утврден врз основа на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, донесена на 14 септември

2020 година ("Службен весник на РСМ" број 219/20).

*Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија, како матично работно тело, во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година има одржано **10** седници на кои беа разгледани вкупно **дваесет** точки и тоа:*

- девет предлог на закони во прво читање;

- три предлог на закони во второ читање;

- пет предлог на одлуки за испраќање на припадник или припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировните мисии;

- една предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија;

- една предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија и

- една информација за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави.

**Комисијата го разгледа следниов Предлог на закони во <u>прво читање</u>:**

- Предлог на закон за изменување на Законот за приватно обезбедување;

- Предлог на закон за изменување на Законот за државјанството на Република Македонија;

- Предлог на закон за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот внатрешни работи;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи и

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

**Комисијата ги разгледа следните Предлог на закони во <u>второ читање</u>:**

- Предлог на закон за изменување на Законот за приватно обезбедување;

- Предлог на закон за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните и

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

Комисијата на седниците разгледа вкупно 3 амандмани од кои 2 беа прифатени и усвоени.

Еден амандман беше повлечен од страна на предлагачот.

**Комисијата ги разгледа следниве Предлог на одлуки:**

- Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ" во Република Либан;

- Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина;

- Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ" во Република Либан;

- Предлог на одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „ЕУТМ РЦА" во Централна Африканска Република;

- Предлог на одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „ЕУТМ РЦА" во Централна Африканска Република;

- Предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од светската здравствена организација за коронавирусот ЦОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и

- Предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од светската здравствена организација од заразната болест ЦОВИД-19 предизвикана од вирусот сарс-цов-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се

загрозува безбедноста на здравјето на населението;

**Комисијата ја разгледа следнава Информација:**

- Информација за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави.

**Други активности и средби:**

На 3 ноември 2020 година, претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност, Миле Талевски заедно со заменик-претседателот Илија Николовски, остварија средба со амбасадорката на Кралството Велика Британија, Рејчел Галовеј.

На 16 декември 2020 година, на покана на Секретаријатот на ПС на НАТО во соработка со ДВАФ - Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, членови и заменици членови на Комисијата за одбрана и безбедност учествуваа на Вебинар за парламентарниот надзор над военото разузнавање. Вебинарот беше наменет за постојаните делегации во ПС на НАТО и за членови на релевантните парламентарни комисии надлежни за парламентарниот надзор и безбедносните прашања во земјите членки на НАТО, како и за нивните стручни служби.

.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 10 |
| Вкупно разгледани точки | | 20 |
| **Поднесени амандмани** | | **3** |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 9 |
| | 2 читање | 3 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| одлуки | | 7 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-функционирање на политичкиот систем,
-менување на границите на Републиката,
-државните симболи и нивната употреба,
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство,
- амнестија и помилување,
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето,
-матична евиденција и заштита на личните податоци,
-лични имиња, лични карти и патни исправи,
- попис на населението,
- системот на јавното информирање,
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
-избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Северна Македонија, членовите на советите и градоначалниците,
-референдум,
-народниот правобранител,
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи,
-одликувања, признанија и награди,
-празниците на Република Северна Македонија,
-организација на државната управа,
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците,
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на политичките системи и односите меѓу заедниците и
-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СОЊА МИРАКОВСКА,** претседател | |
| | **МАРТИН КОСТОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Снежана Калеска- Ванчева | |
| 2. | Бејџан Иљас | |
| 3. | Енес Ибрахим | |
| 4. | Дарко Каевски | |
| 5. | Љатифе Шиковска | |
| 6. | Гордана Сиљановска-Давкова | |
| 7. | Дарко Костовски | |
| 8. | Тимчо Муцунски | |
| 9. | Дајанчо Ефтимов | |
| 10. | Ели Панова | |
| 11. | Љупчо Пренцов | |
| 12. | Берат Ајдари | |
| 13. | Бајрам Кадрија | |
| 14. | Скендер Реџепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фадил Зендели | |
| 2. | Марија Ангелова | |
| 3. | Панчо Минов | |
| 4. | Жаклина Лазаревска | |
| 5. | Бети Рабаџиевска-Наумовска | |
| 6. | Ангелина Петкова | |
| 7. | Кирил Пецаков | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Иван Стоилковиќ | |
| 10. | Александар Николоски | |
| 11. | Жаклина Пешевска | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| 13. | Арта Билали- Зендели | |
| 14. | Артина Ќазими | |

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е постојано работно тело основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

*Во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година,*

*Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржа **9** седници од кои една остана незавршена со една преостаната точка. На нив беа поставени **15** точки а разгледани се вкупно **14** точки и сите беа предлози на закони.*

На седниците на Комисијата беа разгледани следниве закони:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси;

-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на укажувачи;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од пратениците Никола Мицевски и Сурија Рашиди;

-Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници -И читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Костадин Костадинов, Снежана Калеска Ванчева, Кастриот Реџепи, Арта Билали Зендели, Арбер Адеми, Бисера Костадиновска Стојчевска,Илија Николовски, Марија Ангелова, Соња Михаиловска, Зеќир Рамчиловиќ, Даниела Колева, Мирослав Јовановиќ, Панчо Минов, Лолита Ристова, Лидија Тасевска, Марија Костадинова, Белкиса Зеќири, Жаклина Лазаревска, Бети Рабаџиевска Наумовска, Соња Мираковска, Сашко Николов, Маја Морачанин, Миле Талевски, Мирослав Богдановски, Драгица Ѓавочанова, Фадил Зендели, Бастри Бајрами, Лазе Таневски и Емилија Рамбабова;

-Предлог на закон за изменување на Законот за лично име;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија;

-Предлог на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии;

-Предлог на закон за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, по скратена постапка и

-Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени, по скратена постапка, поднесен од пратениците Љатифе Шиковска, Снежана Калеска Ванчева, Жаклина Лазаревска и Маја Морачанин.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 9 |
| Вкупно разгледани точки | 14 |
| **Поднесени амандмани** | **-** |

| | | |
|---|---|---|
| Закони по области | политички систем | 14 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 5 |
| | 2 читање | 4 |
| | скратена и итна | 5 |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Северна Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство,

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Северна Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Северна Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Северна Македонија.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АНТОНИЈО МИЛОШОСКИ,** претседател | |
| | **ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Кастриот Реџепи | |
| 3. | Лидија Тасевска | |
| 4. | | |
| 5. | Соња Мираковска | |
| 6. | Ане Лашкоска | |
| 7. | Тимчо Муцунски | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Марија Петрушевска | |
| 10. | Арбер Адеми | |
| 11. | Арта Билали-Зендели | |
| 12. | Сафије Садики-Шаини | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Николовски | |
| 2. | Миле Талевски | |
| 3. | Бастри Бајрами | |
| 4. | Енес Ибрахим | |
| 5. | Бејцан Иљас | |
| 6. | Љупчо Димовски | |
| 7. | Даниела Христова | |
| 8. | Љупчо Пренцов | |
| 9. | Александар Николовски | |
| 10. | Арбана Пашоли | |
| 11. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 12. | Абдула Салиу | |

*Во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година, Комисијата за надворешна политика и односи меѓу заедниците закажа 9 седници од кои 7 се одржаа од кои една седница е незавршена со 8 преостанати точки и две седници не*

*се одржаа. На нив беа поставени 31 точка а разгледани се вкупно 21 точка.*

**Меѓународна активност на Комисијата во Собранието на Република Северна Македонија**

Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Северна Македонија, остварија виртуелна средба со делегација, составена од поранешни европратеници во Европскиот парламент, предводени од поранешниот претседател на ЕП, д-р Ханс Герт Потеринг.

Свое обраќање имаше претседателот на Комисијата за надворешна политика, г. Антонијо Милошоски, како и претседателот и членот на Комисијата за европски прашања, г. Арбер Адеми и г-ѓа Снежана Калеска Ванчева на 6 октомври 2020 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 21 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | - |

| | | |
|---|---|---|
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | 12 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| прашања и предлози | | - |
| платформи на амбасадори | | 8 |
| **ислушување на амбасадори** | | - |
| **јавни расправи** | | - |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;
-следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската Унија, вклучувајќи ги програмите за финансиска помош;
-следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија, како и на предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија;
-следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
-анализирање на последиците од пристапување на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и подготвува извештаи во врска со истите;
-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската Унија;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБЕР АДЕМИ,** претседател | |
| | **АРТА БИЛАЛИ-ЗЕНДЕЛИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 3. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 4. | Фаница Николоска | |
| 5. | Костадин Костадинов | |
| 6. | Лолита Ристова | |
| 7. | Жаклина Пешевска | |
| 8. | Даниела Христова | |
| 9. | Марија Петрушевска | |
| 10. | Тимчо Муцински | |
| 11. | Антонијо Милошоски | |
| 12. | Никола Мицевски | |
| 13. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 14. | Халил Снопче | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Николовски | |
| 2. | Лидија Тасевска | |
| 3. | Мартин Костовски | |
| 4. | Бисера Костадиновска-Стојчевска | |
| 5. | Бети Рабаџиевска-Наумовска | |
| 6. | Славјанка Петровска | |
| 7. | Љупчо Димовски | |
| 8. | Мирче Аџиоски | |
| 9. | Гордана Сиљановска-Давкова | |
| 10. | Дафина Стојаноска | |
| 11. | Александар Николоски | |
| 12. | Олга Лозановска | |
| 13. | Вјолца Адеми | |
| 14. | Абдула Салиу | |

*Во изминатиот извештаен период Комисијата одржа* ***7 седници*** *на кои*

*разгледа **11 точки** и оствари повеќе активности од своите надлежности.*

- во рамките на следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на ЕУ разгледа 15 законски предлози со ЕУ знак, во прво и второ читање и по скратена постапка, при што констатира дека се прифатливи за понатамошно читање од аспект на нивната усогласеност со правото на ЕУ;

-одржа една Јавна расправа за Предлог законот за заштита од дискриминација, која беше во организација на Комисијата за европски прашања и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. (20 ноември 2020 година)

**Реализирани средби на претседателот на Комисијата, г.Арбер Адеми**

-Претседателот на Комисијата, г. Арбер Адеми оствари средба со Н.Е г. Кристијан Тимоние амбасадор на Република Франција во Република Северна Македонија; (23 септември 2020 година)

**2. Меѓународна активност на Комисијата**

**2.1. Меѓународна активност на претседателот на Комисијата во Собранието на Република Северна Македонија**

Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми

-имаше свое обраќање на виртуелната 18-та Меѓународна младинска конференција на тема: "Европските вредности за иднината на земјите во ЈИЕ, на која зедоа учество претставници на млади од 16 земји„ (10 ноември 2020 година)

-учествуваше и се обрати на виртуелната Конференција, во организација на Парламентот на Црна Гора и Центарот за демократска транзиција на тема: "Западен Балкан и ЕУ: Демократска консолидација преку исполнување на политичките критериуми". (13 ноември 2020 година)

-учествуваше на работилницата, органзирана од Институт за демократија „Социетас Цивилис" (ИДСЦС) во соработка со г. Франсоа Лафонд, советник во СЕП, при што имаше обраќање на сесијата „Патокозот на Северна Македонија до ЕУ, по Европско 2021, предизвикот наречен Европска Унија". (26 ноември 2020 година)

- учествуваше на дводневната виртуелна Конференцијата на комисиите за европски прашања на земјите ЕУ членки-КОСАК, што се оддржа во Берлин, во рамките на Германското претседателство со ЕУ. (29-30 ноември 2020 година)

-учествуваше на виртуелна Интерпарламентарна комисиска средба на тема: „Западен Балкан: 25 години по Договорот од Дејтон", која се оддржа во Брисел, во организација на Комисијата за надворешни работи- АФЕТ, во Европскиот парламент. (2 декември 2020 година)

**2.2. Меѓународна активност на Комисијата во Собранието на Република Северна Македонија.**

Комисијата за европски прашања и Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Северна Македонија, оствария виртуелна средба со делегација на поранешни европратеници во Европскиот парламент, предводени од поранешниот претседател, д-р Ханс Герт Потеринг.

Свои обраќања имаа претседателот и членот на Комисијата за европски прашања, г. Арбер Адеми и г-ѓа Снежана Калеска Ванчева, како и претседателот на Комисијата за надворешна политика, г. Антонијо Милошоски. (6 октомври 2020)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | 11 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 7 |
| | 2 читање | 4 |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,
-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,
-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,
-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,
-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,
-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,
-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членови на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,
-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,
-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,
-донесување акти за кои е овластена од Собранието,
-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,
-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,
-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,
-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,
-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието,

доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,
-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во “Службен весник на Република Северна Македонија”,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на изборите и именувањата и
-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија е постојано работно тело на Собранието основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 64/17, 73/17 и 33/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 207/19), во која се утврдени бројот на членовите и на замениците членови на комисијата и нејзината надлежност. Комисијата има претседател, заменик претседател, 12 члена и нивни заменици.

| **Ред. Број** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | |
|---|---|---|
| | **КОСТАДИН КОСТАДИНОВ,** претседател | |
| | **ЈОВАН МИТРЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан мИсовски | |
| 2. | Диме Велковски | |
| 3. | Фаница Николоска | |
| 4. | Фадил Зендели | |
| 5. | Мерита Колчи Коџацику | |
| 6. | Арбен Зибери | |
| 7. | Антонијо Милошоски | |
| 8. | Александар Николоски | |
| 9. | Дафина Стојаноска | |
| 10. | Игор Јанушев | |
| 11. | Никола Мицевски | |
| 12. | Сурија Рашиди | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Дарко Каевски | |
| 4. | Мартин Костовски | |
| 5. | Берат Ајдари | |
| 6. | Арта Билали Зендели | |
| 7. | Владо Мисајловски | |
| 8. | Благица Ласовска | |
| 9. | Ане Лашкоска | |
| 10. | Марија Петрушевска | |
| 11. | Кирил Пецаков | |
| 12. | Хусни Исмаили | |

Персоналниот состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е утврден согласно Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 205/20) и Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 284/20).

*Во Извештајниот период од 4 август до 31 декември 2020 година Комисијата за прашања на изборите и именувањата оддржа вкупно **седум седници** на кои беа поставени **33 точки.***

Во Извештајниот период, Комисијата ги утврди следниве Предлог на одлуки:

- Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија;
- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија;
- Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,
- Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија,
- Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави,
- Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија;
- Предлог на одлука за именување на член на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);
- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);
- Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);
- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);
- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО);

- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;

- Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);

- Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

- Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици на членови на Националниот совет за евроинтеграции.

Во Извештајниот период, Комисијата ги утврди следниве Предлози:

- Предлог за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија и
- Предлози за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Во рамките на своите надлежности, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесе и поединечни акти - Решенија за плата на избрани и именувани лица, Решенија за остварување право на плата по престанок на функцијата на поранешни функционери, Решенија за надоместок на закупнина на стан на пратеници и Решенија за остварување право на отпремнина при заминување во пензија на поранешни пратеници.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | **7** |
| Вкупно разгледани точки | **33** |
| одлуки | 17 |
| листи | 3 |
| решенија | - |
| барања | 8 |
| разно | 4 |
| **јавни расправи** | 1 |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ХАЛИЛ СНОПЧЕ**, претседател | |
| | **СУРИЈА РАШИДИ**, заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фадил Зендели | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 4. | Маја Морачанин | |
| 5. | Бети Рабаџиевска - Наумовска | |
| 6. | Драгица Ѓавочанова | |
| 7. | Александар Велјановски | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 10. | Рашела Мизрахи | |
| 11. | Ангелинка Петкова | |
| 12. | Рина Ајдари | |
| 13. | Исмаил Јахоски | |
| 14. | Елми Азири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Белкиса Зеќири | |
| 3. | Марија Ангелова | |
| 4. | Даниела Маркоска | |
| 5. | Коле Чаракчиев | |
| 6. | Мирослав Богдановски | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Димитар Апасиев | |
| 9. | Ане Лашкоска | |
| 10. | Дарко Костовски | |
| 11. | Златко Пенков | |
| 12. | Фисние Бектеши Шаќири | |
| 13. | Арбана Пашоли | |
| 14. | Илире Даути | |

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

Во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот закажа две седници кои не беа одржани.

# Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање на граѓаните и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЉУПЧО ПРЕНЦОВ,** претседател |
| | **ДАРКО КОСТОВСКИ,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Славјанка Петровска |
| 2. | Павле Трајанов |
| 3. | Мирослав Јовановиќ |
| 4. | Бастри Бајрами |
| 5. | Борислав Крмов |
| 6. | Александар Николоски |
| 7. | Вјолца Адеми |
| 8. | Елми Азири |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Јован Митрески |
| 2. | Боби Мојсоски |
| 3. | Марија Костадинова |
| 4. | Соња Михаиловска |
| 5. | Зоранчо Јованчев |
| 6. | Петар Ристески |
| 7. | Бајрам Кадрија |
| 8. | Илире Даути |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање не одржа седници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите,

-утврдување на законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на овластените органи (ОТА),

-утврдување на ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки,

-изготвување извештај за извршениот надзор,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и

-други прашања што се однесуваат на овластените органи (ОТА) за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИГОР ЈАНУШЕВ,** претседател | |
| | **ПЕТАР РИСТЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славјанка Петровска | |
| 2. | Бране Петрушевски | |
| 3. | Артина Ќазими | |
| 4. | Сафије Садики Шаини | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Синиша Стојановски | |
| 3. | Бедри Фазли | |
| 4. | Елми Азири | |

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени

со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

*Комисијата во овој извештаен период одржа **три седници** на кои разгледа **девет точки**.*

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 7 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

*Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година има одржано* ***10 седници*** *со вкупно* ***28 точки*** *на дневен ред. Од овие 10 седници 7 се завршени, додека 3 незавршени седници. Од вкупно 28 точки на дневен ред Комисијата има разгледано 20 точки и тоа: 3 Предлози на закони во прво читање, 3 Предлози на закони во второ читање, 10 Предлози на закони по скратена постапка, Предлог на Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, 1 Извештај и Предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година*

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТИМЧО МУЦУНСКИ,** претседател | |
| | **МАРИЈА ПЕТРУШЕВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Костадин Костадинов | |
| 2. | Лазе Таневски | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Диме Велковски | |
| 6. | Биљал Касами | |
| 7. | Иван Јорданов | |
| 8. | Зоранчо Јованчев | |
| 9. | Бојан Стојаноски | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| 11. | Дафина Стојаноска | |
| 12. | Арта Билали Зендели | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Елми Азири | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Коле Чаракчиев | |
| 2. | Даниела Маркоска | |
| 3. | Кастриот Рецепи | |
| 4. | Лолита Ристова | |
| 5. | Драгица Ѓавочанова | |
| 6. | Јован Митревски | |
| 7. | Бране Петрушевски | |
| 8. | Игор Здравковски | |
| 9. | Рашела Мизрахи | |
| 10. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 11. | Бети Стаменкоска -Стојкоска | |
| 12. | Исмаил Јахоски | |
| 13. | Бајрам Кадрија | |
| 14. | Илире Даути | |

Во извештајниот период Комисијата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година. На Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република

Северна Македонија за 2020 година беа поднесени вкупно 186 амандмани од овластени предлагачи. Во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по сите поднесени амандмани. Комисијата за финансирање и буџет усвои 8 амандмани поднесени од овластени предлагачи и поднесе и усвои еден амандман на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Согласно со членот 33 став 7 од Законот за буџетите за прераспределби помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите одлучува Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата за финансирање и буџет согласно со своите надлежности ја разгледа Предлог на одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Целта на предложената Одлука беше е обезбедување на средства за набавка со непосредна спогодба на недвижни ствари сопственост на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, кои се наоѓаат во административно-деловниот објект на улица „Филип Втори Македонски" број 11 во Скопје во вкупна површина од 6770 м², за постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, државна гарантна шема за Развојна банка, подмирување на обврски на јавните здравствени установи, исплата на државна помош по основ на склучени договори, склучување на вонсудски спогодби со поранешните вработени од СЈО за подмирување на обврските за плати и надоместоци, исплата на еднократен паричен надоместок за медицински лица и помошен персонал ангажирани за третман на пациенти заболени од ЦОВИД-19, како и обезбедување на средства за подмирување на тековните приоритетни обврски на одредени буџетски корисници.

Имајќи ја в предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, забелешки и предлози по однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. На Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година беа поднесени вкупно 528 амандмани. Во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по 75 амандмани. Комисијата за финансирање и буџет усвои 9 амандмани поднесени од овластени предлагачи и поднесе и усвои 9 амандмани на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2019 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица. Целта на предложените измени и дополнувања на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица е да се даде можност граѓаните да извршат целосен поврат на данокот на додадена вредност за прометот реализиран преку фискалните сметки кои ќе бидат издадени за периодот на 10, 11 и 12 октомври 2020 година. Највисокиот износ за кој граѓаните би имале право на враќање на целиот износ на данок изнесува 30.000 денари вкупен промет регистриран во сите фискални сметки кои се издадени на 10, 11 и 12 октомври 2020 година. Овој износ не влијае на износот опишан во членот 3 од Законот согласно кој граѓаните имаат право на враќање на дел од данокот на додадена вредност. Доколку физичкото лице надмине 30.000 денари збирен промет од сите фискални сметки издадени на 10,11 и 12 октомври, за делот кој надминува 30.000 денари збирен промет физичкото лице ќе има право на враќање на дел од данокот на додадена вредност согласно членот 3 од Законот. Фискалните сметки кои ќе бидат цел на целосен поврат на данокот на додадена вредност ќе може да се скенираат преку апликативниот софтвер на Управата за јавни приходи најдоцна 3 дена од рокот на издавање, а враќањето на целосниот износ на данок ќе се врши најдоцна 15 дена од денот на издавање на фискалната сметка.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со ЦОВИД-19 во Северна Македонија. Основна цел на овој проект е да се спречи, открие и да се одговори на заканата од коронавирусот ЦОВИД-19 и да се зајакнат националните системи за подготвеност на јавното здравство во државата. Вкупната вредност на проектот изнесува 90 милиони евра и истиот ќе се имплементира преку Единица за имплементација на проектот, која веќе функционира во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Бенефитите од проектот ќе ги почувствуваат целокупното население земајќи ја во предвид природата на заболувањето, заразените лица, популацијата под ризик, особено старите лица и лицата со хронични болести, медицинскиот

персонал, медицинските институции и институциите за тестирање како и јавните здравствени институции ангажирани за справување со коронавирусот ЦОВИД-19. Како корисници ќе се вклучат и лицата кои имаат потреба од ублажување на социјалното влијание (социјална заштита) преку обезбедување на социјални трансфери.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот ЦОВИД-19 за месеците октомври, ноември и декември 2020 година. целта на Предлог-Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизви-кана од коронавирусот ЦОВИД-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година е обезбедување на финансиска поддршка за вршителите на самостојна дејност во последниот квартал од 2020 година. За разлика од Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот ЦОВИД-19, за време на вонредната состојба која предвидуваше финансиска поддршка за исплата на финансиски средства за месеците април, мај и јуни 2020 година во износ од 14.500 денари, со овој предлог на закон се предлага повисок износ на финансиска поддршка за исплата на финансиски средства за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, односно 17.410 денари по лице кое е вршител на самостојна дејност. За да има право на користење на финансиска поддршка, физичкото лице кое врши самостојна дејност барател на финансиска поддршка кој се оданочува според вистински доход, потребно е месечниот просек на вкупните приходи од неговото редовно работење остварени во период од април 2020 година заклучно со месец октомври 2020 година, ноември 2020 година или декември 2020 година да се намалени најмалку за 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во период од месец април 2019 година заклучно со месец октомври 2019 година, ноември 2019 година или декември 2019 година. Со предлог законот се прецизира дека за физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход, а искористило финансиска поддршка согласно овој закон и согласно уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизви-кана од коронавирусот ЦОВИД-19 за време на вонредната состојба, износот на финансиска поддршка кој има обврска согласно со овој закон и согласно со уредбата со законска сила да го врати во Буџетот, кумулативно да не може да го надмине износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен

за износот на непризнаените расходи за даночни цели. Со спроведување на овој предлог на закон се очекува директно да им се помогне на овие лица во справувањето со последиците од корона вирусот и во подобрување на нивната ликвидност.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизви-кана од вирусот ЦОВИД-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, (по скратена постапка). Со донесување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизви-кана од коронавирусот, заради исплата на платите за месеците април, мај и јуни 2020 година од страна на Владата се обезбеди финансиска поддршка за исплата на платите на работниците кај работодавачот-барател на финансиска поддршка за месеците април, мај и јуни 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник, согласно со работното време на кое е пријавен работникот, намалено за работното време за кое работникот остварува надоместок на плата кој не паѓа на товар на работодавачот. Со цел да се обезбеди понатамошна поддршка на работодавачите во справувањето со последиците од коронавирусот се предлага мерката за финансиска поддршка за исплата на плати да продолжи да важи и за последниот квартал од годината, односно и за месеците октомври, ноември и декември 2020 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност. Со цел овозможување на ослободување од данокот на додадена вредност за донации дадени на буџетски корисници за справување со ЦОВИД-19, се воведуваат одредби за даночно ослободување. Со цел да се стимулира поголема конкурентност на занаетчиската дејност се воведе намалување на стапката од 18% на 5% за одредени занаетчиски услуги. Исто така, се намали стапката од 18% на 10% за ресторански и кетеринг услуги со цел намалување на сивата економија, пониски цени на граѓаните, како и поголема ликвидност на услужниот сектор. Според постојните одредби во Законот за данокот на додадена вредност плаќањето на данокот на додадена вредност се врши во рок од 25 дена по истекот на даночниот период за кој се поднесува даночна пријава. Во тој контекст со цел за ликвидносна поддршка на компаниите се одложи плаќањето на данокот на додадена вредност за дополнителни пет дена.

Комисијата го разгледа и Предлогот на Закон за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на

право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници. Пандемијата предизвикана од ЦОВИД 19 има силно негативно влијание врз граѓаните, компаниите и економијата во целост. Заради амортизирање на ударот и ревитализирање на економијата, Владата на Република Северна Македонија од март до октомври 2020 година има донесено четири сета на економски мерки насочени кон рестарт на економијата, стимулирање на потрошувачката и промоција на домашната понуда. Во рамките на Четвртиот сет на економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на ЦОВИД-19 донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија во септември 2020 година, усвоена е мерка за издавање на домашна платежна картичка која ќе може да се користи од страна на таргетираните групи на граѓани за плаќање на домашни производи и услуги. Се посочи дека поради потребата од брза реализација на мерката и заштеда на време потребно за печатење на платежни картички, мерката ќе се реализира преку исплаќање на средства на постоечка трансакциска сметка на граѓаните кои веќе поседуваат сметка во банка и дебитна картичка за користење на средствата од истата. За граѓаните кои немаат трансакциска сметка во банка, средствата ќе бидат исплатени на трансакциска сметка која ќе треба да ја отворат кај една од банките која склучила договор со Владата, при што во овој случај банките ќе треба да издадат дебитна картичка од причина што применатa финансиска поддршка може да се користи исклучиво со употреба на дебитна платежна картичка. Основната цел на предложеното законско решение е на краток рок да го амортизира ударот врз економијата предизвикан од пандемијата на ЦОВИД 19 преку директна финансиска поддршка за граѓаните и стимулирање на домашната потрошувачка на производи и услуги. Дополнително, оваа мерка се очекува да даде и други значајни подолгорочни ефекти на патот кон современото општество, како што се подигнување на свеста за купување и користење на домашни производи и услуги, промена на навиките на граѓаните во насока на стимулирање на безготовинските плаќања и употребата на платежните картички, зголемување на интересот кај трговците за инсталирање на ПОС терминали, што се очекува да влијае и на намалување на сивата економија и промена на навиките на граѓаните. Ваква слична мерка, преку концептот на издавање на домашна платежна картичка веќе беше имплементирана во периодот јуни-август 2020 година, како дел од Третиот сет на мерки донесен од страна на Владата во мај 2020 година и истата даде одлични резултати во насока на ублажување на падот на економската активност во третиот квартал од оваа година. Имено, вкупно 309.337 граѓани користеа домашна платежна картичка,

а вкупниот реализиран промет изнесуваше 26,5 милиони денари. Овие средства беа директно инјектирани во економијата во период од два месеци и покрај директната поддршка на целна група на граѓани во соочувањето со Ковид кризата, ја поттикнаа приватната потрошувачка на домашни производи и услуги и на кус рок го амортизираа ударот врз економијата.

Комисијата за финансирање и буџет на 13 ноември 2020 година во рамки на петтата седница одржа Надзорна расправа на тема: ,,Утврдување на причините и извршувањето на законите во постапката за доведување до стечај на Еуростандард банка АД Скопје".

На расправата покрај претседателот на Комисијата д-р Тимчо Муцунски, присуствуваа и членовите на Комисијата Костадин Костадинов, Марија Георгиевска, Панчо Минов, Диме Велковски, Иван Јорданов, Зоранчо Јованчев, Бојан Стојаноски, Дафина Стојаноска, Арбер Адеми, Арта Биљали Зендели и Ељми Азири, заменикот на претседателот на Комисијата Марија Петрушевска и замениците членови на Комисијата Даниела Марковска, Кастриот Реџепи, Лолита Ристова, Јован Митрески, Бране Петрушевски, Бети Стаменкоска Трајкоска, Бајрам Кадрија и Илире Даути. На седницата присуствуваа координаторот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, Никола Мицевски, пратениците Гордана Сиљановска Давкова, Лидија Тасевска, Бастри Бајрами, Љупчо Димовски, Мирослав Јовановиќ, Ели Панова, Ѓорѓија Сајкоски, Антонијо Милошоски, Благица Ласовска, Дајанчо Ефтимов, Снежана Калеска Ванчева, Петар Ристески, Златко Пенков, Љупчо Пренцов, Димитар Апасиев, Јадранка Поцкова, Анѓелинка Петкова, Синиша Стојаноски, Фадиљ Зендели, Александар Николовски и Лидија Петковска.

Претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, д-р Тимчо Муцунски, во своето воведно обраќање истакна дека ова е прва надзорна расправа која ја спроведува Комисијата за финансирање и буџет, согласно со Законот за Собранието на Република Северна Македонија, а која непосредно се однесува на делот од надзорната надлежност на законодавната власт. Согласно со членот 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата и другите носители на политички функции кои се одговорни пред него и во рамките на вршењето на работите од својата надлежност има право да донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци. Надзорната расправа е еден од предвидените механизми за парламентарен надзор и контрола на законодавната власт над работата на извршната власт, како и инструмент за надзор на спроведувањето на законите од страна на Владата и другите државни институции.

Претседателот Муцунски

изрази надеж дека надзорната расправа ќе привлече внимание кај јавноста, државните институции и засегнатите страни и дека истата ќе придонесе да се добијат повеќе исклучително важни одговори во однос на тоа, дали се превземени сите неопходни дејствија од страна на надлежните институции за прашањето кое е тема на надзорната расправа. Муцунски посочи дека оваа надзорна расправа е од особено големо значење за граѓаните на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, со основна цел да се добијат конкретни и релевантни информации и стручни мислења, во врска со спроведувањето на политиките и извршувањето на законите. Покрај големиот интерес на граѓаните и засегнатите страни, надзорната расправа е значајна и заради зачувувањето на монетарната и финансиската стабилност на државата и заштитата на стабилноста, сигурноста и функционалноста на нашиот банкарски систем, како и во насока во иднина превентивно да бидат спречени вакви или слични случувања. Надзорната расправа, посочи д-р Муцунски, ќе придонесе Комисијата да има реална слика и да ги добие сите неопходни релевантни информации во однос на причините кои доведоа до отворање на постапката за стечај на Еуростандард банка АД Скопје, како и за извршувањето на законите од страна на надлежните институции пред да започне и во рамките на актуелниот тек на стечајната постапка, што ќе бидат реална основа за Комисијата да може да донесе и конкретни заклучоци во однос на имплементацијата на законите и подзаконските акти кои ја регулираат оваа област.

На надзорната расправа во улога на сведоци устни искази и одговори на поставените прашања дадоа гувернерот на Народната банка г-ѓа Анита Ангеловска-Бежоска, јавниот обвинител г.Љубомир Јовески, министерот за финансии г. Фатмир Бесими, директорот на Управата за финансиска полиција г. Арафат Муареми, директорот на Управата за финансиско разузнавање г.Блажо Трендафилов, академик г. Абдулменаф Беџети, професор г.Никола Поповски, член на МБПР, професор г. Глигор Бишев, член на Македонската банкарска асоцијација, г. Трифун Костовски, мнозински акционер во Еуростандард банка и г-ѓа Оливера Клинчарова, член на иницијативниот одбор на Здружението на оштетени физички и правни лица ,,Правда за штедачи".

Во текот на надзорната расправа прашања до овластените претставници (сведоци) поставија претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, Тимчо Муцунски и пратениците г.Антонијо Милошоски, г.Димитар Апасиев, г. Ељми Азири, г. Јован Митрески, г. Зоранчо Јованчев, г. Александар Николовски, г-ѓа Снежана Калеска Ванчева, г-ѓа Марија Георгиевска, г. Ѓорѓија Сајкоски, г. Љупчо Пренџов, г. Диме Велковски, г-ѓа Благица Ласовска, г-ѓа Лолита Ристова, г. Бране Петрушевски, г.

Арбер Адеми, г. Бојан Стојановски, г. Златко Пенков, г. Кастриот Реџепи, г-ѓа Бети Старменкоска-Трајкоска, г-ѓа Арта Биљали, г-ѓа Лидија Петковска и г. Панчо Минов.

Од причини што беше исцрпена листата на присутни учесници (сведоци) на надзорната расправа, претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, Тимчо Муцунски ја прекина седницата. Тој информираше дека Комисијата за финансирање и буџет врз основа на расправата и сите дадени искази, доставени материјали и информации дополнително ќе одлучи дали има потреба да се поканат други сведоци или да се разјаснат одредени прашања со барање на дополнителни информации. Доколку, Комисијата донесе одлука дека ги има исцрпено сите извори на информации и заклучи дека располага со доволно податоци ќе предложи заклучоци и препораки и на координација ќе го утврди датумот за одржување на продолжението на надзорната расправа на кое истите ќе бидат ставени за усвојување.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 10 |
| Вкупно разгледани точки | | 28 |
| **Поднесени амандмани** | | **11** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 20 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 3 |
| | 2 читање | 3 |
| | скратена и итна | 12 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 2 |

| | |
|---|---|
| информации, извештаи, програми, планови | 5 |
| уставни измени | - |
| иницијативи, стратегии | - |
| други акти | - |
| **јавни расправи** | **-** |
| **надзорни расправи** | **1** |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и моно-полско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| **Ред. Број** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | |
|---|---|---|
| | **ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ**, претседател | |
| | **МИРОСЛАВ БОГДАНОВСКИ**, заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Коле Чаракчиев | |
| 3. | Панчо Минов | |
| 4. | Љупчо Димовски | |
| 5. | Стојан Миланов | |
| 6. | Иван Јорданов | |
| 7. | Зоранчо Јованчев | |
| 8. | Рина Ајдари | |
| 9. | Бедри Фазли | |
| 10. | Илире Даути | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Боби Мојсоски | |
| 2. | Марија Георгиева | |
| 3. | Јован Митревски | |
| 4. | Ели Панова | |
| 5. | Здравко Трајанов | |
| 6. | Петар Ристески | |
| 7. | Лидија Петкоска | |
| 8. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 9. | Вјолца Адеми | |
| 10. | Атнан Незири | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

*Комисијата за економски прашања во периодот од 4 август до 31 декември 2020 година има одржано **2 седници** со вкупно **3 точки** на дневен ред и тоа два предлог на закони во скратена постапка и еден извештај.*

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба. Целта на предложениот закон е Република Северна Македонија да ги заштити своите имотни права преку стекнување на 100% сопственост во АД ГА-МА Скопје. Со Законот за енергетика кој е донесен во 2018 година предвидено е да се изврши сопственичко раздвојување на операторот на системот за пренос на природен гас, односно исто правно лице нема право во исто време да врши дејност на оператор на системот за пренос на природен гас и дејностите трговија или снабдување со природен гас. Во моментов, во Република Северна Македонија, со системот за пренос на

природен гас, управува ГА-МА АД Скопје, а сопственици на истата се Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД Скопје. МАКПЕТРОЛ АД Скопје поседува и фирма за снабдување со природен гас, што е во спротивност со одредбите од Законот за енергетика кои се однесуваат на сопственичкото раздвојување.

Исто така, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за регистрација на возила со странски регистерски таблици на територијата на Република Северна Македонија. Со него се овозможува возилата да се регистрираат со намалени давачки и се предвидува да важи една година од денот на неговото влегување во сила. Сопственикот или корисникот, односно лицето овластено за отуѓување на возилото или лицето кое ќе го купи возилото ќе има можност да го регистрира возилото согласно овој закон. Давачките за регистрација на возилата со странски регистерски таблици се намалуваат за 50% од утврдената вредност на сите давачки кои се наплатуваат при увоз од страна на надлежните државни органи.

Согласно со законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2019 година кој содржи детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и детални информации за материјално- финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 2 |
| Вкупно разгледани точки | 3 |
| **Поднесени амандмани** | **-** |

| | | |
|---|---|---|
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 2 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело, основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа Одлука ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ**, - претседател | |
| | **ДАЈАНЧО ЕФТИМОВ**, - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Панчо Минов | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Боби Мојсоски | |
| 4. | Бастри Бајрами | |
| 5. | Зоранчо Јованчев | |
| 6. | Здравко Трајанов | |
| 7. | Златко Пенков | |
| 8. | Берат Ајдари | |
| 9. | Бајрам Кадрија | |
| 10. | Атнан Незири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Даниела Колева | |
| 2. | Драгица Ѓавочанова | |
| 3. | Лолита Ристова | |
| 4. | Диме Велковски | |
| 5. | Петар Ристески | |
| 6. | Јадранка Поцкова | |
| 7. | Миле Лефков | |
| 8. | Исмаил Јахоски | |
| 9. | Бедри Фазли | |
| 10. | Халил Снопче | |

*Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Северна Македонија во период од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година, има одржано* ***2 седници*** *и 2 продолженија на седници на кои се разгледани вкупно* ***2 точки*** *на дневен ред кои комисијата ги разгледа како матично работно тело.*

Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа:

* еден предлог на закон во скратена постапка и
* една Информација за состојбите во лозаропреработувачкиот сектор во 2020 година, (Поднесена од пратениците: Зоранчо Јованчев, Александар Николовски, Никола Мицевски, Љупчо Димовски, Јадранка Поцкова, Дајанчо Ефтимов, Миле Лефков, Петар Ристески, Златко Пенков, Здравко Трајанов, Иван Јорданов, Дарко Костовски, Благица Ласовска, Ане Лашкоска, Гордана Сиљановска Давкова, Олга Лозановска, Рашела Мизрахи, Антонијо Милошоски, Владо Мисајловски, Александар Велјановски, Тимчо Муцунски, Иванка Василевска, Ели Панова, Жаклина Пешевска, Ангелика Петкова, Лидија Петкоска, Марија Петрушевска, Бране Петрушевски, Кирил Пецаков, Јован Јаулески, Игор Дурловски, Игор Janушев, Ѓорѓија Сајкоски, Велика Стојкова Серафимовска, Дафина Стојановска, Бојан Стојаноски, Синиша Стојаноски, Силвана Ангелевска, Бети Стаменкоска Трајкоска, Даниела Христова, Игор Здравковски, Стојан Миланов, Иван Стоилковиќ и Љупчо Пренцов); како јавна расправа со две продолженија на седницата на Комисијата;

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не предложи амандмани.

Комисијата ги разгледа следнвте точки на дневен ред:

во скратена постапка:

- Предлог на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот ЦОВИД-19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија.

**Јавна расправа**

- Информација за состојбите во лозаропреработувачкиот сектор во 2020 година.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство од овластени предлагачи беа поднесени вкупно 3 (три) амандмани и истите беа усвоени.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не беа доставени други материјали за разгледување.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период не одржа работни средби и веб конференции..

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | - |

| | | |
|---|---|---|
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10, 23/13 и 66/2017). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ,** - претседател | |
| | **СТОЈАН МИЛАНОВ,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Коле Чаракчиев | |
| 3. | Мирослав Богдановски | |
| 4. | Љупчо Балкоски | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Бојан Стојаноски | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Исмаил Јахоски | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Сурија Рашиди | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Диме Велковски | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Дарко Каевски | |
| 4. | Мирослав Јовановиќ | |
| 5. | Бране Петрушевски | |
| 6. | Мирче Аџиоски | |
| 7. | Љупчо Пренцов | |
| 8. | Арбана Пашоли | |
| 9. | Арбен Зибери | |
| 10. | Сафије Садики Шаини | |

*Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Северна Македонија во период од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година, има одржано* ***7 седници*** *на кои се разгледани вкупно* ***17 точки*** *на дневен ред кои*

*комисијата ги разгледа како матично работно тело.*

Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа:

- осум предлог на закони во прво читање,
- седум предлог на закони во второ читање
- еден предлог на закон во скратена постапка и
- еден годишен извештај за работа.

Комисијата согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, водеше општ претрес на 1 (еден) предлог - закон во прво читање и истиот не беше разгледан во второ читање од причина што сеуште не беше разгледан на седница на Собранието.

До Комисијата за транспорт, врски и екологија од овластени предлагачи поднесени беа вкупно 4 (четири) амандмани од кои усвоени се 2 (два) амандмани, а 2 (два) амандмани се повлечени од овластените предлагачи.

Комисијата за транспорт, врски и екологија не предложи амандмани.

Комисијата во периодот од од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следниве точки на дневен ред:

во редовна постапка (прво читање):

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за скијалишта;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем;
- Предлог на закон за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови;
- Предлог на закон за изменување на Законот за домување;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности;
- Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги;

во редовна постапка (второ читање):

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за скијалишта;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем;

- Предлог на закон за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови;
- Предлог на закон за изменување на Законот за домување;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности;

во скратена постапка:

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење;

Други материјали

- Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2019 година;

Комисијата за транспорт, врски и екологија во овој период не одржа работни средби.

Членови и заменици на членовите на Комисијата имаа учество на:

- Форумот за животна средина за Западен Балкан, кој се одржа во Подгорица, Црна Гора, во организација на Центарот за истражување и креирање политики, во рамки на соработката на Мрежата на школи за јавни политики при Советот на Европа и Школата за јавни политики „Мајка Тереза" и Германското друштво за меѓународна соработка - Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа за енергија, превоз и заштита на климата.
- Регионална Парламентарна веб-конференција на тема: "Медиумите на јавни услуги во транзиција: Предизвици со кои се соочуваат и како да се искористат за подобрување" во организација на Советот на Европа. Настанот беше во соработка со Комитетот за култура, наука и образование на медиумите на ПССЕ и беше упатен до членовите на Парламентите на Република Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина и Србија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 17 |
| **Поднесени амандмани** | | |
| Закони по области | политички систем | 16 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 8 |
| | 2 читање | 7 |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, („Службен весник на РСМ" број: 219/20; 237/20 и 284/20)*

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЖАКЛИНА ЛАЗАРЕВСКА,** претседател | |
| | **ЛОЛИТА РИСТОВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Бисера Костадиновска Стојчевска | |
| 2. | Дарко Каевски | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Драгица Ѓавочанова | |
| 5. | Кастриот Реџепи | |
| 6. | Силвана Ангелеска | |
| 7. | Гордана Силјановска Давкова | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Благица Ласовска | |
| 10. | Игор Здравковски | |
| 11. | Здравко Трајанов | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| 13. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 14. | Халил Снопче | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 4. | Љстифе Шиковска | |
| 5. | Емилија Рамбабова | |
| 6. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 7. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 8. | Јован Јаулески | |
| 9. | Миле Лефков | |
| 10. | Бети Стаменкоска Трајкоска | |
| 11. | Лидија Петкоска | |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Фисниќе Бектеши Шаќири | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Илире Даути | |

*Во периодот од 4 август до 31 декември 2020 година беа закажани пет седници на Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Северна Македонија. Од нив, четири седници се завршени, додека една седница е само започната со една точка на дневен ред. На дневните редови на седниците беа девет предлози на закони, од кои: 8 предлог закони во скратена постапка и еден предлог закон во прво читање.*

***Комисиска расправа по:***

**** предлог закони***

Комисијата во скратена постапка ги разгледа предлозите на закони за изменување и дополнување на законите за основното и средното образование со кои се регулираат начинот на организирањето на воспитно-образовната работа на основните и средните училишта во услови на кризна состојба, односно Ковид пандемија.

Во фокусот на Комисијата. во два наврати во скратена постапка беа измените и дополнувања на законите за ученичкиот и студентскиот стандард. Со предложените законски измени и дополнувања се регулира организирањето на дејноста на ученичките и студентските домови, како и доделувањето на средства на јавните ученички и студентски домови за исплата на плати на вработените во вонредни пандемиски околности.

Во скратена постапка, Комисијата расправаше и за измените и дополнувањата на Законот за научно-истражувачката дејност со кои се усоглосуваат прекршочните одредби со Законот за прекршоци, а се допрецизираат и правата и обврските на соработниците во научните установи.

Во редовно постапка, односно во прво читање Комисијата расправаше по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за високото обрзование, предложен од пратеници. Со овој законски предлог се уредува постапката за избор во звања, за засновање и за престанок на работниот однос на универзитетскиот кадар.

**** амандмани***

Комисијата водеше дебата по 25 амандмани поднесени од овластени предлагачи во деловнички утврдените рокови. Од нив три амандмани беа усвоени, а 22 амандмани не беа усвоени.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 9 |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | - |

| | | |
|---|---|---|
| | скратена и итна | 8 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| прашања и предлози | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

на значајни настани и личности.

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,

-заштита на природното и културното наследство во Република Северна Македонија,

-збогатување на историското и уметничкото творештво,

-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,

-афирмација и заштита на авторството и авторското право,

-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,

-издавачка дејност и библиотекарство,

-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,

-употреба и заштита на македонскиот јазик,

-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,

-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,

-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,

-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и

-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **КАСТРИОТ РЕЦЕПИ,** претседател | |
| | **ЗЕЌИР РАМЧИЛОВИЌ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Жаклина Лазаревска | |
| 2. | Љупчо Балкоски | |
| 3. | Енес Ибрахим | |
| 4. | Бети Стаменкоска-Трајкоска | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Даниела Христова | |
| 7. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 8. | Бајрам Кадрија | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Сурија Рашиди | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 2. | Љатифе Шиковска | |
| 3. | Соња Мираковска | |
| 4. | Иванка Василевска | |
| 5. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 6. | Игор Здравковски | |
| 7. | Стојан Миланов | |
| 8. | Арбен Зибери | |
| 9. | Мерита Колчи-Коџацику | |
| 10. | Артина Ќазими | |

*Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 64/17, 73/17, 33/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 207/19), Комисијата за култура*

*разгледува прашања од својот делокруг.*

*Во периодот од 4 август до 31 декември 2020 година Комисијата за култура одржа **две седници** на кои беа разгледани **две точки** на дневен ред.*

* Активности за подготовка на Предлог на програмата за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2021 година и

* Предлог на закон за остварување на јавниот интерес во културата – И читање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |

| | | |
|---|---|---|
| | јавни дејности | 1 |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-здравствената заштита на населението,

-здравственото осигурување,

-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,

-заштита од болестите на зависност и од СИДА,

-хигиенско-епидемиолошката состојба,

-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,

-санитарниот и здравствениот надзор,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и

-други прашања што се однесуваат на здравството.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБЕН ЗИБЕРИ,** претседател | |
| | **БЕДРИ ФАЗЛИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Сашко Николов | |
| 2. | Бети Рабаџиевска - Наумовска | |
| 3. | Ненад Коциќ | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Петар Ристески | |
| 6. | Кирил Пецаков | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Рашела Мизрахи | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Артина Ќазими | |
| **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Белкиса Зеќири | |
| 2. | Бејџан Иљас | |
| 3. | Маја Морачанин | |
| 4. | Емилија Рамбабова | |
| 5. | Јадранка Поцкова | |
| 6. | Дафина Стојаноска | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Александар Вељановски | |
| 9. | Арта Билали - Зендели | |
| 10. | Хусни Исмаили | |

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/17).

Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

На седниците на Комисијата за здравство се водат конструктивни дебати по прашањата, односно законите од здравствената дејност. Постојани соработници на Комисијата, се покрај ресорното министерство, Министерството за здравство, и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и коморите од областа на

здравството, а тоа се: Лекарската комора на Република Северна Македонија, Стоматолошката и Фармацевтската комора на Република Северна Македонија. До Комисијата за здравство се доставени повеќе дописи од невладини организации кои ја третираат здравствената дејност. Секој допис, редовно се проследува, така што се одржуваат работни средби на претседателот на Комисијата, членовите/замениците членови на Комисијата заедно со подносителот на барањето, односно дописот, со предлог мерки.

*Во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година, Комисијата за здравство одржа* ***3 седници*** *од кои една остана незавршена со една преостаната точка. На нив беа разгледани вкупно* ***3 точки*** *и сите беа предлози на закони.*

На седниците на Комисијата беа разгледани следниве точки:

* Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка;

* Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита - Прво читање;

* Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести - Прво читање и

* Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита во второ читање остана неразгледан.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 3 |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 1 |

| | |
|---|---|
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | - |
| декларации, резолуции | - |
| информации, извештаи, програми, планови | - |
| уставни измени | - |
| иницијативи, стратегии | - |
| други акти | - |
| **јавни расправи** | **-** |
| **надзорни расправи** | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ХУСНИ ИСМАИЛИ,** претседател | |
| | **СКЕНДЕР РЕЦЕПИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Жаклина Лазаревска | |
| 2. | Бисера Костадиновска Стојчевска | |
| 3. | Емилија Рамбабова | |
| 4. | Љатифе Шиковска | |
| 5. | Илија Николовски | |
| 6. | Благица Ласовска | |
| 7. | Силвана Ангелевска | |
| 8. | Рашела Мизрахи | |
| 9. | Јадранка Поцкова | |
| 10. | Ангелинка Петкова | |
| 11. | Арбен Зибери | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Марија Георгиевска | |
| 2. | Лолита Ристова | |
| 3. | Бејџан Иљас | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Лидија Тасевска | |
| 6. | Златко Пенков | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Синиша Стојановски | |
| 9. | Даниела Христова | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| 11. | Бајрам Кадрија | |
| 12. | Берат Ајдари | |

*Во периодот од 4 август до 31 декември 2020 година Комисијата за труд и социјална политика одржа* ***седум седници*** *од кои една остана незавршена со една преостаната точка. Беа разгледани* ***11 точки*** *и тоа два закона во прво читање, еден закон во второ читање, седум закони по скратена постапка и една одлука.*

**На првата седница на Комисијата се разгледаа 2 точки,**

* Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд по скратена постапка и

* Предлог на закон за изменување на Законот за инвалидски организации, по скратена постапка.

**На втората седница на Комисијата се разгледаа 2 точки,**

* Предлог на закон за изменување на законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка и

* Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка.

**На третата седница на Комисијата се разгледа 1 точка,**

* Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, прво читање.

**На четвртата седница на Комисијата се разгледаа 4 точки,**

* Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2020 година;

* Предлог на Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, прво читање;

* Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка и

* Предлог на Закон за дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка

**Петтта седница на Комисијата е закажана, но се уште не е утврден дневниот ред и седницата беше одложена.**

**На шесттата седница на Комисијата се разгледа 1 точка,**

* Предлог на закон за дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка.

**На седмата седница на Комисијата се разгледа 1 точка,**

* Предлогот на законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, второ читање.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 7 |
| Вкупно разгледани точки | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 11 |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 7 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| **јавни расправи** | | - |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Северна Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.85/14), со која се определени надлежностите на Комисијата.

*Во извештајниот период Комисијата за локална самоуправа на 28 декември 2020 година започна седница на која требаше да се разгледува Предлог на стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2020-2030. На седницата беше усвоен дневниот ред, но Комисијата ја прекина седницата на барање на член на Комисијата за одложување на седницата.*

| **ред. Број** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | |
|---|---|---|
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** претседател | |
| | **ЃОРЃИЈА САЈКОСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Мартин Костовски | |
| 3. | Љупчо Балкоски | |
| 4. | Мирослав Јовановиќ | |
| 5. | Бастри Бајрами | |
| 6. | Миле Лефков | |
| 7. | Златко Пенков | |
| 8. | Иван Јорданов | |
| 9. | Силвана Ангелевска | |
| 10. | Исмаил Јахоски | |
| 11. | Бајрам Кадрија | |
| 12. | Атнан Незири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Миле Талевски | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Панчо Минов | |
| 4. | Фаница Николовска | |
| 5. | Костадин Костадинов | |
| 6. | Александар Велјановски | |
| 7. | Кирил Пецаков | |
| 8. | Здравко Трајанов | |
| 9. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 10. | Фисњике Бектеши-Шаќири | |
| 11. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 12. | Халил Снопче | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по | политички систем | - |

| | | |
|---|---|---|
| области | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | - |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА,** претседател | |
| | **БЕТИ СТАМЕНКОСКА ТРАЈКОСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Марија Ангелова | |
| 5. | Силвана Ангелевска | |
| 6. | Рашела Мизрахи | |
| 7. | Марија Петрушевска | |
| 8. | Арта Билали-Зендели | |
| 9. | Фисникe Бектеши-Шаќири | |
| 10. | Илире Даути | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лидија Тасевска | |
| 2. | Соња Михаиловска | |
| 3. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Лидија Петкоска | |
| 6. | Ели Панова | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Сафије Садики-Шаини | |

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година. работеше на седници, јавни расправи и работни состаноци.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е постојано работно тело на Собранието на

Република Северна Македонија, основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија

*Во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите одржа* ***две седници.***

**Првата седница** на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија се одржа на ден 23.11.2020 година, со следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

**1. Утврдување на агенда на активности на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.**

**Втората седница** на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија се одржа на 15 декември 2020 година со следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

**1. Јавна расправа на тема: Предлог закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство**

Јавната расправа се организираше на иницијатива на Здружението за родова еднаквост ЕДНА МОЖЕ!

На јавната расправа поздравни обраќања имаа Јагода Шахпаска, министерка за труд и социјална политика и Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, а потоа свои излагања имаа и Марта Марковска, советничка во ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, Дороти Пачкова од Здружението за родова еднаквост ЕДНА МОЖЕ! и Елена Димушевска од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство.

***

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Северна Македонија на 20.10.2020 година одржаа:

**Јавна расправа на тема: Предлог на закон за спречување и заштита од дискриминација(*) - ИИ читање;**

Поздравни обраќања на јавната расправа имаа Арбер Адеми, претседател на Комисијата за европски прашања, Гордана Сиљановска-Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Јагода Шахпаска, министерка за труд и социјална политика.

На 2 декември 20202 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во рамките на глобалната кампања **„16 дена активизам против насилство вез жени**

**и девојки**" одржа **работен состанок** со Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, на кој се дискутираше за напредокот во спроведување на Националниот акциски план (НАП) за имплементација на Истанбулската конвенција (2018-2023), со фокус на Предлог Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство и потребните измени на Кривичниот законик со цел усогласување со Истамбулската конвенција.

***

**Меѓународни активности**

Претседателката на Комисијата за еднкви можности на жените и мажите, Гордана Сиљановска Давкова учествуваше на Петтиот состанок на одборот на мрежата на комисиите за човекови права и родова еднаквост на Западен Балкан (ХУГЕН) која се одржа на 9 декември, 2020 година како Конференција на ЗУМ платформата.

На конференцијата се направи избор на неформален претседател на мрежата ХУГЕН и се дискутираше за идните мрежни мултилатерални или билатерални активности, како и за функционирањето на Мрежата за една година од сега (ноември 2021) Исто така, учесниците споделија информација за тековниот пост-законодавен пилот процес на парламентите учесници во мрежата ХУГЕН.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПАНЧО МИНОВ,** претседател | |
| | **ДАРКО КАЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Белкиса Зеќири | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Енес Ибрахим | |
| 4. | Игор Јанушев | |
| 5. | Дајанчо Ефтимов | |
| 6. | Јован Јаулески | |
| 7. | Арбана Пашоли | |
| 8. | Скендер Реџепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Соња Мираковска | |
| 3. | Даниела Маркоска | |
| 4. | Никола Мицевски | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Дафина Стојаноска | |
| 7. | Рина Ајдари | |
| 8. | Хусни Исмаили | |

*Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања во период од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година има одржано* ***пет седници*** *од кои една седница остана незавршена со една преостаната точка. Комисијата во рамките на својата надлежност кои произлегува од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.*

Согласно со оваа надлежност Комисијата, на 14 септември 2020 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, согласно со членот 153-а од Изборниот законик, и согласно со членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го верифицира мандатот за пратеникот од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

**ЕМИЛИЈА РАМБАБОВА,** поднесена од овластениот подносител **КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ** во Изборната единица број 3.

На 22 септември 2020 година, го разгледа: **Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 153 од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, и** согласно член 17 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, му предлажи на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

**ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ,** поднесена од овластениот подносител **КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ** во Изборната единица број 1.

На 27 октомври 2020 година, го разгледа: **Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно членот 153 и 153-а од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија,** согласно со членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраните пратеници од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

**МИРЧЕ АЦИОСКИ** од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната Единица 5, на овластениот подносител **ВМРО – ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА"**.

**РИНА АЈДАРИ** од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната Единица 6, на овластениот подносител **ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – ДУИ.**

**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ** од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната Единица 2, на овластениот подносител **КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ** и

**ЛИДИЈА ТАСЕВСКА** од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната Единица 2, на овластениот подносител **КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ.**

На 23 декември 2020 година, го разгледа: **Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно членот 153 од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија,** согласно член 17 од

Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот од мандатот:
**МУХАМЕТ КАДРИОВ** поднесена од овластениот подносител **КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ** во Изборната единица број 3.

На 30 ноември 2020 година, беше отпочната седницата со следниов дневен ред:
Предлог на деловник за дополнувања на Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Талат Џафери

На **21 декември 2020 претседателот на Комисијата, Панчо Минов учествуваше на** онлајн средба **во организација на** Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Националниот Демократски Институт (НДИ) во рамките на Програмата за Парламентарна Поддршка на која се дискутираше за препораките на ГРЕКО содржани во **Времениот извештај од четвртиот круг на евалуација** во врска со **Упатството за спроведување на Етичкиот кодекс** кое беше развиено со поддршка на овие две организации.

| | |
|---|---|
| Вкупно разгледани точки | 4 |
| информации, програми, планови | - |
| извештаи | 4 |
| иницијативи, стратегии | - |
| други акти | - |
| **јавни расправи** | **-** |
| **надзорни расправи** | **-** |

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 5 |

| **Комисија за** | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | **Закони постапка** 1 читање | 2 читање | скратена, итна | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 37 | 118 | 2 | 36 | 22 | 35 | - | 11 | 12 | - | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 10 | 20 | - | 9 | 3 | - | **3** | - | 8 | - | - |
| одбрана и безбедност | 9 | 14 | - | 5 | 4 | 5 | - | - | - | - | - |
| надворешна политика | 7 | 21 | - | - | - | - | - | 12 | 9 | - | - |
| европски прашања | 7 | 11 | - | 7 | 4 | - | **1** | - | - | - | - |
| прашања на изборите и именувањата | 7 | 33 | - | - | - | - | - | - | 32 | **1** | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 3 | 9 | - | - | - | - | - | - | 9 | - | - |
| финансирање и буџет | 10 | 28 | 2 | 3 | 3 | 12 | **11** | - | 7 | - | 1 |
| економски прашања | 2 | 3 | - | - | - | 2 | - | - | 1 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 2 | 2 | - | - | - | 1 | - | - | - | **1** | - |
| транспорт, врски и екологоја | 7 | 17 | - | 8 | 7 | 1 | - | - | 1 | - | - |
| образование, наука и спорт | 5 | 9 | - | 1 | - | 8 | - | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| култура | 2 | 2 | - | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| здравство | 3 | 3 | - | 2 | - | 1 | - | - | - | - | - |
| труд и социјална политика | 7 | 11 | - | 2 | 1 | 7 | - | - | 1 | - | - |
| локална самоуправа | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 1 | **1** | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 5 | 4 | - | - | - | - | - | - | 4 | - | - |
| **Вкупно:** | **126** | **308** | **4** | **74** | **44** | **72** | **15** | **23** | **87** | **3** | **1** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РЕЏАИЛ ИСМАИЛИ**, претседател | |

| | | |
|---|---|---|
| | **ЈУСУФ ХАСАНИ**, заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| | **Од редот на пратениците Македонци** | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Даниела Марковска | |
| 5. | Дафина Стојаноска | |
| 6. | Александар Вељановски | |
| 7. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| | **Од редот на пратениците Албанци** | |
| 8. | Мерита Колчи Коџацику | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Бедри Фазли | |
| 11. | Кастриот Реџепи | |
| 12. | Скендер Реџепи | |
| 13. | Сурија Рашиди | |
| 14. | **Од редот на заедницата на Власите,** Љупчо Балкоски | |
| 15. | **Од редот на пратениците Роми,** Љатифе Шиковска | |
| 16. | **Од редот на пратениците Срби,** Иван Стоилковиќ | |
| 17. | **Од редот на пратениците Бошњаци,** Зеќир Рамчиловиќ | |

*Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржа* ***една седница*** *со* ***една точка*** *на дневен ред.*

**Активности**

-Првата седница на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 16 ноември 2020 година со дневен ред:
- Избор на претседател и заменик на претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери.

За претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците е избран членот на Комитетот Арбана Пашоли, а за заменик на претседателот на Комитетот е избран членот на Комитетот г. Енес Ибрахим.

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците Арбана Пашоли се заблагодари на укажаната доверба и изрази надеж дека сите заедно ќе придонесат Комитетот успешно да ги остварува задачите за кои е основан.

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, г-ѓа Арбана Пашоли, во текот на Извештајниот период остварила средби со претставници на Американската амбасада во Скопје, и со претставници на ИРИ (Интернатионал Републицан Институте) на кои било разговарано за идните активности на Комитетот.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | 1 |
| Други акти | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Северна Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 104 од 20 август 2009 година.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеца.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Советот на Собранискиот канал разгледува прашања од функционирањето на Собранискиот канал, а особено:

-донесува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и

-обезбедува емитување на активностите на Собранието преку програмскиот сервис -Собранискиот канал.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија во овој мандат се уште не е формиран.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | - |
| Други акти | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Северна Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,

-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,

-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Северна Македонија,

-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;

-донесува деловник за својата работа, и

-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и раководителот на Секторот на финансиски прашања во Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Северна Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Северна Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Во извештајниот период со седниците на Буџетскиот совет претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија и претседател на Буџетскиот совет, г. Горан Мисовски

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа една седница на која беа разгледани пет точки.

На седницата одржана на 10 декември 2020 година свое воведно обраќање имаа претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери во своето обраќање истакна дека му претставува особена чест и задоволство да се обрати на првата седница на Буџетскиот Совет кој има голема и незаменлива улога во работата и функционирањето на Собранието на Република Северна Македонија.

На оваа седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2021-2023 година. Буџетскиот Совет констатира дека Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2021-2023 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието.

На истата седница Буџетскиот совет го разгледа и утврди Предлог-буџетското барање на Собранието за 2021 година. Буџетскиот совет оцени дека финансиските средства кои се планирани во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија за 2021 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија. Финансиската проекција на средства

во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија за 2021 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2021-2023 година.

Согласно со надлежностите утврдени во член 40-љ од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 104/2009 и 14/2020") Буџетскиот совет донесе одлука за давање на финансиска согласност Годишниот план за вработување во Службата на Собранието за 2021 година.

На оваа седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија согласно со членот 9 став 3 од Законот за Собранието на Република Македонија, го определи следниот број на надворешни соработници во пратеничките групи и тоа во:

- Пратеничката група на СДСМ и Коалицијата ,,Можеме" 9 надворешни соработници.
- Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ,,Обнова на Македонија" 9 надворешни соработници;
- Пратеничката група на ДУИ 3 надворешни соработници и
- Пратеничката група на Алијанса за албанците и Алтернатива 2 надворешни соработници.

На истата седница Буџетскиот совет го разгледа Предлогот за започнување на постапка за давање на трајно користење на движни ствари на други институции без надоместок, постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад или постапка за продажба за стварите кои поради нивна дотраеност, неисправност и технолошка застареност не се користат од страна на Собранието на Република Северна Македонија и врз основа на член 25 од Законот за Собранието на Република Македонија даде свое мислење. Буџетскиот Совет заземе став да се започне со постапката за давање на трајно користење на движни ствари на други институции без надоместок, постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад или постапка за продажба за стварите кои поради нивна дотраеност, неисправност и технолошка застареност не се користат од страна на Собранието. Од причина што потребата од користење на движните ствари специфицирани во пописните листи е трајно престаната, а во функција на ефикасно користење и располагање со стварите во државна сопственост, потребно е во Собранието на Република Северна Македонија да започне оваа постапка согласно Законот за користење и располагање

со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Правилникот за начинот на располагање и набавување на недвижните и движни ствари, како и евидентирањето и попишувањето на имотот на Собранието и Упатството за располагање со недвижните и движни ствари на Собранието на Република Северна Македонија.

# 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции е основан со Одлука за основање Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/07) и Одлука за изменување на Одлуката за основање Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.91/11). Согласно со оваа Одлука во надлежност на Советот е да:

- го следи и оценува текот на активностите за добивање членство во Европската унија;
- дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство во Европската унија;
- дава мислења и насоки за преговарачките позиции;
- разгледува информации за процесот на преговарањето;
- дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;
- ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;
- одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија;
- одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;
- по потреба дава мислења за усогласување на законодавството со правото на Европската Унија и
- најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Северна Македонија за својата работа.

Собранието на седницата одржана на 23 декември 2020 година донесе Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 310/2020).

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка инклузивна платформа преку која се овозможува учество на општествените фактори во креирањето и следењето на европската интеграција на државата. Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, на граѓанското општество претставено преку членови и претставници на МАНУ, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници.

Согласно со Одлуката за основање на НСЕИ, Претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, заменииците членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредени со Деловник донесен на 25 октомври 2011 година. Согласно со членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

***ЕУ центар на Собранието - обезбедување на подобар пристап на пратениците до информации поврзани со прашања од Европската Унија***

Во извештајниот период ЕУ центарот подготви и издаде 5 електронски и печатени месечни публикации - ЕУ весник, за информирање на пратениците во Собранието.

Електронската публикацијата ЕУ весник редовно се објавува на Собраниската веб-страница.

Дополнително, ЕУ центарот подготви и издаде информативен флаер за услугите и можностите кои ги нуди ЕУ центарот, за информирање на пратениците за прашања и актуелни теми од областа на Европската унија.

# 4.4 ДРУГИ ТЕЛА

## 4.4.1 КЛУБОВИ НА ПРАТЕНИЦИ

### 4.4.1.1 КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

На 30 декември 2020 година се одржа **конститутивната седница** на Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија, која ја свика и со неа претседаваше пратеничката Гордана Сиљановска Давкова.

Во свечениот дел свое обраќање имаа претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, м-р Талат Џафери и генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија, Цветанка Иванова. Формирањето на Клубот на пратенички го поздрави и Министерката за труд и социјална политика, Јагода Шахпаска. Во работата на констутивната седница учествуваа и пратеничките Снежана Калеска Ванчева и Жаклина Пешевска.

На конституваната седница беше избрано и новото Претседателство на Клубот на пратенички во следниов состав:

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ (2020-2024)**

**Претседателка**

Лолита Ристова

**Заменик-претседателка**

Благица Ласовска

**Членки на претседателството:**

Снежана Калеска-Ванчева
Маја Морачанин
Соња Мираковска
Љатифе Шиковска
Рина Ајдари
Жаклина Пешевска
Олга Лозановска
Лидија Петкоска
Иванка Василевска
Ангелинка Петкова
Илире Даути

Гордана Siљановска-Давкова - претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

## 4.4.1.2 КЛУБ НА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

Клубот за младински прашања и политики во Пратеничкиот состав на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2024 се формираше на четврти декември 2020 година. Во Клубот членуваат 13 пратеници до 35 години од сите пратенички групи во Собранието, како што предвидува Правилникот на Клубот, кој беше донесен во минатиот пратенички состав.

Координатор на Клубот е Јован Јаулески од ВМРО-ДПМНЕ. Процесот на формирање беше поддржан од Вестминстер Фондацијата и од раководството на Собранието. Со поддршка на ВФД за пратениците членови на Клубот беше организирано и стратешко планирање за приоритетите со кои ќе се занимава Клубот во овој состав.

Клубот активно се вклучи во дијалогот со средношколците, па така првата активност на Клубот беше организација на јавна расправа за прашањето на државната матура.

## 4.4.2 ИНТЕРПАРТИСКИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ГРУПИ

### 4.4.2.1 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛИЦАТА

Иницијативата за формирање на неформална интерпартиска парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата, потекна од граѓанските организации кои работат во сферата на заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, пролетта 2017 година. Група пратеници кои покажаа интерес за оваа тема, оствари неколку работни средби со претставниците од невладиниот сектор на кои се дискутираше за присутното кршење на човековите права, говорот на омраза, насилството и дискриминацијата на ЛГБТИ луѓето во нашето општество и за потребата од системски пристап со заедничко учество на државните институции и граѓанскиот сектор за решавање на овие проблеми. Од тука произлезе и потребата за формирање на оваа неформална парламентарна група чија улога е да се застапува за заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, со цел градење на општество во кое сексуалната дискриминација и родовиот идентитет нема да претставуваат пречка за остварување на човековите права и слободи.

На почетокот групата броеше 6 члена, но со приклучувањето на пратеници во изминатиот период, во нејзиното основање учествуваа 13 пратеници од различни политички партии и независни пратеници, а истата понатаму останува отворена за вклучување на секој пратеник, кој сака да допринесе за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата.

На 10 декември 2020 година, по повод Меѓународниот ден на човековите права, беше основана и промовирана "Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата" на Собранието на Република Северна Македонија во која членуваат пратеници од постоечкиот собраниски состав од различни политички партии. Прв пат оваа група беше формирана во мандатот на претходниот парламентарен состав.

Иницијатори на оваа идеја се пратениците Маја Морачанин, Снежана Калеска Ванчева, Драгица Ѓавочанова, Љупчо Пренцов, Гордана Сиљановска Давкова, Љатифе Шиковска, Марија Костадинова, Бисера Костадиновска Стојчевска, Моника Зајкова, Мирослав Богдановски и Велика Стојковска Серафимовска.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Северна Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Северна Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската Унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Северна Македонија и со Владата на Република Северна Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Северна Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**АВГУСТ 2020**

**Со 62 гласа „за", 43 „против" и ниту еден воздржан, Талат Џафери од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ) е избран за претседател на Собранието на Република Северна Македонија (21 август 2019 година)**

**АВГУСТ 2020**
**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери**

- **Средба** со амбасадорот на Република Северна Македонија во Романија, Н.Е Габриел Атанасов (27 август 2020 година)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери**

- **Обраќање на свечената академија по повод 110-годишнината од раѓањето на Мајка Тереза ( 26 август 2020 година)**
- **Онлине Интервју** -Скајп( 27 август 2020 година);

**СЕДНИЦИ**

1. Вторник, 25 август 2020година, 11:00ч - Седница бр. 2
2. Вторник, 25 август 2020година, 15:00ч - Седница бр. 3
3. Вторник, 25 август 2020година, 17:15ч - Седница бр. 4
4. Вторник, 25 август 2020година, 18:45 ч- Седница бр. 5
5. Вторник, 25 август 2020година, 20:30ч - Седница бр. 6
6. Вторник, 25 август 2020година, 21:30ч - Седница бр. 7
7. Вторник, 25 август 2020година, 22:45ч - Седница бр. 8
8. Вторник, 25 август 2020година, 23:30ч- Седница бр. 9
9. Сабота , 29 август 2020 година, 11:00ч- Седница бр. 10

**КООРДИНАЦИИ**

1. Петок, 21 август 2020 година, 10:00 - Координација бр. 1
2. Сабота, 29 август 2020 година, 10:00 - Координација бр. 2

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 1 |
| Мултилатерални активности | 0 |
| Други активности | 2 |
| Координации | 2 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 9 |

**СЕПТЕМВРИ 2020**
**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери**

- **Средба** амбасадорот на Народна Република Кина во Република Северна Македонија, Н.Е. Џанг Syo ( 1 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорката на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија, Н.Е. Рејчел Галовеј**.** (1 септември 2020година);
- **Средба** со амбасадорот на Република Албанија во Република Северна Македонија, Н.Е Фатос Река (1 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорот Романија во Република Северна Македонија, Н.Е Виорел Станила (2 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорка на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија, Н.Е Кејт Мари Брнз ( 2 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорот на Француската Република во Република Северна Македонија, Н.Е. Кристијан Тимоние (3 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорката на Кралството Шведска во Република Северна Македонија, Н.Е. Кристин Форсгрен Бенгтсон ( 4 септември 2020 година);
- **Средба** амбасадорот на Република Чешка во Република Северна Македонија, Н.Е. Мирослав Томан ( 4 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорот на Република Полска во Република Северна Македонија, Н. Е. Војциех Тицињски (10 септември 2020 година);
- **Средба** со министер за здравство на Република Косово, Арменд Земај ( 10 септември 2020 година);
- **Средба** со Амбасадорката на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, Н.Е. Анке Гизеле Холштајн ( 11 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорката на Швајцарската Конфедерација во Скопје, Н.Е. Сибил Зутер Техада ( 15 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорката на Република Хрватска во Република Северна Македонија, Н. Е. Нивес Тигањ ( 15 септември 2020 година);
- **Средба** со вршител на должност амбасадор на Република Северна Македонија во Република Бугарија, Александар Панев (15 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорката на Црна Гора во Република Северна Македонија, Н.Е. Марија Петровиќ ( 16 септември 2020 година);
- **Средба** со средба со амбасадорката на Украина во Република Северна Македонија, Н.Е. Наталија Задорожњук ( 16 септември 2020 година);
- **Проштална средба** со амбасадорот на Италија во Република Северна Македонија, Н.Е. Карло Ромео ( 17 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорот на Република Унгарија во Република Северна Македонија, Н.Е. Лазло Иштван ( 18 септември 2020 година);
- **Средба** со Гент Цакај, овластен министер за Европа и надворешни работи на Република Албанија (18 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадор на република Северна Македонија во Канада, Тони Димовски (21 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорот на Република Косово во Република Северна Македонија, Н.Е. Ѓерѓ Дедај ( 23 септември 2020 година);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Република Словенија во Република Северна Македонија, Н.Е. Милан Предан ( 24 септември 2020 година);

- **Официјална посета** на Претседателот на Република Словенија, Н.Е. Борут Пахор во Република Северна Македонија ( 25 септември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорот на Руската Федерација во Република Северна Македонија, Н.Е. Сергеј Баздникин ( 29 септември 2020 година);
- **Проштална средба** со амбасадорката на Кралството Јапонија во Република Северна Македонија , Н.Е. Кеико Ханеда (29 септември 2020 година).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Проштална средба** со Амбасадорот и шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија, Н.Е. Самуел Жбогар (2 септември 2020 година);
- **Средба** со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија, Н.Е. Клеменс Која. (9 септември 2020);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор и шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија, Н.Е. г. Дејвид Гир ( 21 септември 2020 година);
- **Средба** со генералниот секретар на Советот за регионална соработка. Мајлинда Брегу ( 22 септември 2020 година).

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Свечена изјава** на член на Судси Совет, Мери Радевска (11 септември 2020 година);
- **Брифинг со новинари** (11 септември 2020 година);
- **Средба** со претседател на Управен суд , Бурим Сејдини (11 септември 2020 година);
- **Гостин** на емисијата Клик плус-ТВ21 (17 септември 2020 година);
- **Средба** со претставници на учениците и наставниците од училиштето за средно стручно образование за деца со оштетен слух, ДУЦОР "Партенија Зографски" (23 септември 2020 година);
- **Состанок** на Советот за безбедност **–** Вила Водно (23 септември 2020 година);
- **Средба** со претседателот на Младински сојуз- Крушево, Методија Стојчески (24 септември 2020 година);
- **Снимање** на видео порака за Банка за храна (25 септември 2020 година);
- **Прошталeн** ручек со амбасадорот на Република Франција во Република Северна Македонија, Н.Е Кристијан Тимоние ( 25 септември 2020година);
- **Средба** со координаторите и претседателите на комисиите (30 септември 2020 година);
- **Брифинг со новинари** ( 30 септември 2020 година).

**СЕДНИЦИ**

1. Среда, 11 септември 2020 година, 11:00ч – Седница бр. 11
2. Четврток, 17 септември 2020 година,11:00ч - Седница бр. 12
3. Понеделник, 21 септември 2020 година,12:00ч - Седница бр. 12
4. Вторник, 22 септември 2020 година, 11:00ч- Седница бр. 13
5. Среда, 23 септември 2020 година, 14:00ч- Седница бр. 13
6. Петок, 25 септември 2020 година, 13:00ч- Седница бр. 14
7. Среда, 30 септември 2020 година, 11:00ч- Седница бр. 16
8. Среда, 30 септември 2020 година, 15:00ч- Седница бр. 2

**КООРДИНАЦИИ**

1. Среда , 09 септември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 4
2. Понеделник, 14 септември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 5
3. Понеделник, 21 септември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 6
4. Понеделник, 28 септември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 7

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 25 |
| Мултилатерални активности | 4 |
| Други активности | 11 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 8 |

**ОКТОМВРИ 2020**
**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со амбасадорот на Република Турција во Република Северна Македонија, Н.Е. Хасан Мехмет Секизќок ( 5 октомври 2020година);
- **Проштална** средба со амбасадорот на Романија во Република Северна Македонија, Н.Е. Виорел Станила. (9 октомври 2020 година);
- **Средба** со делегација од Република Албанија, пратеници во албанскиот парламент Таулант Бала и Васил Штерјоски, градоначалникот на Општина Прејќас, Нури Белба и деловниот човек Ѓерѓ Луца ( 14 октомври 2020 година);
- **Средба** со премиер на Владата на Република Косово, Авдулах Хоти (23 октомври 2020 година).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија, Н.Е. Клеменс Која (2 октомври 2020 год);
- **Виртуелна средба** со делегација од поранешни европратеници во Европскиот парламент (5 октомври 2020);
- **Средба** со постојана координаторка на ООН, г-ѓа Росана Дуџак (5 октомври 2020 година);
- **Средба** со Комесарот за соседство и проширување на ЕУ Оливер Вархели, (7 октомври 2020 година)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Снимање** на видео за проект на УСАИД (1 октомври 2020 година);
- **Средба** со деца со посебни потреби ( 1 октомври 2020 година);

- **Средба** со претставници на Авто школи - (2 октомври 2020 година);
- **Средба** со претставници од Мак-Канабис ( 2 октомври 2020 година);
- **Интервју за** Еуроњус медиум од Република Албанија (6 октомври 2020 година);
- **Интервју** за ТВ24 (8 октомври 2020 година);
- **Изјава на** членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија: Фаик Арслани, Антонио Јолевски, Коле Штерјев и Фиданка Рајевска (9 октомври 2020 година);
- **Конститутивната** седница на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (14 октомври 2020 година);
- **Ручек** со пратеници од Република Албанија **(**14 октомври 2020 година);
- **Средба** со делегација од Националниот сојуз на бизниси од Косово, Агим Шахини (16 октомври 2020 година);
- **Средба** со претставници на Вестминстер ( 19 октомври 2020 година);
- **Средба** со реиз на ИВЗ, Шаќир Ефенди Фетаху ( 20 октомври 2020 година);
- **Интервју** за Слободна Европа ( 21 октомври 2020 година);
- **Средба** со програмски менаџер на ДЦАФ, Марк Ремилар ( 21 октомври 2020 година);
- **Видео повик** со Сингер, Претседател на светски еврејски конгрес (21 октомври 2020 година);
- **Средба** со главен државен ревизор, Максим Ацевски ( 22 октомври 2020 година);
- **Брифинг со новинари** (22 октомври 2020 година);
- **Присуство** на изложба на академскиот сликар Решат Амети (27 октомври 2020 година);
- **Обраќање** на е-конференција за отворен парламент - акциски план за партнерство за отворена власт 2021 – 2023 ( 28 октомври 2020 година);
- **Обраќање** на балкански форум против антисемитизмот 2020 ( 28 октомври 2020 година);
- **Обраќање** на работната средба за пратеници: вовед во улога и функција на клуб за младински прашања и политики ( 29 октомври 2020 година);
- **Состанок** на Советот за безбедност- Вила Водно ( 29 октомври 2020 година).

**СЕДНИЦИ**

1. Понеделник, 05 октомври 2020 година,11:00ч –Седница бр. 15
2. Среда, 07октомври 2020 година,12:00ч - Седница бр. 17
3. Четврток, 08 октомври 2020 година,14:00ч- Седница бр.15
4. Петок, 09 октомври 2020 година, 12:00ч- Седница бр.15
5. Вторник, 13 октомври 2020 година,12:00ч - Седница бр. 15
6. Среда, 14 октомври 2020 година, 14:00ч- Седница бр.2
7. Среда, 14 октомври 2020 година, 14:30ч- Седница бр.15
8. Вторник, 20 октомври 2020 година, 11:00ч- Седница бр.18
9. Вторник, 27 октомври 2020 година, 11:00ч- Седница бр.19
10. Четврток, 29 октомври 2020 година, 13:00ч- Седница бр.20
11. Петок, 30 октомври 2020 година, 11:00ч- Седница бр.20
12. Сабота, 31 октомври 2020 година,12:00ч- Седница бр.20

**КООРДИНАЦИИ**

1. Понеделник, 05 октомври 2020 год., 10:00ч - Координација бр. 8
2. Вторник, 13 октомври 2020 год., 10:00ч - Координација бр. 9
3. Понеделник, 19 октомври 2020 год., 10:00ч - Координација бр.10
4. Понеделник, 26 октомври 2020 година, 10:00ч - Координација бр.11

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 4 |
| Мултилатерални активности | 4 |
| Други активности | 22 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 12 |

**НОЕМВРИ 2020**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** новоименуваниот амбасадор на Францускатa Република во Република Северна Македонија, Н.Е. Сирил Бомгартнер. ( 10 ноември 2020 година);
- **Средба** новоименуваниот амбасадор на Италијанската Република во Република Северна Македонија, Н.Е. Андреа Силвестри (18 ноември 2020 година);
- **Средба** со амбасадорката на Обединето Кралство на Британија во Република Северна Македонија Н.Е. Рејчел Галовеј (30 ноември 2020година).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Виртуелна** консултативна средба со европратениците на Дијалогот Жан Моне, Андреас Шидер, Марион Валсман и Илхан Ќучук ( 3 ноември 2020 година)
- **Средба** со претседателот на Делегацијата во Мешовитиот парламентарен комитет, австрискиот пратеник Андреас Шидер. (6 ноември 2020 година)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери**

- **Онлајн** презентација на истражување на јавното мислење за работата на Собранието од НДИ (5 ноември 2020 год.);
- **Конституивна** седница на комитетот за односи помеѓу заедниците (16 ноември 2020 година);
- **Зум состанок** со НДИ и координаторите(16 ноември 2020 година);
- **Обраќање** на обуката за постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот (17 ноември 2020 година);

- **Состанок** на Совет за безбедност- Вила Водно (19 ноември 2020 година);
- **Интервју за Ал-Џезира** (20 ноември 2020 година);
- **Обраќање** на научната академија по повод научно-културната манифестација „Деновите на азбуката -ИИ " (21 ноември 2020 година);
- **Обраќање** на Свечената академија по повод 111-годишнината од Дебарскиот Конгрес ( 21 ноември 2020 година);
- **Присуство** на доделувањето на Државната награда „22 Ноември" (22 ноември 2020 година);
- **Интервју** за Блупринт (25 ноември 2020 година);
- **Брифинг со новинари** (26 ноември 2020 година);
- **Учество** на првиот состанок на Советодавниот одбор за програмата „Поддршка за изборните реформи во Северна Македонија (27 ноември 2020 година);
- **Ручек** со амбасадорката на Швајцарска Конфедерација, Н.Е Сибил Зухер Техада (27 ноември 2020 година);
- **Обраќање** на Свечена академија по повод Денот на Независноста на Албанија (27 ноември 2020 година).

## СЕДНИЦИ

1. Понеделник, 02 ноември 2020 година, 11:00ч – Седница бр. 20
2. Вторник, 03 ноември 2020 година, 12:00ч - Седница бр. 20
3. Среда, 04 ноември 2020 година, 12:00ч - Седница бр. 20
4. Четврток, 05 ноември 2020 година,12:00ч - Седница бр.20
5. Петок, 06 ноември 2020 година, 12:00ч - Седница бр.20
6. Четврток, 12 ноември 2020 година, 11:00ч - Седница бр.21
7. Петок, 20 ноември 2020 година, 12:00ч - Седница бр. 20
8. Петок, 20 ноември 2020 година, 12:30ч - Седница бр. 21
9. Четврток, 26 ноември 2020 година, 11:00ч - Седница бр.22

## КООРДИНАЦИИ

1. Понеделник, 02 ноември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 12
2. Понеделник, 09 ноември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 13
3. Понеделник, 16 ноември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 14
4. Понеделник, 23 ноември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 15
5. Понеделник, 30 ноември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 16

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 3 |
| Мултилатерални активности | 2 |
| Други активности | 14 |
| Координации | 5 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 9 |

**ДЕКЕМВРИ 2020**
**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Видео-средба** со претседателот на Националниот совет на Република Австрија, Волфганг Соботка. ( 1 декември 2020 година);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Казахстан во Република Северна Македонија, Н.Е. Жанибек Абдрашов (9 декември 2020 година);
- **Проштална средба** со амбасадорот на Република Грција во Република Северна Македонија, Н.Е. Димитрис Јанакакис (11 декември 2020година);
- **Средба** со Мустафа Шентоп, претседател на Големото национално собрание на Република Турција, ( 21 декември 2020 година).

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери**

- **Обраќање** на конститутивната седница на клубот за младински прашања и политики (4 декември 2020 год.);
- **Доделување** на Топ 100 награди од Стопанска Комора на Северо-западна Македонија (хотел Дабл Три-хилтон) (9 декември 2020 година);
- **Втора годишна средба** на Советодавниот Комитет на Програмата за поддршка на Собранието (виртуелна) (9 декември 2020 година);
- **Присуство** на првиот состанок на Буџетски совет (10 декември 2020 година);
- **Состанок** на Управувачки совет на Парламентарен Институт (10 декември 2020 година);
- **Интервју** за Партнерство за демократија на претставничкиот дом на САД (10 декември 2020 година);
- **Средба** со директор на Национален ромски центар, Ашмет Елезовски (11 декември 2020 година);
- **Средба** со одбор на земјоделците на општините Гази Баба и Арачиново (11 декември 2020 година);
- **Видео** обраќање за Филозофски Факултет (15 декември 2020 година);
- **Обраќање** на свечената академија по повод одбележувањето на 26-годишнината од основањето на Универзитетот во Тетово (17 декември 2020 година);
- **Свечена изјава** на Павлина Црвенковска, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија ( 18 декември 2020);
- **Свечена изјава на** Членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија: Иџет Мемети и Љупчо Ивановски**,** ( 18 декември 2020 година);
- **Обраќање** по повод 21 декември - Денот на турската настава (21 декември 2020 година);
- **Ручек** со Мустафа Шентоп, претседател на Големото национално собрание на Република Турција (21 декември 2020 година);
- **Гостување** во емисијата Кликплус на ТВ21 (21 декември 2020 година);
- **Доделување** на пехар на учениците победници на пројектот Имам став (24 делември 2020 година);
- **Новогодишно** видео обраќање (29 декември 2020 година);
- **Брифинг со новинари** (29 декември 2020 година);
- **Интервју** за Утрински брифинг (30 декември 2020 година);

- **Обраќање** на конституивната седница на Клубот на пратенички (30 декември 2020 година);
- **Интервју за МТВ2** (30 декември 2020 година).

## СЕДНИЦИ

1. Сабота, 05 декември 2020 година, 11:00ч – Седница бр. 24
2. Сабота, 05 декември 2020 година, 11:30ч - Седница бр. 16
3. Сабота, 05 декември 2020 година, 12:00ч - Седница бр. 20
4. Сабота, 05 декември 2020 година,12:30ч - Седница бр.22
5. Понеделник, 14 декември 2020 година, 12:00ч - Седница бр.25
6. Среда, 16 декември 2020 година, 12:00ч - Седница бр.23
7. Среда, 16 декември 2020 година, 12:30ч - Седница бр. 25
8. Среда, 16 декември 2020 година, 12:45ч - Седница бр. 21
9. Среда, 16 декември 2020 година, 13:00ч - Седница бр.26
10. Четврток, 17 декември 2020 година, 12:00ч- Седница бр.26
11. Петок, 18 декември 2020 година, 12:00ч- Седница бр.26
12. Сабота, 19 декември 2020 година, 12:00ч- Седница бр.26
13. Недела, 20 декември 2020 година, 12:00ч- Седница бр.26
14. Недела 20 декември 2020 година, 19:00ч- Седница бр.25
15. Среда 23 декември 2020 година, 11:00ч- Седница бр.28
16. Среда 23 декември 2020 година, 12:00ч- Седница бр.22
17. Четврток 24 дкември 2020 година, 12:00ч- Седница бр.19
18. Петок 25 декември 2020 година, 11:00ч- Седница бр.19
19. Петок 25 декември 2020 година, 12:00ч- Седница бр.20
20. Сабота 26 декември 2020 година, 15:00ч- Седница бр.26
21. Понеделник 28 декември 2020 година, 11:00ч- Седница бр.29
22. Понеделник 28 декември 2020 година, 14:00ч- Седница бр.19
23. Понеделник 28 декември 2020 година, 14:15ч- Седница бр.20
24. Понеделник 28 декември 2020 година, 11:30ч- Седница бр.26
25. Среда 30 декември 2020 година, 11:00ч- Седница бр.27

## КООРДИНАЦИИ

1. Петок, 11 декември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 17
2. Понеделник, 14 декември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 18
3. Вторник, 22 декември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 19
4. Понеделник, 28 декември 2020 година, 10:00ч - Координација бр. 20

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО

1. Петок, 11 декември 2020 година, 10:30ч- Работен состанок бр. 1

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 4 |
| Мултилатерални активности | 0 |
| Други активности | 21 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 25 |

# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Северна Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието од редот на пратениците избира претседател и потпретседатели на Собранието.

Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието. Потпретседателите се избираат од редот на пратениците кои припаѓаат на различни политички партии застапени во Собранието.

Еден од потпретседателите се избира од редот на пратениците кои припаѓаат на политичката партија застапена во Собранието која е најголема опозициска партија.

Процедурата за предлагање на кандидати за потпретседатели е ист како и предлагањето на претседателот.

За потпретседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ако за потпретседател се предложени повеќе кандидати од бројот кој се избира, а не е избран предвидениот број, ќе се повтори гласањето за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани и тоа меѓу кандидатите кои добиле најголем број гласови.

Ако и при повторното гласање не е избран предвидениот број на потпретседатели, се повторува постапката за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани.

Ако се предложени онолку кандидати колку што е потребно да се изберат, а не е избран предвидениот број, се повторува целата изборна постапка за оној број потпретседатели кои не се избрани.

Со утврдување на одлуката за бројот на потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија на втората седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 14 октомври 2020 година, се започна процедурата за избор на потпретседатели на Собранието. На 26 ноември 2020 година на 22-та седница се избраа двајца потпретседатели и тоа Горан Мисовски од НСДП и Фадил Зендели од Движењето БЕСА.

## ➢ Потпретседател Горан Мисовски

***1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Горан Мисовски потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на Нова Социјалдемократска партија (НСДП).

Реизбран е за потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија на дваесет и втората собраниска седница на 26 ноември 2020 година.

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието, (каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови).

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела и тоа како член на Комисија за одбрана и безбедност и Комисија за прашања на изборите и именувањата, Комисија за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, заменик-член, Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, заменик-член, Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ), заменик-член, Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, член, Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Јапонија, член, Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на САД, член и претседава со Управувачкиот совет на Парламентарниот институт и е претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија.

**2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници**

- Видео Средба на ПСП Советодавниот одбор, програма за парламентарна подршка, подржана од Швајцарската конфедерација. (11 декември 2020)

**3. Учество на конференции и други меѓународни средби и свечености по повод значајни датуми**

- Обраќање на потпретседателот Мисовски на свеченото одбележување по повод државниот празник 2-ри Август Илинден на Мечкин Камен Крушево (2 август 2020),

- Положување цвеќе на гробот на нашата најголема музичка ѕвезда Тодор Тоше Проески и посета на меморијалниот центар Тодор Проески (2 август 2020),
- Положување цвеќе по повод празник Св.Климент Охридски (8 декември 2020),
- Меѓународниот ден за борба против корупција во организација ДКСК (9 декември 2020).

## Потпретседател Фадил Зендели

***1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Фадил Зендели потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на Движењето БЕСА. Избран е за Потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија на дваесет и втората собраниска седница на 26 ноември 2020 година.

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови.

Како пратеник учествува во работата на работните тела, и тоа како член на Комисија за одбрана и безбедност, Комисијата за уставни прашања, Комисија за прашања на изборите и именувањата и Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, а како заменик-член во Комисија за политички систем. Член е на Пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за билатерална соработка со парламентите на други држави и тоа на Република Грција, Кралството Данска, Канада, Република Косово и Кралството Шпанија.

**2. *Учество на конференции и други меѓународни средби и свечености по повод значајни датуми***

- Управувачка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Рикстагот на Шведска за демократски развој (17 ноември - 7 декември 2020)

# 6. МЕГУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени девет државни службеници, од кои осум се со високо и еден е со средно образование.

На седницата одржана на 30 септември 2020 година, Собранието донесе „Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија" (Службен весник на Република Северна Македонија број 237/2020). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на Медитеранот и ПС на ПСЈИЕ. Персоналниот состав на делегациите беше избран на седницата одржана на 23 декември 2020 г. (Службен весник на Република Северна Македонија број 310/20).

Согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија" (Службен весник на РСМ број 310/2020), со официјално писмо на претседателот на Собранието, се номинираат двајца пратеници од православна вероисповест во Интерпарламентарното собрание на Православието (ИПС на Православието).

Врз основа на „Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација" (Службен весник на Република Македонија број 88/04) и Одлуката за измена на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација" (Службен весник на Република Северна Македонија број 289/20)", се основа и Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), и во овој мандат е формирана Секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

На седницата одржана на 26 ноември 2020 година, Собранието донесе Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави (Службен весник на Република Северна Македонија број 284/20). Во Собранието на Република Северна Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 50 пратенички групи за соработка** со парламенти на други држави и тоа со: Исламска Република Авганистан; Австралија и Нов Зеланд; Република Австрија; Република Албанија; Република Азербејџан; Балтичките земји: Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија; Кралството Белгија; Босна и Херцеговина; Република Бугарија; земјите од Блискиот Исток и Арапскиот залив; Сојузна Република Германија; Република Грција; Кралството Данска; Индија, Република Индонезија; Државата Израел; Исламската Република Иран; Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија; Канада; Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Туркменистан; Народна Република Кина; Република Косово; земјите од Латинска Америка и од Карибите; Големото Војводство Луксембург; Република Малта и Република Кипар; Монголија; Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска; Република Полска; Португалската Република; Романија; Руската Федерација; САД; Словачката Република; Република Словенија; Република Србија; Република Турција; Украина; Република Унгарија; Република Финска; Француската Република; Кралството Холандија; Република Хрватска; Црна Гора; Чешката Република; Швајцарската Конфедерација; Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно со Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Северна Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Северна Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Северна Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Северна Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на меѓународен настан на одредена делегација или пратеник, во традиционален или виртуелен формат;
- стручна подготовка на претседателот на Собранието за учество на меѓународни настани и за средби во земјата со меѓународни претставници;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;

- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Северна Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Северна Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Северна Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно координирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Северна Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

**Шеф на Делегацијата:** г. Костадин Костадинов
**Членови:** г. Александар Николовски и г-ѓа Арта Биљали Зендели
**Заменици-членови:** г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска, г. Владо Мисајловски и г-ѓа Артина Ќазими.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот крими-нал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Севетот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 648 членови, од кои 324 се членови, а 324 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Северна Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на

специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

На 12 и 13 октомври и 22 и 23 октомври 2020 година (во два дела) ПС на СЕ одржа видео состанок на проширениот состав на Постојаниот комитет. На состанокот учествуваа секретарот г-ѓа Марија Стефанова и ко-секретарот г. Реџеп Прекопуца.

На 27 октомври 2020 година во виртуелен формат се одржа Регионална парламентарна конференција за имплементирање на стандардите на Европската конвенција за човекови права: главна улога на парламентите, на која учествуваа пратениците: г-ѓа Иванка Василевска, г-ѓа Велика Стојкова Серафимовска, г. Халил Снопче, г. Берат Ајдари, г. Фадил Зендели и г. Зекир Рамчиловиќ, како и г. Филип Филиповски, виш соработник.

На 3 ноември 2020 година во виртуелен формат се одржа Регионална меѓупарламентарна конференција на тема: Јавните медиуми во транзиција: предизвиците со кои се соочуваат и патот напред, на која учествуваа пратениците: г. Ненад Коциќ, г. Коле Чаракчиев, г. Мирослав Богдановски, г-ѓа Ане Лашкоска, г. Бране Пертушевски, г. Берат Ајдари и г. Сурија Рашиди, како и г. Данчо Јаневски, раководител на одделение.

На седницата на Постојаниот комитет, што се одржа на 20 ноември во виртуелен формат учествуваа секретарот на Делегацијата г-ѓа Марија Стефанова и ко-секретарот г. Реџеп Прекопуца.

OSCEPA

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ**

**Шеф на Делегацијата:** г. Игор Јанушев

**Членови:** г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче

**Заменици-членови:** г. Диме Велковски, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова и г. Берат Ајдари.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната димензија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската

област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии**, кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

На виртуалниот настан „Полициско работење во различни општества: принципи и добри практити", што се одржа на 6 октомври 2020 година во виртуален формат, учествуваше г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

На Состанок на секретарите на делегациите, што се одржа на 15 октомври 2020 година во виртуален формат, учествуваа г-ѓа Билјана Огненовска, секретар и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

На Седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ, што се одржа на 12 ноември 2020 година во виртуален формат, учествуваа учествуваа г-ѓа Билјана Огненовска, секретар и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

**ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА**

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери

**Членови:** г. Диме Велковски, г. Јован Митревски, г. Никола Мицевски, г-ѓа Ели Панова, г. Изет Меџити г. Скендер Реџепи и г-ѓа Цветанка Иванова.

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 179 национални парламенти, а 13 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Северна Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

На Првиот дел од Петтата светска конференција на претседатели на парламенти, што се одржа на 19 и 20 август 2020 година во виртуелен формат учествуваа г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

На Вонредна седница на Геополитичката група „Дванаесет Плус”, што се одржа на 6 октомври 2020 година во виртуелен формат учествуваа г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

На Состанок на секретарите на делегациите, што се одржа на 15 октомври 2020 година во виртуелен формат учествуваа г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

На Вонредна седница на Геополитичката група „Дванаесет Плус”, што се одржа на 19 октомври 2020 година во виртуелен формат учествуваа г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

На Состанок на секретарите на делегациите, што се одржа на 19 октомври 2020 година во виртуелен формат учествуваа г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

На Сослушување на кандидадите за претседател на Интерпарламентарната унија, што се одржа на 21 октомври 2020 година во виртуелен формат учествуваа г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

На Вонредна седница на Геополитичката група „Дванаесет Плус”, што се одржа на 26 октомври 2020 година во виртуелен формат учествуваа г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

На 206. Сесија на Управниот совет на Интерпарламентарната унија, што се одржа од 1 до 4 ноември 2020 година во виртуелелен формат учествуваа: г. Талат Џафери, г-ѓа Дафина Стојаноска и г-ѓа Арбана Пашоли, членови на Управниот совет, како и г. Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

**ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ**

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Рашела Мизрахи

**Членови:** г.Кастриот Реџепи и г.Арбен Зибери

**Заменици-членови:** г. Љупчо Балковски, г-ѓа Благица Ласовска и г-ѓа Илире Даути.

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18

земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Северна Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

Во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година Делегацијата немаше активности.

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО**

**Шеф на Делегацијата:** г. Арбер Адеми

**Членови:** г. Илија Николовски и г. Антонио Милошоски

**Заменици-членови:** г. Миле Талевски, г-ѓа Марија Петрушевска и г. Елми Азири.

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од

Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабрување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки и
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи и
- да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

**ПС на НАТО брои 269 члена,** има пет постојани комитети, осум поткомитети и три работни форуми (Русија, Украина и Медитеранот).

Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО има статус на полноправен член од 27 март 2020 г. (после 25 години статус на асоцијативен член кој го имаше уште од 1995 година) и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

Од **26 август до 29 септември 2020** се одржаа есенски виртуелни состаноци на комитетите: Политички комитет (31.08.2020), Комитет за одбрана и безбедност (02.09.2020), Комитет за цивилна димензија на

безбедноста (09.09.2020), Комитет за економија и безбедност (16.09.2020) и Постојан комитет (29.09.2020), еден вебинар посветен на состојбата во Белорусија (14.09.2020) и два состанока на секретари на делегации (26.08. и 28.09.2020). Овие виртуелни состаноци ги следеше Секретаријатот на Делегацијата, Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска.

Во периодот од **7 октомври до 30 ноември 2020** се одржа серија онлајн состаноци, средби и вебинари: Онлајн средба на Групата експерти на ген сек на НАТО за Процесот НАТО 2030, со Постојаниот комитет на ПС на НАТО (7.10.2020); Вебинар за Нагорно Карабах (15.10.2020); Вебинар со Заменик ген сек на НАТО, г. Мирчеа Џоана (26.10.2020); Вебинар за постигнувањата и предзвиците во имплементирањето на Агендата за положбата на жените, мирот и безбедноста, УНСЦР 1325 (29.10.2020); Вебинар за Евроатлантската интеграција на Западен Балкан:кои се следните чекори (12.11.2020) и Рос-Рот семинар за Пост-пандемиската состојба во Јужен Кавказ (30.11.2020). Овие виртуелни состаноци ги следеше Секретаријатот на Делегацијата.

66-та Годишна сесија на ПС на НАТО, која за прв пат во виртуелен формат се одржа од **19 до 23 ноември 2020 г.** (Атина, Р.Грција), ја следеше Секретаријатот на Делегацијата, Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска.

Последната серија онлајн состаноци за 2020 година се одржа од **3 до 15 декември 2020:** Вебинар за иднината на контролата врз наоружувањето (3.12.2020), Состанок на Специјалната група за Медитеранот и Блискиот исток (11.12.2020) и Заеднички Вебинар на ПС НАТО и ДЦАФ (15.12.2020). Овие виртуелни состаноци ги следеше Секретаријатот на Делегацијата, Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г.Ѓорѓија Сајковски

**Членови:**г. Енес Ибраим, г. Абдула Салиу **Заменици-членови:** г-ѓа Марија Георгиевска, г-ѓа Иванка Василевска и г. Бедри Фазли

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како наследник на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна

меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно член 6 став 1 од Статутот, “Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Северна Македонија, Португалија и Сан Марино, по барање, се *еџ оффицио* членови на Собранието”.

Земји-членки (28) на Парламентарно-то собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Северна Македонија, Малта, Мавританија, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Романија, Србија, Словенија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Црна Гора. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а набљудувачи се: Арапската ИПУ, Медитеранската фондација, Лигата на арапски држави, Консултативниот совет на МАГРЕБ, ПАБСЕК, УНЕСКО, Светската метеоролошка организација и неколку медитерански иницијативи (ЕМУНИ, МЕДРЕГ, ПУИЦ, ЦТБТО, Унија за Медитеранот).

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите-членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела, на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Собранието на Република Северна Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

Во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година Делегацијата немаше активности.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г. Абдула Салиу
**Членови на Делегацијата:** г. Ненад Коциќ
г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска и
г-ѓа Сафије Садики Шаини.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, кои што се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова Собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на образованието и комуникациите во франкофонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 88 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат четири комисии: за политички прашања; за образование, комуникациии и културни прашања; за соработка и развој и за парламентарни прашања, четири регионални собранија: Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа, Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберколоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Собранието во Парламентарното собрание на Франкофонијата за прв пат основало Секција во ПС на Франкофонијата во јануари 2001 година. Во овој парламентарен состав претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 13 октомври 2020 година во име на пратениците кои го користат или се служат со францускиот јазик донесе Одлука за основање на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата.

Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 13 и 14 октомври 2020 година. Секцијата брои девет членови, Бирото на Секцијата шест членови, а Делегацијата четири членови.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

Во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година Делегацијата немаше активности.

**ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА**

**Шеф на Делегација:** г.Талат Џафери
**Членови:** г.Мартин Костовски, г. Павле Трајанов, г. Владо Мисајловски и г.Хусни Исмаили
**Заменици-членови:** г-ѓа Фаница Николовска, г.Иван Стоиљковиќ, г. Петар Ристески и г-ѓа Вјолца Адеми

Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и понатамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

*Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

*Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката,

внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

*Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

*Интензивирање на парламентарни-те дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондации.

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии: Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сѐ заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

На Седницата на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 9 декември 2020 година во виртуелен формат, во рамките на Турското претседателство, учествуваа г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор и г-ѓа Биљана Огненовска, заменик на националниот координатор.

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Северна Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март

2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Северна Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Северна Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Северна Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска унија - РСМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Северна Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Северна Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Северна Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година**

Во периодот од 4 август 2020 година до 31 декември 2020 година Делегацијата немаше активности.

# 6.2. ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**Европски парламент**

На 3 ноември 2020 година, се одржа виртуелна средба на ПСРСМ Талат Џафери, координарорите на пратеничките групи и претставниците што немаат пратенички групи со тројката задолжена за водење на Жан Моне дијалогот во Европскиот парламент: г. Андреас Шидер, г-ѓа Марион Валсман и г. Илхан Ќучук. Средбата беше консултативна во однос на досегашните активности во рамките на дијалогот и можните начини како да се продолжи во иднина, поточно за тоа како ќе се води дијалогот во иднина, во контекст на актуелната пандемија предизвикана со вирусот Ковид-19.

# 6.3. БИЛАТЕРАЛА

Пратениците г.Фадил Зендели и г-ѓа Маја Морачанин на 17 ноември 2020 година остварија видео состанок во врска со претстојната соработка за демократски развој со Шведскиот парламент. На состанокот од шведската страна учествуваа г-ѓа Лота Џонсон Форнарве, втор заменик претседател во Шведскиот парламент и г-ѓа Керстин Лундгрен, трет заменик претседател на Шведскиот парламент.

Пратениците: г. Фадил Зендели, г. Мартин Костовски, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова, г. Александар Велјановски, г-ѓа Арта Биљали Зендели и г-ѓа Арбана Пашоли на 7 декември 2020 година остварија видео состанок со колегите од Шведскиот Риксдаг, г-ѓа Лота Џонсон Форнаве, г-ѓа Керстин Лундгрен, г. Пири Ниеми, г-ѓа Карин Енстром, г. Бјорн Содер, г. Пер Шолдберг, г-ѓа Софија Дам, г. Јоар Форсел и г-ѓа Ана Сибинска, во рамките на соработката за демократски развој, воспоставена меѓу пратениците на Собранието на Република Северна Македонија и Риксдагот на Кралството Шведска.

По повод одбележувањето на 25-годишнината од воспоставувањето дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Државата Израел, на 7 декември 2020 г. се одржа средба во виртуелен формат меѓу г-ѓа Рашела Мизрахи, претседателка на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел и г. Одед Форер, претседател на Групата за пријателство со Парламентот на Република Северна Македонија во Кнесетот. На средбата присуствуваа и в.д.Амбасадорот на Република Северна Македонија во Израел, г. Александар Аврамовски и г. Дан Оријан, Амбасадор на Државата Израел во Република Северна Македонија со седиште во Ерусалим, како и секретарите на пратеничките групи.

Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Француската Република на 15 декември 2020 г. оствари средба во Собранието со францускиот амбасадор, Н.Е. г. Сирил Бомгартнер. На средбата присуствуваа пратениците: г. Александар Николоски, претседател на Групата, членовите: г. Владо Мисајловски, г. Антонијо Милошоски, г-ѓа Снежана Калеска Ванчева, г-ѓа Лидија Тасевска и г-ѓа Соња Михаиловска, како и секретарот на Групата, г-ѓа Ана Качакова.

Во рамките на официјалната посета на Република Северна Македонија на д-р Мустафа Шентоп, претседател на Големото национално собрание на Турција, пратеникот Бејџан Илјаз, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Турција учествуваше на средбата со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија м-р Талат Џафери, симпозиумот по повод 21 Декември - Денот на турската настава и работниот ручек со Делегацијата.

Со поддршка и ангажман на Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, на 22 декември 2020 г. се одржа средба во виртуелен формат меѓу г. Кастриот Реџепи, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство и г. Мартин Викерс, претседател на Сепартиската парламентарна група за соработка со Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и амбасадорката на Република Северна Македонија во Обединетото Кралство, г-ѓа Александра Миовска, како и секретарите на пратеничките групи г-ѓа Ана Качакова и г. Макс Барнет.

# 7.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

# 7.1.Меѓународна активност и протоколарни средби




# 7.2.Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери на Свечена академија по повод 110 годишнина од раѓањето на Мајка Тереза - Промоција на книгата „Од Гонџе Бојаџиу до Мајка Тереза" **(26 август 2020)**

Обраќање на Н.Е. г. Борут Пахор, претседател на Република Словенија пред пратениците во Собранието на Република Северна Македонија **(25 септември 2020)**

Основање и промовирање на „Интерпатиската парлментарна група за правата на ЛГБТИ лицата", во Собранието на Република Северна Македонија, по повод Меѓународниот ден на човековите права **(10 декември 2020)**

**Годишно обраќање** на Н.Е. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија пред Собранието на Република Северна Македонија **(16**

**декември** 2020)

Конститутивна седница на Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија **(30 декември 2020)**

# 7.3.Свечени изјави

Свечена изјава на **г. Талат Џафери,** претседател на Собранието на Република Северна Македонија **(21 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Зоран Заев,** претседател на Владата на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **м-р Радмила Шекеринска Јанковска,** министер за одбрана на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Оливер Спасовски,** министер за внатрешни работи на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Бојан Маричиќ,** министер за правда на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Артан Груби,** министер за политички систам и односи меѓу заедниците на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Бујар Османи,** министер за надворешни работи на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Фатмир Бесими,** министер за финансии на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Крешник Бектеши,** министер за економија на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **Арјанит Хоџа,** министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Венко Филипче,** министер за здравство на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г-ѓа Мила Царовска,** министер за образование и наука на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава **г-ѓа Јагода Шахпаска,** министер за труд и социјална политика на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Горан Милевски,** министер за локална самоуправа на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г-ѓа Ирена Стефоска,** министер за култура на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Јетон Шаќири,** министер за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Благиј Бочварски,** министер за транспорт и врски на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Насер Нуредини,** министер за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Љупчо Николовски,** министер без ресор на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Никола Димитров,** министер без ресор на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г. Фатмир Битиќи,** министер без ресор на Република Северна Македонија **(30 август 2020)**

Свечена изјава на **г-ѓа Мери Радевска,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(11 септември 2020)**

Свечена изјава на **г. Башким Хасани,** заменик на министерот за одбрана на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)**

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Назим Буши,** заменик на министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Агим Нухиу,** заменик на министерот за правда на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Илхан Рахман,** заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Фатмире Исаки,** заменик на министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Димитар Ковачевски,** заменик на министерот за финансии на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Зоран Маневски,** заменик на министерот за економија на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Трајан Димковски,** заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Илир Хасани,** заменик на министерот за здравство на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Арафат Шабани,** заменик на министерот за образование и наука на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Енвер Хусејин,** заменик на министерот за труд и социјална политика на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Зоран Димитровски,** заменик на министерот за локална самоуправа на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Седат Сулејмани,** заменик на министерот за култура на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Александар Бајдевски,** заменик на министерот за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Беким Реџепи,** заменик на министерот за транспорт и врски на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Христина Оџаклиеска,** заменик на министерот за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија **(23 септември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Фаик Арслани,** член на Совет на Јавни обвинители на Република Северна Македонија **(9 октомври 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Антонио Јолевски,** член на Совет на Јавни обвинители на Република Северна Македонија **(9 октомври 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Коле Штерјев,** член на Совет на Јавни обвинители на на Република Северна Македонија **(9 октомври 2020)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Фиданка Рајевска,** член на Совет на Јавни обвинители на Република Северна Македонија **(9 октомври 2020)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Добрила Кацарска,** судија на Уставениот суд на Република Северна Македонија **(26 ноември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Горан Мисовски,** потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија **(26 ноември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Горан Мисовски,** потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија **(26 ноември 2020)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Павлина Црвенковска,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(18 декември 2020)** |
| Свечена изјава на **г. Иџет Мемети,** член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(18 декември 2020)** |

Свечена изјава на **г. Љупчо Ивановски,** член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(18 декември 2020)**

# 7.4.Доделување државни награди

Доделување на Државна награда **„8 Септември"- (8 септември 2020)**

- **Добитници на Државна награда:**
  **г.Љуљзим Вренези,** за животно дело;
  **г. Сократ Ефтимовски;**
  **г. Бесник Мурати;**
  **г. Ванчо Јовановски;**
  **г. Ѓорги Вучков.**

Доделување на Државната награда **"22 Ноември"- (22 ноември 2020)**

- **Добитници на Државна награда:**
  **Проф. д-р Џеват Лоши,** албанолог;
  **Академик Али Алиу,** книжевен критичар.

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# 8.1. Канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици

Со Законот за Собрание е уредено и предвидено функционирањето на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ. Овој начин на комуникација со избирачите е воспоставен како проект поддржан од НДИ, ИПД,УСАИД, Швајцарската агенција за развој и соработка и ЗЕЛС уште во 2003 година.

Целта на овие канцеларии е да се овозможи на граѓаните да имаат директна комуникација со своите пратеници, да разменуваат информации, да даваат предлози и сугестии за одредени прашања и полесно да ги искажат проблемите и да најдат заеднички решенија (да учествуваат во изнаоѓањето решенија) за истите.

Одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ до 4 август 2020 година имаше отворено вкупно **46** канцеларии, во следиве општини: Прилеп, Неготино, Велес, Дебар, Бутел, Кочани, Делчево, Берово, Крива Паланка, Кратово, Штип, Радовиш, Валандово, Аеродром, Гостивар, Василево, Гевгелија, Кавадарци, Струмица, Виница, Куманово, Свети Николе, Битола, Македонски Брод,Охрид, Карпош, Тетово и Ресен.

Реализирани работни задачи и превземени активности во 2020 година

- воспоставување редовна соработка со единиците на локална самоуправа (ЕЛС) во насока на обезбедување на канцеларии за пратениците и нивното функционирање во изборните единици во рамките на општината со цел избраните претставници на граѓаните да можат редовно и директно да комуницираат со граѓаните;
- постојана координација на активностите со Координаторите на Пратеничките групи, Генералниот Секретар на Собрание на Република Северна Македонија и Потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија;
- отворање на канцелариите преку комуникација со единиците на локалната самоуправа, ангажирање на асистентите во пратеничките канцеларии, следење на работата на асистентите и пратеничките канцеларии преку добивање и разгледување месечни извештаи од сите канцеларии;
- издавање на ИКТ опрема (опремување на канцелариите со ИТ-опрема како и составување на Записник за Задолжување / Раздолжување на ИТ-опремата);
- Доставување на Дописи до општините;

- следење на работата на лицата ангажирани во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици;
- Давање на упатства, стручна помош и совети за извршување на работите на лицата ангажирани во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици(доставување на извештаи, пополнување на формулари и Обрасци за евиденција на оперативните трошоци);
  - директно учествување во извршување на работите како и организирање на работата во одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици;
  - попис на целата ИТ опрема во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици;
  - координација на активностите со Секторот за финансиски прашања во врска со плаќање на хонорарите и средствата за оперативни трошоци за одржување на канцеларијата за асистентите во канцелариите на пратениците.

Реализирани активности во период од месец Јануари - август 2020 година во канцелариите на пратениците:

- Број на посети на Канцеларијата за комуникација со граѓаните: 1681
- Број на новорегистрирани случаи (без оглед дали се решени или сè уште отворени): 897
- Број на решени случаи: 498
- Број на поднесени пратенички прашања: 8
- Број на граѓански иницијативи покренати во Собранието на Република Сверна Македонија: 8
- Број на настани за опфат на граѓаните: 476

Организирани обуки од ОБСЕ за јакнење на капацитетите на вработените во Одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ:

а) Обука1: Тренинг за тренери-Учење кај возрасните: Обучувач, фацилитатор и ментор—сет на вештини и знаења. Период: 8-10 декември 2020 година;

б) Обука 2: Обука за дигитални алатки (Користење на платформа и алатки за онлајн настани) Вовед во Зоом, Вовед во Падлет, Јамбоард и Ментиметер. Период: 11 и 14 декември 2020 година;

ц) Обука 3: Обука за напреден МС Оффице Еџцел 2016 (бази на податоци, анализа, известување) Период: 15 - 28 декември 2020 година.

Со последната донација на ден 29.12.2020, ОБСЕ обезбеди 65 комплета на ИТ опрема (Компјутер, монитор и принтер) за опремување на канцелариите, вклучувајќи поддршка за одржување на обуки и техничка помош, како и редовна посета на канцелариите.

Во 2020 година Председателот на Собрание на Република Северна Македонија даде согласност за обезбедување финансиски средства со Буџетот за 2021 година за ангажирање до 75 лица од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, во бруто износ од 10.000 денари, месечен надоместок за извршена работа.

.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент.

Со е-Парламент опфатени се следниве процеси:

1. Прием на материјали
    - креирање на материјал
    - прием и архивирање на материјал
    - известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
    - Закажување на седници
    - Водење на седниците
    - Додавање на заклучоци
    - Додавање на извештаи

3. Собраниски седници
    - Закажување на седници
    - Водење на седниците
    - Додавање на заклучоци
    - Додавање на извештаи
    - Додавање на стенограми
    - Додавање на аудио и видео записи
    - Додавање на гласања

4. Пратенички прашања
    - најави на пратенички прашања

- додавање на поставени прашања
- додавање на одговори

Решението интегрира повеќе законодавни постапки и чекори во еден дистрибуиран и оркестриран процес кој се преобразува од подготовка и извршување на законодавната постапка „со хартија" во „без хартија" .

Е-Парламент системот го опфаќа целиот процес на парламентарното законодавство, обезбедувајќи високо ниво на ефикасност, економичност, мобилност, транспарентност и одговорност во постапката. е-Парламентот дава пристап до богати, контекстуални информации и овозможува побрзо донесување на одлуки преку лесниот пристап до информациите.




Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.

Службениците и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања и видео записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.



Седница | Документи | Видео записи

Дневен ред за седница бр.20 на Собрание на Р. Северна Македонија

Продолжение бр.7 на седница бр.20 закажано на 06.11.2020 во 12:00 часот во Голема сала. (Завршена)

Дневен ред за седница бр.20

1. Предлог на закон за ратификација на Дополнителниот протокол за привилегии и имунитети на Организацијата за црноморска економска соработка;
2. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за статусот на Меѓународните воени команди воспоставени во согласност со Северноатлантскиот договор;
3. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили;
4. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година;
5. Предлог на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравственоекономската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка;
12. Предлог за престанок на функцијата член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија;
13. Предлог за избор на судија на Уставен суд на Република Северна Македонија;
14. Предлог на закон за изменување на Законот за приватно обезбедување - I читање;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар - I читање;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам - I читање;
17. Предлог на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација - I читање;

За поефикасно извршување на работните задачи во услови на здравствена криза, Собранието ја опреми Службата со 100 преносни компјутери. Набавката беше финансирана со Договорот за реализирање на финансискиот придонес во рамките на Програмата за поддршка на парламентот, од страна на Швајцарската агенција за развој. Во рамките на истата програма беше набавена и инсталирана активна и пасивна мрежна опрема, со што се постигна зголемување на безбедноста, надежноста и достапноста на мрежата, се зголеми и забрза преносот на информации, и се обезбеди далечинско управување и контрола на мрежните уреди и контрола на искористеноста на мрежните капацитети.



Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република година, Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб-страна.

Бројот на корисници на паметни телефони и таблети рапидно расте, како и времето што корисниците го трошат во прелистување на веб страници преку овие уреди. Собранието им овозможува со својот портал индивидуален пристап на овие корисници и полесно достапни информации. Страниците на порталот се поврзани и со профилите на Собранието на социјалните мрежи со што е овозможена и комплетна интерактивност со корисниците.

Архитектурата на порталот е внимателно планирана за да се осигура дека потребите на сите целни групи се исполнети и корисниците секогаш може да ги добијат бараните информации. Целата работа на Собранието е презентирана транспарентно на сајтот во повеќе јазични верзии, со навигациска структура која нуди современо и модерно корисничко искуство.

На веб-страната можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат,

сите извештаи поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео записи од седници и извештаи од седници на работни тела.

Веб-страната е богата со содржини и можности како упатување на прашања до претседателот на Собранието и пратениците, информации за канцелариите за контакт со граѓаните, електронски весник, увид во библиотечниот фонд на парламентарна библиотека и многу други содржини.

На веб-страната може да се најде и архивата на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес. Исто така, преку веб-страната може да се следат собраниските седници во живо.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Северна Македонија воведе свој Фацебоок, Тњиттер и Ѕоутубе профил, додека на Флицкр може да се најде богата колекција на фотографии. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-страната на Собранието. Содржини кои се споделуваат се дневниот ред на седниците, седници на работни тела и меѓународни и други активности на пратениците.



# 8.3.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

**1.** Директни преноси од пленарните седници во Собранието на Република Северна Македонија;

**2.** Директни преноси од комисијата за финансирање и буџет-ребаланс на буџетот за 2020 и усвојување на буџетот за 2021 година;

**3.**Снимки од работата на собраниските тела - сумирани податоци за бројот на седениците на секое работно тело и вкупното времетраење;

**4.** Месечен преглед за искористеното програмско време;

*содржини од Собрание на Република Северна Македонија;
*соопштенија и прес-конфереции од владата на Република Северна Македонија за пандемијата од Ковид;
*предвремени парламентарни избори — бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес;
*предвремени локални избори во општините - Штип и Пласница бесплатно политичко претставување на кандидатите за градоначалници;
*архивски содржини и преноси од ЈРП-МТВ.

**5.** Емитувани други соджини на Собранискиот канал

## 1. ЕМИТУВАНИ ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ

### 1. Директни преноси од пленарните седници

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јануари | 18 | 2.503 |
| февруари | 16 | 1.361 |
| март | / | / |
| април | / | / |
| мај | / | / |
| јуни | / | / |
| јули | / | / |
| август | 12 | 1.206 |
| септември | 8 | 1.248 |
| октомври | 12 | 1.783 |
| ноември | 11 | 1.345 |

| | | |
|---|---|---|
| декември | 24 | 2.803 |
| **Вкупно** | **101** | **12.249 мин** |

## 2. Директни преноси од Комисија за финансирање и буџет

**Ребаланс на буџетот за 2020**

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| октомври | 7 | 2..699 мин |
| **Вкупно** | **7** | **2.699 мин.** |

**Усвојување на буџет за 2021**

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| ноември | 4 | 1.064 мин |
| декември | 5 | 960 мин |
| **Вкупно** | **9** | **2.024 мин.** |

## 3. Емитувани снимки од седниците на собраниските тела

**Собраниски работни тела**
**бр.на заседанија време**

**во мин.**

Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците 23
1.359
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за финансирање и буџет
15 1.114
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за здравство
8 734
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за труд и социјална политика
13 700
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за надворешна политика
12 642
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за култура
4 145
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за транспорт,врски и екологија
18 727
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за земјоделство,шумарство и водостопанство 7
593
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за одбрана и безбедност
15 351
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за економски прашања
7 286
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за европски прашања
15 1.233
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за образование,наука и спорт
8 862
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за прашања на изборите и именувањата
8 362
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за локална самоуправа
1 05
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------Комисија за делов. и мандатно имунитетни прашања 7
60
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комисија за еднакви можности на жените и мажите
3 340
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Национален совет за евроинтеграции
1 59
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Законодавно-правна комисија
64 1.175
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Комитет за односи меѓу заедниците
1 10
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Буџетски совет на Собрание на РСМ
1 53
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------Комисија за надзор над спроведувањето 5
7
на мерките за следење на комуникациите
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните
5 194
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Интерпартиска парламентарна група за
1 45
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
правата на ЛГБТ лица
Конститутивна седница на Клуб на пратенички
1 46
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Конститувна седница на Клубот на млади пратеници 1
29
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Верификациона комисија
9 60
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Вкупно**
**253 11.191 мин.**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од 17 февруари 2020 година Собранието на Република Северна Македонија не заседав . Новиот парламентарен состав со активностите стартуваше од 4 август 2020 година.

**4. Месечен преглед за искористеното програмско време :**

**Емитувана програма на Собраниски канал – Јануари 2020**

| Собраниски активности + телопи до почеток на седниците | МТВ –Архива | МТВ- преноси | Спорт- директни преноси,снимки |
|---|---|---|---|
| 113 ч. 06 мин | 230 ч. 16 мин | 2 ч. 14 мин | 14 ч. 47 мин |
| | | Свечена академија- Свети Сава | |

**Емитувана програма на Собраниски канал – ФЕВРУАРИ- 2020**

| Собраниски активности + телопи до почеток на седниците | МТВ –Архива | МТВ- преноси | Спорт- директни преноси,снимки |
|---|---|---|---|
| 54 ч. 19 мин. | 294 ч. 29 мин. | | 7 часа 11 мин. |

**Емитувана програма на Собраниски канал – МАРТ 2020**

| Корона информации + пресови во влада на РСМ | МТВ – Архива | МТВ- преноси | Спорт- директни преноси,снимки |
|---|---|---|---|
| 239 ч. 50 мин | 230 ч. 36 мин. | | 1 часа 34 мин. |

**Емитувана програма на Собраниски канал – АПРИЛ 2020**

| Корона информации + пресови во влада на РСМ | МТВ –Архива | МТВ- преноси | Спорт- директни преноси,снимки |
|---|---|---|---|
| 238 ч. 13 мин | 131 ч 47 мин | | |

**Емитувана програма на Собраниски канал – МАЈ 2020**

| Корона информации + пресови во влада на РСМ | МТВ – Архива | МТВ- преноси | Спорт- директни преноси,снимки |
|---|---|---|---|
| 222 ч. 47 мин | 137 ч 13 мин | | |

**Емитувана програма на Собраниски канал – ЈУНИ 2020**

| Корона информации + пресови во влада на РСМ | МТВ –Архива | Бесплатно политичко претставување за предвремени парламентарни избори + соопштенија |
|---|---|---|
| 157 ч. 49 мин | 192 ч. 35 мин. | 9 ч. 36 мин. |

**Емитувана програма на Собраниски канал – ЈУЛИ 2020**

| МТВ –Архива | Бесплатно политичко претставување за предвремени парламентарни избори + соопштенија |
|---|---|
| 353 ч. 56 мин. | 20 ч.. 04 мин. |

**Емитувана програма на Собраниски канал – Септември 2020**

| Собраниски активности + телопи до почеток на седниците | МТВ –Архива |
|---|---|
| 21 час 10 мин | 288 часа 50 мин |

| Собраниски активности + телопи до почеток на седниците | МТВ –Архива |
|---|---|
| 30 часа 56 мин. | 329 часа 04 мин. |

**Емитувана програма на Собраниски канал – Септември 2020**

**Емитувана програма на Собраниски канал – Октомври 2020**

| Собраниски активности + телопи до почеток на седниците | МТВ –Архива |
|---|---|
| 129 ч. 48 мин. | 231 ч. 03 мин. |

**Емитувана програма на Собраниски канал – Ноември 2020**

| Собраниски активности + телопи до почеток на седниците | МТВ – Архива | Бесплатно претставување – предвремени локални избори-Штип,Пласница |
|---|---|---|
| 85 ч.15 мин | 278 ч. 02 мин | 44 мин. |

**Емитувана програма на Собраниски канал –Декември 2020**

| Собраниски активности + телопи до почеток на седниците | МТВ – Архива | Бесплатно претставување – предвремени локални избори-Штип,Пласница |
|---|---|---|
| 229 ч. 24 мин | 154 ч. 11 мин | 1 ч. 17 мин . |

**Од 24.06 до 12.07.2020 - Собранискиот канал-МТВ ,согласно обврските од** Изборниот законик на учесниците на предвремените парламентарни избори одржани од од 12 до 15 јули 2020 година, им овозможи бесплатно политичко претставување на изборните кампањи. Во изборниот процес учествуваа 5 парламентарните партии/коалиции и тие на дневна основа имаа вкупно 3 часа за бесплатно претставување,односно секој од нив по 36 минути.

Вонпарламентарните партии /на овие избори учествуваа 10/ имаа вкупно по 1 час секојдневно, односно секоја од нив имаше по 6 минути на дневна основа. Од вкупно 15 учесници во изборниот процес, времето го искористија 10 политички субјекти, 2 парламентарни коалиции и 8 вонпарламентарни партии/коалиции. Редоследот во емитувањето беше ротирачки, според ждрепката направена од ДИК.

**Од 21 ноември до 10 декември 2020 година -Собранискиот канал-МТВ, согласно обврските од** Изборниот законик на учесниците на предвремените локални избори во општините Штип и Пласница им овозможи бесплатно

политичко претставување на изборните кампањи. Во изборниот процес учествуваа - 7 кандидати/5 во Штип и 2 во Пласница / Тие беа, благовремено информирани, за времето што го имаат за бесплатното претставување /по 1 мин и 40 сек/ секојдневно за деновите на изборната кампања.

На 23 ноември 2020 беше доставен првиот видео материјал и оттогаш започна и емитувањето на Собранискиот канал

### 5. Емитувани други содржини на Собраниски канал

**Јануари - На 27 јануари 2020-** Емитуван директен пренос од Свечената академија

-Св. Сава –преносот е реализиран на барање на српската редакција, бидејќи не можел да оди на вториот програмски сервис наменет за емитување на програми на заедниците во РСМ. Преносот траел - 134 мин.

**Февруари - 7 февруари 2020** –Конференција : Транспарентност на Собранието – Предизвици за новиот парламентарен состав –емитувана снимка на 7 февруари 2020 -тр. 162 мин.

**Март – 19 март 2020 –** изјава на Претседателот на Собрание на Република Северна Македонија г. Талат Џафери на македонски на албански јазик – вкупно времетраење - 11 мин.

**Мај – 6 мај 2020 - Пренос –** ТВ училница - Во соработка со Министерството за Образование - поради пандемијата -тр. 1 ч. и 35 мин.

**Септември – 8 септември .2020 –** Доделување на Државната награда - 8 Септември - снимка - тр. 40 мин.

**Ноември - 22 ноември 2020** на Собраниски канал емитувана е снимка од доделувањето на Државната награда 22 Ноември во Собранието на Република Северна Македонија - тр.30 мин

**Декември - 31 декември 2021-** Емитувана Новогодишна честитка од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г.Талат Џафери на македонски и на албански јазик. - тр.11 мин

На Собраниски канал од 30 септември 2019 се емитува 12 часа програма, односно од 10.00 - 22.00 часот, освен кога има директни преноси од пленарните седници што траат и по 22.00 часот.

Поради скромните ресурси за производство на сопствена програма како од страна на ЈРП-МРТ, така и на Собранието на Република Северна Македонија, програмската шема во сите изминати години е базирана на собраниските активности, а преостанатиот дел од времето Јавниот сервис го надополнува со архивски материјали. Имајќи предвид, дека изборот на архивските материјали станува се поoскуден како од содржински така и од визуелен аспект, проблемот и натаму останува.

# 8.4. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1.029 претставници на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностите на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието („Службен весник на Република Македонија” број 89/2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес-центар со телефонски линии и компјутери. До сите акредитирани медиуми редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| **НАЗИВ** | **број на акредитирани лица** |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| **ТЕЛЕВИЗИИ** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 13 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 63 |
| МРТ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 22 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 14 |
| РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 3 |
| РЕДАКЦИЈА НА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 35 |
| ТЕЛМА | 38 |
| АЛ САТ | 35 |
| СИТЕЛ | 67 |
| ТВ ЕРА | 12 |
| ТВ АЛФА | 31 |
| НАША ТВ | 9 |
| ТВ СОНЦЕ | 10 |
| ТВ „Е” | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 45 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 7 |
| ТВ 21М | 23 |
| ТВ ШЕЊА | 20 |
| НОВА ТВ | 7 |
| **РАДИЈА** | |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 21 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 15 |

| | |
|---|---|
| КАНАЛ 77 | 5 |
| РАДИО МОФ | 5 |
| **ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** | |
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 21 |
| ВЕЧЕР | 14 |
| КОХА | 15 |
| ЛАЈМ | 10 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ | 11 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 11 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 20 |
| КАПИТАЛ | 4 |
| СКОПСКО ЕХО | 20 |
| **ИНТЕРНЕТ МЕДИУМИ** | |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК | 25 |
| РЕПУБЛИКА | 7 |
| А1 ОН | 4 |
| КУРИР | 9 |
| МКД.МК | 4 |
| РЕПОРТЕР.МК | 5 |
| МЕТА.МК | 4 |
| САКАМ ДА КАЖам | 12 |
| НЕЊСРООМ.МК | 10 |
| ПОСТ.МК, МЕДИА.МК | 12 |
| ФАКУЛТЕТИ.МК | 4 |
| ЛОКАЛНО.МК | 2 |
| ЦЕНТАР.МК | 3 |
| ФРОНТЛИНЕ.МК | 5 |
| АЛБАНЕВС 24 | 2 |
| ИНФОМАКС | 3 |
| 24 ИНФО | 2 |
| НАРОДЕН ГЛАС | 1 |
| ЊУЗ 33/ Нењс 33 | 1 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 52 |
| МАКФАКС-агенција | 22 |
| ОБСЕ | 36 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 3 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 2 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ (на македонски јазик) | 8 |
| РОМА ПРЕС | 3 |
| ЗАМАН | 5 |
| АНАДОЛУ АГЕНЦЅ | 11 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| е РЕПОРТЕР | 4 |

| | |
|---|---|
| ЖУРНАЛ | 6 |
| ДИВЕРСИТС МЕДИА ПРОДУЦТИОН | 4 |
| ПЛУСИНФО | 9 |
| БРИФ | 5 |
| ПОРТАЛБ | 4 |
| БИРН | 5 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 4 |
| ИНБОКС 7 | 11 |
| АКТУЕЛНО | 1 |
| ПРОДУКЦИЈА 360 СТЕПЕНИ | 16 |
| АЛМАКОС | 6 |
| ЦИВИЛ МЕДИА | 7 |
| 24 ВАКТИ | 3 |
| АРТ ЦХАННЕЛ | 2 |
| НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА СЛЕПИ | 1 |
| ГЛОБУС | 1 |
| ПРЕССИНГ ТВ | 10 |
| ИН 7 | 3 |
| ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА | 12 |
| УНИЈА ЗА КУЛТУРА НА ВЛАСИТЕ - Списание Влашки збор | 1 |

Одделението секојдневно ја ажурира веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија - њњњ.собрание.мк, објавувајќи ги собраниските активности, соопштенија, најави за средби, прес-конференции и други разни материјали за потребите на Собранието, како: Годишен извештај, „Мојот пратеник”, завршни сметки, МПК билтен, ЕУ весник, огласи, банери, публикации, акти, проекти, активности на Парламентарниот институт, итн., сето тоа на македонски и на албански јазик, делумно и на англиски и француски јазик.

Исто така, Одделението врши прибирање на информации, електронска обработка на податоци и ажурирање на податоците во врска со биографиите на пратениците, составот на делегации, совети, пратенички групи, работни тела и Клуб на пратенички.

Притоа, за сите собраниски актуелности, Одделението, по електронски пат, ги информира медиумските куќи.

Одделението ги најавува и проследува официјалните и работните средби во Собранието на Република Северна Македонија и потоа известува за истите преку веб-страницата. Воедно, ги преработува и Извештаите од седниците на работните тела и ги објавува на веб-локацијата.
Дневната агенда и сите собраниски активности Одделението ги објавуваше и на социјалните мрежи *Фацебоок* и *Тњиттер*, по потреба и видео-материјали на

*Soyтубе*, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

На крајот од работниот ден, Одделението подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

# 9. ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА СОБРАНИЕТО

# 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Северна Македонија

Во функција на изготвување на Извештајот за работата на Собранието за периодот од 1 јануари до 31 декември, во продолжение ви ги проследуваме податоците за активностите чија реализација беше поддржана од страна на Националниот демократски институт (НДИ). Покрај активностите излистани по месеци, би сакале да подвлечеме дека НДИ и во изминатата година обезбедуваше редовна советодавна и консултативна поддршка на пратениците и пратеничките, како и стручната служба на Собранието во остварувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога.

Во продолжение е прегледот на активности даден по области и месеци:

***ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВНИОТ И НАДЗОРНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

- **јануари 2020** Поддршка на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот при организирање на јавната расправа „Проблемите на повратниците од земјите на Европската Унија согласно реадмисионите договори"
- **февруари - март 2020 година -** организирање на обука за претставници од собраниската служба на Обука за обучувачи во соработка со ЦЕФЕ Македонија.
- **март 2020 година -** поддршка за издавање на Мандатниот извештај на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.
- **09-10 јули 2020 година -** организација на Советување за претставници од собраниската служба за Правилна употреба на стандардниот македонски јазик во законите и подзаконски акти.

***ПОДДРШКА НА КЛУБОТ НА ПРАТЕНИЧКИ***

- **јануари - август 2020 година -** Обезбедување на асистентка за поддршка на Клубот на пратенички.
- **28 април 2020 година -** Регионален состанот на пратенички од Албанија, Северна Македонија на тема: Како може меѓупартиската соработка да помогне во одржувањето на демократските принцип за време на КОВИД-19 пандемијата?

***ПОДДРШКА НА КЛУБОТ ЗА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ***

- **30 јануари 2020,** средба на Клубот со претставници на државни органи и институции кои ќе бидат задолжени за спроведување на новиот Закон за младинско учество и младински политики

***ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА***

- **9, 17, 23 јануари 2020 година -** спроведени се серија на работилници со работната група за ЦАФ (ЦАФ) за различните критериуми од Методологијата за самопроценка (Заедничка рамка за управување со квалитет - Цоммон Ассесмент Фрамењорк (ЦАФ)) која е всушност стандард за квалитет во работењето на јавната администрација.
- **јануари 2020 година -** Во рамки на сесијата на Жан Моне дијалогот која се одржа на 31 јануари - 1 февруари, ПСП даде придонес во подобрување на предлог одредбите за Деловникот за работа на Собранието во делот на надзорните расправи. На дијалогот исто така се постигна консензус околу потребата од воведување на собранискиот календар, со што во предложените измени воведени се и одредби за востопоставување на собраниски календар.
- **6 февруари 2020 година -** Управувачкиот совет за имплементација на Програмата за парламентарна поддршка го одобри Договорот за финансиски придонес на Програмата по што Претседателот на Собранието Талат Џафери и Директорот на НДИ го потпишаа Договорот за реализирање на финансискиот придонес во рамките на Програмата за парламентарна поддршка за периодот 2020-2023 година во висина од 1.637.207,00 (еден милион шестотини триесет и седум илјади и двеста и седум) швајцарски франци. На истата седница

Управувачкиот совет го одобри и Планот за јавни набавки за 2020 година од финансискиот придонес во рамките на Програмата за парламентарна поддршка.

- **јануари – март 2020 година –** ПСП во партнерство со Собранието и меѓународните партнери на проектот изработи и достави технички спецификации за мрежна опрема – хардвер и софтвер, уреди за крајни корисници – лаптопи, и софтвер за преведување.
- **3 - 5 март 2020 година -** Програмата за парламентарна поддршка организираше работилница со членови на службата на Собранието на Република Северна Македонија со цел да се почне процесот на подготовка на новиот акциски план за Партнерство за отворена власт.
- **4 - 6 март 2020 година -** се одржа работилница за приоритизација на мерките кои се дел од Извештајот за Заедничката рамка за управување со квалитет (ЦАФ). По финализирање на извештајот и Акцискиот план за подобрување во јули истите беа прифатени од Советот на собраниска служба и со потпишувањето од страна на Генералната секретарка Иванова во септември се финализираше процесот на самопроценка и финализирање на планото за подобрување.
- **јуни-август 2020 година** - ПСП во партнерство со Собранието и меѓународните партнери на проектот изработи и достави нацрт технички спецификации за Собраниско ТВ студио. Процесот на консултации и развивање на спецификациите продолжува.
- **јули 2020 година -** Програмата за парламентарна поддршка подготви и достави стручни коментари и предлози на Актите за внатрешна организација и систематизација на Собранието на Република Северна Македонија до работната група во согласност со измените на Законот за Собрание и независниот статус на собраниската служба.
- **јули 2020 година -** ПСП изработи и достави до Собранието Препораки за безбедна работа и реорганизација на работните процеси во Собранието на Република Северна Македонија.
- **25 август 2020 година -** Програмата за парламентарна поддршка организираше колегијална размена на искуства и најдобри пракси меѓу Цветанка Иванова - Генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија и д-р Душан Штрус - Генерален секретар на Националниот совет на словенечкиот парламент. Темите

кои беа опфатени на оваа колегијална стручна размена беа адаптација на работата на Собранието, службата и употребата на нови технологии со цел успешна и ефикасна работа во здрвствено-безбедни услови во време на пандемија.

- **август - септември 2020 година -** консултации и договор за финансиски придонес за поддршка на целите идентификувани во Предлог Стратешкиот план 2021-2023 година.
- **25 август 2020 година** - ПСП го помогна Собранието при организирањето на виртуелна работилница со дел од работната група Партнерството за отворена власт, вклучувајќи ги претставниците на граѓанските организации и членовите на службата на Собранието. Оваа работилница имаше цел да го продолжи процесот на подготовка на новиот акциски план за Партнерство за отворена власт.
- **септември 2020 година-** ПСП достави до собраниското лидерство и координаторите на пратеничките партии Анализа за одредбите на Деловникот за работа на Собранието од аспект на овозможување негово непречено работење во услови на пандемија или слични кризи
- **09 октомври 2020 година -** ПСП ги претстави идентификуваните стандарди за професии во рамки на собраниската служба пред работна група во Собранието. Во текот на декември 2020 година се спроведоа подетални групни дискусии и интервјуа со претставници од собраниската служба со цел финализирање на документот кој ги дефинира на стандардите за 11 најчести професии во Собранието.
- **19 октомври 2020 година -** ПСП организираше дискусија за стратешките цели на Собранието за институционална реформа, како и начините на поддршка во рамките на Програмата за парламентарна поддршка со претседателот на Собранието, координаторите на пратеничките групи и генералната секретарка на Собранието.
- **28 октомври 2020 година** - ПСП го помогна Собранието при организирањето на виртуелна конференција за Отворен Парламент, Акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023. Оваа е-конференција беше организирана во рамките на *Глобалната недела на отвореност на законодавството* #ГЛОЊ2020 која се организира од страна на Мрежата за Отворен Парламент (ОПеН) од 26 до 30 октомври 2020 година.
- **29 октомври 2020 година** – ПСП организираше вебинар на тема *Обезбедување на непречено работење на парламентот - Технолошки*

*прилагодувања во Естонија, Латвија и Словенија* каде се дискутираа ефектите од далечинското работење и можните решенија за парламентите. На настанот присуствуваа голем број на пратеници и претставници од службата на Собранието како и учесници од регионов и по широко. Овој вебинар беше организиран во рамките на *Глобалната недела на отвореност на законодавството* #ГЛОЊ2020 која се организира од страна на Мрежата за Отворен Парламент (ОПеН) од 26 до 30 октомври 2020 година.

- **11 ноември 2020 година** - ПСП организираше ЗООМ обука за надзорни расправи за членовите и замениците членови на Комисијата за финансирање и буџет за подготовка на надзорната расправа на на тема: „Утврдување на причините и извршувањето на законите во постапката за доведување до стечај на Еуростандард банка АД Скопје". Учесниците на обуката ги дискутираа чекорите, предизвиците и препораките за организирање и одвивање на успешна надзорна расправа.
- **ноември – декември 2020 година** – ПСП обезбеди коментари во процесот на подготовка на новиот акциски план за Партнерство за отворена власт.
- **10 декември 2020 година** - Основан е Управувачкиот совет за имплементација на Проектот за поддршка на парламентот во рамки на новиот собраниски состав. Управувачкиот совет го води претседателот на Собранието Талат Џафери, а членуваат потпретседателите, како и координаторите на пратеничките групи и генералната секретарка на Собранието.

***КОМИСИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКО ПАРТНЕРСТВО НА КОНГРЕСОТ НА САД (ХДП)***

- **16, 18-19 ноември 2020 година –** Три-дневен настан на Комисијата за демократско партнерство на Конгресот на САД за парламентарни кадри. Виртуелна размена помеѓу колегите и нивната улогата во истражувачките услуги, законодавниот надзор и улогата на библиотечните и истражувачките услуги во време на пандемијата КОВИД-19. На настанот учествуваа тројца претставници од Парламентарниот институт.

***ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН (ХДП)***

- **30 септември 2020 година -** Учество на Генералната секретарка на Собранието на годишниот форум на Генералните секретари на парламентите од Западен Балкан на тема *Континуираното работење на парламентите за време на КОВИД-19 и како парламентите се справуваат со предизвиците* (споделување на најдобри примери од парламентите)
- **15 декември 2020 година** - *Виртуелна обука за Визуализација на податоци - Добри практики и постоечки предизвици*. Настанот имаше цел да обезбеди можност за споделување на искуства во визуелизацијата на податоците и алатките кои што се користат во регионалните парламенти, размена на добри искуства и идентифкување на предизвици при воведувањето на оваа нова пракса. Во настанот учествуваа четворица претставници од службите на Собранието.

# 9.2. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Северна Македонија

**ВОВЕД**

Фондацијата за демократија на Вестминстер и Собранието на Република Северна Македонија, со поддршка на Британската амбасада во Скопје и во 2020 година ја продолжија соработката што беше започната со воспоставувањето на овој пратенички состав уште во 2017.

Врз база на активностите што беа имплементирани како дел од проектот "Поддршка на македонската парламентарна реформа" во 2017 и 2018, и Меморандумот за разбирање кој беше потпишан од страна на Претседателот на Собранието, г. Талат Џафери; Британската амбасадорка во Скопје, г-а Рејчел Галовеј и директорот на ВФД за Западен Балкан, Емил Атанасовски на 14 декември 2018, Фондацијата за демократија на Вестминстер продолжи да го поддржува Собранието, овој пат во рамки на програмата: "Иницијатива за демократија за Западен Балкан".

Целта на активностите во овој период беше зајакнување на вршењето на финансискиот надзор од страна на Собранието, преку работа со Собраниските комисии и служба. Дополнително, поддршката на Собранието беше насочена на подобро вклучување на прашањата поврзани со лицата со попреченост и младите, преку давање на поддршка на Интер партиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп и Клубот за младински прашања и политики.

**АКТИВНОСТИ**

**„Воспоставување на Парламентарна буџетска канцеларија"**

По формирањето на Парламентарната буџетска канцеларија во февруари 2020, главниот фокус на активностите на ПБК беа фокусирани кон профилирање на ПБК помеѓу пратениците, продуцирање на првите продукти и изработка на потребните документи (процедури, правилници и сл.) за непречено функционирање на ПБК . Во овој период беше формиран и новиот состав на управувачкиот одбор, по воспоставување на новиот состав на Собранието.
Како дел од овој процес во текот на 2020 година беа реализирани серија на активности и тоа:

**1. Формирање и состаноци на управувачкиот одбор во новиот состав**

Со изборот на новиот состав на Собранието, по изборите во јули 2020, беше формиран и новиот состав на управувачкиот одбор. Управувачкиот одбор како и претходно имаше за цел да ги дискутира и да ги разгледува клучните аспекти на процесот и да носи одлуки околу насоката во која истиот треба да се движи.

Во управувачкиот одбор беа вклучени клучните засегнати страни. Членови на управувачкиот одбор беа: Талат Џафери, Претседател на Собранието на РСМ; Горан Мисовски, Потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија и претседател на Буџетскиот Совет; Тимчо Муцунски, Претседател на Комисијата за финансирање и буџет; Цветанка Иванова, Генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија; Илир Селмани, Шеф на кабинетот на Претседателот на Собранието; Корнелија Радовановиќ, Британска амбасада во Скопје и Дамир Незири од Фондација за демократија на Вестминстер.

Управувачкиот одбор во новиот состав на Собранието одржа еден состанок, и тоа на 19 октомври 2020. На овој состанок беа усвоени процедурите за работа на ПБК, беше избрано лого и решение за брендирање на ПБК, беше донесена одлука за потребата од изработка на веб страна за ПБК. Дополнително, управувачкиот одбор дискутираше и донесе одлука за промени во вработените на ПБК. Потребата од ваквата одлука се појави по заминувањето на раководителката на ПБК од државата.

## 2. Распишување на оглас за вработување и избор на вработени за ПБК

Согласно со одлуката на управувачкиот одбор, по унапредувањето на еден од советниците во ПБК на позицијата Раководител на ПБК, а со цел пополнување на испразнетата позиција на 21.12.2020 беше објавен повик за вработување на Советник за буџетски и финансиски анализи. Огласот на почетокот беа објавени на веб страната на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), како и во два дневни весници (Слободен печат и Коха), додека истовремено огласот беше дисиминиран и рекламиран на социјалните мрежи, на официјалната страница на Фејсбук на ВФД - Иницијатива за демократија на Западен Балкан, на Линкдин и останатите мрежи. Огласот траеше до 3 јануари 2021 година, до кога траеше официјално и кампањата за регрутација на кадар.

Врз база на овие активности на повикот беа добиени 10 апликации за работната позиција.

## 3. Подготовка на информативни материјали и анализи од страна на ПБК

На почетокот од својата работа, Парламентарната буџетска канцеларија подготви годишна програма за работа во која беа вклучени материјалите и анализите кои канцеларијата планира да ги изготвува проактивно. Во оваа насока во 2020 беа изготвени:

- Анализа на предлог ребалансот на буџетот за 2020;
- Анализа на предлог буџетот за 2021;
- Анализа на завршната сметка за 2019;
- Неколку месечни приказни на макроекономските движења и тенденции;
- Неколку месечни прикази на фискалните движења и тенденции;
- Неколку квартални прикази на клучни макроекономски индикатори;
- Едукативен материјал за буџетскиот циклус во РСМ;
- Едукативен материјал/речник со буџетски поими.

На барање на пратеници, во текот на 2020, ПБК подготви 12 специфични анализи кои пратениците ги користеа во својата работа. Врз основа на ваквите анализи барем три амандмани на Предлог буџетот за 2021 беа прифатени од Собранието.

## 4. Презентации и едукативни настани за пратениците

Покрај изработката на финансиски анализи и истражувања за потребите на пратениците, ПБК во овој период реализираше и серија на едукативни настани и презентации на документи за потребите на пратениците.

ПБК на почетокот на мандатот беше дел од воведниот настан за новоизбраните пратеници, а во периодот што следеше, на покана на Парламентарниот институт, претставници на ПБК преку свои излагања придонесоа кон едукативните настани за пратениците кои беа организирани од страна на институтот.

Во декември 2020, на посебна средба на Комисијата за финансирање и буџет, претставниците на ПБК ја презентираа анализата на предлог буџетот за 2021, давајќи им можност на пратениците подобро да се запознаат со анализата, како и да поставуваат прашања во однос на истата.

**„Поддршка за поголемо политичко вклучување на лицата со попреченост"**

Фондацијата за демократија на Вестминстер, во партнерство со Полио Плус - Движење против хендикеп, ја продолжи соработката со Интер-партиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост. Ваквата соработка има за цел поголемо вклучување на прашањата поврзани со правата на лицата со хендикеп во работата на Собранието, како воопшто, поголемо вклучување на лицата со хендикеп во политичкиот живот во државата.

Во насока на формирање на ИППГ во новиот состав на Собранието, Полио Плус и ВФД имаа серија на средби и состаноци со координаторите на пратеничките групи, како и други пратеници од Собранието.

Врз основа на овие иницијални состаноци, може да се очекува кон почетокот на 2021 година да биде формирана оваа интерпартиска парламентарна група.

Паралелно на овие активности, ВФД поддржа реализација на серија на обуки за Парламентарниот институт. Целта на обуките беше да се зајакнат капацитетите на Институтот, особено на одделението за едукација, за работа и вклучување на лица со попреченост. Во оваа

насока беше изготвена и компаративна анализа за практиките и начините на вклучување на лицата со попреченост од страна на различни парламенти низ светот.

**„Поддршка на клубот за младински прашања и политики"**

Кон крајот на 2019 година, Фондацијата за демократија на Вестминстер започна соработка со Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија. Ваквата соработка продолжи и во 2020, по завршувањето на парламентарните избори и изборот на новите пратеници во Собранието. По идентификацијата на пратениците на возрст до 35 години, ВФД одржа средби со младите пратеници на кои беа запознаени со досегашната работа и можноста за воспоставување на клубот.

Во оваа насока на 29 октомври 2020 беше организирана иницијална средба на која учествуваа новоизбраните млади пратеници во Собранието на Република Северна Македонија. На оваа средба Претседателот на Собранието, г. Џафери и генералната секретарка г-а Иванова ја искажаа својата поддршка за Клубот за младински прашања и политики, како и важноста од ваквиот клуб како мост помеѓу различните партии во Собранието. На оваа средба младите пратеници избраа инцијативна група чија улога беше да го организира формирањето на овој клуб.

Како резултат на ова, на 4 декември 2020 во Собранието беше формиран Клубот за младински прашања и политики во новиот состав на Собранието. За прв координатор на клубот беше избран г. Јован Јаулевски од ВМРО-ДПМНЕ, а клубот брои 12 пратеници членови.

ВФД ќе продолжи да го поддржува работата на Клубот за младински прашања и политики и во периодот што следи.

**„Онлајн посета на Собранието за ученици од Клубови за демократско учество"**

Во соработка со Парламентарен институт на Собранието на Република Северна Македонија и Младински образовен форум - МОФ дваесетина ученици, членови на Клубовите за демократско учество формирани од ВФД, имаа онлајн посета на Собранието во месец јуни. Учениците на посетата

учеа за историјата на Собранието, неговата работа, дискутираа за законодавниот процес и парламентарната дебата и направија виртуелна обиколка низ институцијата.

# 9.3. Активности на ДЦАФ во Собранието на Република Северна Македонија

DCAF
a centre for security, development and the rule of law

**ДЦАФ**

**Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2017- 2020**

**Проект: Развој на парламентарен и независен надзор**

**Извештај за период од 04 август до 31 декември 2020 година**

**Општо за Програмата и Проектот**:

По интензивирањето на напорите за евро-атлантска интеграција на земјата во 2017 година се означија реформите во безбедносниот и разузнавачкиот сектор, како и на оние институции што имаат мандат да вршат надзор и контрола врз нив како итни и потребни за обезбедување на демократска транзиција и враќање на довербата на јавноста во институциите на државата. Како резултат на ова, ДКАФ му понуди стратешко партнерство на Парламентот што резултираше со потпишување на Меморандум за соработка на **3 мај 2018 *година*.**

Во рамките на оваа стратешка соработка, Парламентот и ДЦАФ се согласија да го спроведат проектот „Развој на парламентарен и независен надзор" како дел од пошироката Програма на ДЦАФ за реформа на разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2017-2020. Оваа Програма има два дополнителни кластери на активности: јакнење на способноста на правосудството за контрола на одобрувањето и ревизија на употребата на интрузивните мерки за собирање на информации и асистирање во зајакнување на мерките за внатрешните заштитни механизми, и одговорност во разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

Општата цел на Проектот е да го поддржи развојот на парламентарниот и независен надзор, поефективен Парламентот во демократското управување со институциите во рамките на разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

Проектот обезбедува техничка помош, совети од експерти, преглед на нацрт законодавство, обуки/работилници, студиски посети и поддршка за процесот на уредување на заштитена просторија за состаноци во зградата на Парламентот, за употреба на двете комисии за надзор на разузнавањето. Целта е да се олесни пренесувањето на знаењето и создавање на работни услови и процедури што помагаат во изградба на парламентарна експертиза и доверба во извршувањето на разузнавачки надзор.

За таа цел членовите на трите комисии за надзор на безбедноста и разузнавањето во почетокот на 2018 година заеднички развија Акциски план за соработка за ангажирање на ДЦАФ, каде што е дефиниран видот на поддршка, одговорностите и временските рамки.

*Во реализација на своите активности ДЦАФ се води по принципите на:* ***неутралност, локална сопственост/иницијатива и поттикнување на родовата еднаквост.***

## 1. Активности реализирани во периодот од 04 август до 31 декември 2020 година

Активностите може да се поделат во 2 групи:

1.1 Активности за зголемување на свеста и релевантната експертиза за парламентарен надзор над безбедноста и разузнавањето.

1.2 Активности за реализација на заштитената соба во Собранието.

Во периодот од 4 август 2020 до 31 декември 2020 година, ДЦАФ со Собранитето на Република Северна Македонија, како партнерска институција за Проектот ***Развој на парламентарниот и независен надзор***, покрај редовната секојдневна подршка на Собранието, реализираше една интернет регионална конференција за парламентармните служби од

регионот кои се занимаваат со надзор над безбеднсота и разузнавањето. На Конференцијата присуствуваа претставници од парламентарните служби на: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора.

## 1.1 Активности за зголемување на свеста и релевантната експертиза за разузнавачката одговорност на избраните парламентарци и служба за разузнавачки надзор

**АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ПЕРИОД ОД 04 АВГУСТ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2020**

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 1. | **РЕГИОНАЛНА ОНЛАЈН КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ СЛУЖБИ ОД РЕГИОНОТ 25-27 ноември 2019 ТЕМА: Моментални безбедносни закани и предизици за парламентарниот надзор.** | Подигање на знаењето и свеста за темите. Содржината опфатена од конференцијата опфаќа теми што произлегуваат од секојдневието и претставуваат глобални и регионални предизвици. Конференцијата беше организирана во три дена и поделена на три дела:<br>КОВИД 19 и улогата на парламентите за време на пандемијата.<br>ЕУ интеграција - новата медодологија за интеграција. Инклузија на Поглавјата 23 и 24 во Тематскиот Кластер - Фундаменти.<br>Актуелни безбедносни закани во Западен Балкан: сајбер безбедност, насилен екстремизам, миграции и бегалска криза. | 20 припадници од од 6 парл.2 служби<br>4-експерти<br><br>**Вкупно 24** |

**ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2020 ГОДИНА**

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 1. | **ПОЛУДНЕВНА** | Насоките за надзор на | 4-парл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **РАБОТИЛНИЦА**<br><br>**Скопје, 14 февруари 2020**<br><br>**Тема: Ревизија на публикација: Насоки за надзор над разузнавањето**<br><br>**МОДУЛ-01** | разузнавањето се публикација која што беше продуцирана во средината на 2018 година, кога суштински реформите во безбедносно-разузнавачкиот сектор беа на почеток и требаше да послужи како практична алатка за подобрување т.е. обликување на парламентарниот и независен надзор. Во периодот кој подоцна следуваше, Насоките беа користени од пратениците и од Парламантарната служба, а подоцна и од Советот за граѓански надзор и согласно нивната намена во тој период значајно придонесоа во обликувањето на основите на парламентарниот и незевисен надзор над разузнавањето.<br>Во меѓувреме се донесени нови законски решенија со кои се реструктуираше разузнавачко-безбедносниот сектор во Република Северна Македонија, а со тоа и надзорот над него. Овие измени не се интегрирани во сегашната верзија на Насоките и оттука се појави потреба истите да бидат ревидирани. Дополнително, искуствата кои ДЦАФ и Парламантарната служба ги стекнааа во овој сегмент, во последните 2 години, се добра основа Насоките да бидат подобрени како функционална алатка која ќе им послужи на Комисиите од новиот парламентарен состав побрзо да го надминат транзициониот период и да почнат со суштински и ефикасен парламентарен надзор во рамките на законските одредби. | служба<br>2-експерти<br><br>**Вкупно 6** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | **ПОЛУДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА Скопје, 03 март 2020 Тема: Ревизија на публикација: Насоки за надзор над разузнавањето МОДУЛ-02** | Продолжување на МОДУЛ 1 и интегрирање на придонесите на експертите и парламенатрната служба во новата нацрт верзија на Насоките за надзор на разузнавањето и подготовка за понатамошна експертска обработка со вклучување на главниот автор на публикација. | 4-парл. служба 2-експерти **Вкупно 6** |

Согласно мониторингот на проектот членовите на соодветната Парламерntарна служба сметаат дека нивното разбирање, вештини и знаење за допронос во комисиите за надзор над безбедноста и разузнавањето, одговорноста и нивната формална надзорна улога се зголемени, што треба директно да влијае на нивната способност да бидат поефективни на своите работни позиции.

Поставени се основите за парламентарен надзор, но треба да се работи на подобрување на неговиот квалитет.

**Идни предизвици**:

- Обуки и подигање на свеста на новоформираните надзорни комисии и нивните членови за улогата, значењето и начините на вршење на квалитетен надзор
- Отпочнување и континуитет на надзорниот процес;
- Подобрување на квалитетот на парламентарниот и независен надзор.
- Создавање на услови за Советот за граѓански надор да може да функционира со полн капацитет;
- Давање совети, експертиза, продукти на знаење и поддршка на

## 1.2 Активности за реализација на заштитената соба во Собранието

наздорните комисии од страна на ДЦАФ.

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Изборна комисија |
|---|---|---|---|
| 1. | **ИЗБОР НА КОМПАНИЈА ЗА** | На 14 декември се изврши избор на | 2-ДЦАФ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЗАШТИТЕНАТА СОБА**<br>**14 декември 2020** | проектантска фирма, согласно процедурите на ДЦАФ (како спонзор на оваа активност), која ќе ја изработи проектната документација, во согласност со одобрената Проектна програма. Документацијата во целина се состои од:<br>- Основен проект;<br>- Изведбен проект;<br>- Проект на изведена состојба;<br>- Проект за употреба и одржување на градбата.<br>Рок за изработка и редавање на Проектната документација е 31 јануари 2021. | 2-Собрание<br>**Вкупно 4** |

**Постигнат резултат:**

Заштитената соба во Собранието на РСМ започна со планирање во 2019 година. Одредени се соодветни простории за пренамена и изградба на заштитената соба и изготвена и одобрена е **Проектната програма**.

Одредени експертски консултации се направени со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и истите се вградени во проектната програма.

Врз база на Проектната програма, извршено е избор на проектантска фирма која работеше на дизајнирање и изработка на проектна документација и истата ја достави до Собранието и до ДЦАФ на 03.02.2021. Документацијата е во фаза на ревизија од независна компанија лицинцирана за ревизија и истата треба да заврши до средина на месец февруари.

**Идни предизвици:**

- Набавка на дел од опремата од страна на ДЦАФ за заштитената соба и донирање на Собранието на Република Северна Македонија;
- Отпочнување и завршување на градежните работи за заштитената соба;
- Креирање на Процедури и обука за употреба на просторијата.

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *државни советници*
4. *сектори и*
5. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија раководи генералниот секретар* ***г-ѓа Цветанка Иванова.***

*Генералниот секретар има тројца заменици и тоа,* ***Неџбедин Ибраими, Мики Милковски и Бојан Василески.***

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со Правилник за организација се образуваа 13 сектори во чии рамки има 51 одделение, две посебни организациони единици - одделенија како и една посебна организациона единица - Парламентарен институт.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието, односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела е еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието - законодавната. Составен е од девет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека со три одделенија, врши работи во врска со информирање на јавноста за работа на Собранието и работните тела, изготвување на статистички материјали поврзани со работата на Собранието и работните тела, се прибираат, чуваат , обработуваат и даваат на користење документациони податоци и материјали за работа на Собранието, набавка и евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Северна Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за административни работи со пет одделенија врши административни и општи работи, експедиција и срамнување на материјали а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Секторот за подршка на Советот на собраниски канал со две одделенија ги извршува работите на планирање, подготовка и реализација на преносите на седниците на Собранието и работните тела и планирање, развој и имплементација на системот за електронско гласање и говорење.

Сектор-Парламентарен институт со две одделенија врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

***Работа на Собранието во услови на КОВИД 19***

*Во 2020 година со појавата на КОВИД-19, Собранието на Република Северна Македонија ги презема од самиот почеток мерки заштита на вработените и пратениците. Во март 2020 година се донесе интерен протокол за заштита од КОВИД-19 (во согласност со препораките на Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Светската здравствена организација) кој предвидуваше процедура за влез и движење на вработените и пратениците низ објектот на Собранието, распоред на дезинфекција на просториите, поставување на автоматизирани дезинфикатори на раце, ротации на вработени согласно работните задачи и просторни услови и др.*

*Како подготовка за одржување на конститутивната седница (4 август 2020 година) во јули се формираше работна група која заедно со Институтот за јавно здравје изработи и спроведе детален протокол за одржување на седниците како и за функционирање на собранието во оваа сериозна ситуација.*

# 10.2.ПОСЕБНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

## 10.2.1 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на административните службеници.

Основна задача на Одделението е да обезбеди ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, да учествува во постапките на вработување, унапредување и мобилност на административни службеници и другите вработени во институцијата, да ги организира и координира стручното усовршување и управувањето со ефектот на административните службеници и другите вработени во институцијата, како и да врши други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.

| ***Назив на секторот*** | ***вкупен број на вработени во сектори*** | ***Државни службеници*** | | | ***работници кои не се државни службеници*** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ***рако-водни*** | ***стручни*** | ***помошно Стручни*** | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | ***1+2*** | - | - | - | - |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | ***6*** | *2* | *4* | - | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | ***27*** | *4* | *21* | *2* | - |
| *Државни советници* | ***6*** | *6* | - | - | - |
| *Законодавно правен сектор* | ***6*** | *2* | *3* | *1* | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | ***9*** | *1* | *8* | - | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | ***41*** | *9* | *31* | *1* | - |
| *Сектор за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека* | ***9*** | *1* | *8* | - | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | ***9*** | *4* | *4* | *1* | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | ***6*** | *2* | *3* | *1* | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | ***17*** | *4* | *3* | *10* | - |
| *Сектор за финансиски и економски прашања* | ***19*** | *4* | *6* | *9* | - |
| *Сектор за преведување* | ***18*** | *3* | *11* | *4* | - |
| *Сектор за административни работи* | ***63*** | *4* | *2* | *29* | *28* |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | ***1*** | *1* | - | - | - |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | ***19*** | *6* | *13* | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | ***2*** | *1* | *1* | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси* | ***1*** | *1* | - | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | ***255*** | ***57*** | ***113*** | ***57*** | ***28*** |

Во Службата, заклучно со 31 декември 2020 година има 227 административни службеници и 28 вработени без статус на административни службеници (помошно-технички лица) или вкупно 255 вработени во редовен работен однос. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, кој има заменици.

Службата има 57 раководни административни службеници, 113 стручни административни службеници, 57 помошно-стручни административни службеници и 28 вработени без статус на административни службеници, односно помошно-технички лица.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници, организирани во пратеничка група, предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

Собранието презема активности за зајакнување на собраниската служба како основа за спроведување на другите реформски процеси и активности околу кадровско екипирање, систем за мотивација на вработените, институционална реорганизација и зајакнување на административните капацитети преку систем на генерички и специјализирани обуки.

Собранието како носител на законодавната власт и орган кој што врши политичка контрола на извршната власт овие уставни овластувања може да ги врши само во услови на постоење на негова финансиска и административна независност.

Токму поради тоа, како една од стратешките цели во Стратешкиот план 2020-2022, Собранието ја утврди целта „Напредни и ефикасни услуги и собраниска служба" која се очекува да се постигне преку независна и ефикасна собраниска служба и вреднувани службеници, почитувајќи ги принципите на професионална администрација и систем на заслуги.

Од овие причини произлезе и потребата од измени и дополнувања на Законот за Собранието на Република Северна Македонија, во делот на Службата, при што во прв ред се има во предвид видот, сложеноста и особеностите на работите и задачите кои ги извршуваат собранските службеници. Со предложените решенија во Законот се постигнува делумна административна самостојност на Службата на Собранието што ќе се изрази преку воспоставување на

интерни/внатрешни постапки за донесување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, Годишниот план за вработување на кој согласност ќе дава Буџетскиот совет на Собранието и поединечните финасиски согласности за нови вработувања за кои согласност ќе дава претседателот на Собранието.

Овие измени не значат нарушување на конзистентноста на принципите на професионална администрација и систем на заслуги, како и другите принципи што се изразува преку предложената одредба дека освен за одредени прашања за кои се добива делумна самостојност, за сите останати прашања остануваат да важат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и прописите за работните односи.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Северна Македонија се создава законски основ за независна, професионална и ефикасна собраниска служба заснована врз начело на законитост, начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност, начело на стручност и компетентност, начело на управување со ефектот на вработените, начело на сервисна ориентираност, начело на професионална етика, непристрасност и објективност, начело на одговорност, начело на спречување судир на интереси и начело на економично користење на средства.

Со цел зголемување на мотивацијата на вработените преку кариерен развој, во извешатајниот период е распишан еден интерен оглас преку кои се унапредени 14 државни службеници, од кои 4 на раководни позиции.

***Реализирани обуки во 2020 година***

Континуираната едукација е една од најважните компоненти за развој на капацитетите на човечките ресурси во државната служба. Само високостручна, професионална и одговорна служба може да одговори на предизвиците на новото време.

Согласно Законот за административни службеници, административните службеници имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат. Со цел да се обезбеди потребниот квалитет на Службата, Собранието има воспоставен механизам на едукација како предуслов за професионалниот развој во знаењата и постојаност во Службата. Притоа, се следени примерите и позитивните искуства на другите парламенти и нивна соодветна примена. Во извештајниот период се остварени значајни меѓународни проектни и програмски активности, обуки, семинари, студиски престои со непосредно и активно учество на Службата. Истовремено, се водеше сметка за обука на Службата во сите

сегменти, вклучително и за усовршување на странски јазици и информатичка надградба на знаењата.

Во таа насока е подготовката на годишна програма за обука на административните службеници во Службата на Собранието во која се содржани активностите кои им помогаат на вработените да го развијат својот потенцијал, да ги подобрат своите вештини и знаења, како и да добијат поголемо задоволство од својата работа. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работен ефект, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата на Собранието. Обуката на трите категории државни службеници е потребна за градење на расположливите човечки потенцијали, надградба и проширување на нивните знаења, вештини и стручност. Програмите за обука на државните службеници во Службата на Собранието се подготвени врз основа на наведените потреби за обука на вработените кои произлегуваат од програмите и проектите разработени за реализација на годишните цели и приоритети на Собранието. Процесот на обука во Службата на Собранието се одвиваше континуирано врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа.

***Септември***

1. „Партнерство за отворена власт: Дијалог за национален акциски план 2021-2023", во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, 30 септември 2020 година;
2. Вебинар: *„Публиц Сервице Медиа ин транситион: цхалленгес то фаце анд њаsc форњард"*, во организација на Советот на Европа, одржан од 21 до 22 септември 2020 година;
3. Онлајн обука: „Жени за жени во јавниот сектор", во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика, одржана на 21, 22, 23 и 30 септември 2020 година;
4. Обука на тема: „Родово одговорно буџетирање„, во организација на *УН Њомен* – Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, 29 септември 2020 година;

***Октомври***

5. Онлајн тренинг за инфографици, во организација на Истражувачката служба на Европскиот Парламент, 8 октомври 2020 година;
6. Пристап кон прашањето на хендикеп – комуникација со лицата со хендикеп, во организација на Вестминстер фондацијата за демократија, од 13 до 14 октомври 2020 година, Скопје;

7. „ЕЦПРД Годишна конференција на коресподенти", во организација на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД), 22 октомври 2020 година;
8. ,,Онлајн Конференција за проценка на родовата еднаквост (ОСЦЕ Гендер Ељуалитс Ревиењ Цонференце)", во организација на Албанскиот претседавач на ОБСЕ 2020 во соработка со Секторот за родови на Секретаријатот на ОБСЕ и Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), од 27 до 28 октомври 2020 година;
9. Е-конференција за Отворен парламент Акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023, во организација на Парламентарен институт и НДИ Македонија, 28 октомври 2020 година;
10. „Финансискиот систем во Република Северна Македонија", во рамки на Проектот "Финансиска едукација за паметни одлуки", во организација на Здружение на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје, а поддржано од програмата ЦИВИКА МОБИЛИС, 29 октомври 2020 година;

***Ноември***

11. ЕЦПРД онлајн семинар Виена 2020 на тема: „Парламентите и уставното право - Парламентите и Уставниот суд", во организација на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД), 12 и 13 ноември 2020 година;
12. Онлајн семинар на ЕЦПРД Брисел 2020: „Парламентарни истражувања во време на криза", во организација на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД), 12 и 13 ноември 2020 година;
13. Онлајн конференција:„Обезбедување на квалитетни истражувачки услуги", во организација на *Хоусе Демоцрацѕ Партнерсхип* и НДИ Македонија, одржана на 16, 18 и 19 ноември 2020 година;
14. Онлајн конференција: „Премостување на јазот помеѓу формалните процеси и неформални практики што ја обликуваат судската култура во западен Балкан", 18 ноември 2020 година;
15. Работилница: „Родово сензитивен парламентарен надзор", во организација на *УН Њомен* – Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, одржана на 20, 25, 26 и 27 ноември 2020 година, Скопје;
16. Онлајн состанок на истражувачките центри на парламентите од западен Балкан, НДИ Македонија, 26 ноември 2020 година;
17. Работилница: „Вклучување на родовите прашања во надзорната улога на Собранието", во организација на *УН Њомен* – Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, 26 ноември 2020 година;

18. Онлајн тркалезна маса на тема: „Улогата на парламентите во менаџирањето на долговите", во организација на Вестминстер фондација за демократија, 26 ноември 2020 година;
19. „Обезбедување на непречено работење на парламентот - Технолошки прилагодувања во Естонија, Латвија и Словенија", во организација на Националниот демократски институт во Македонија, одржан на 29 ноември 2020 година;

***Декември***

20. Онлајн работилница: "Визуелизација и податоци - добри практики и постојани предизвици", НДИ Македонија, 15 декември 2020 година;
21. Онлајн работилница: „Подготовка на двата годишни планови на Одделението за едукација и комуникација", 21 и 23 декември 2020 година;

Покрај специјализираните обуки, реализирани се и генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на општите компетенции, предвидени во Каталогот на генерички обуки во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административни службеници на Министерството за информатичко општество и администрација. Генеричките обуки беа реализирани преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/ЛМС) на следниве теми:

- Решавање на проблеми;
- Учење и развој;
- Комуникациски вештини;
- Постигнување резултати;
- Работење со други;
- Стратегии и иновации;
- Ориентираност кон клиенти;
- Управување и развој;
- Управување со промени;
- Креирање и дефинирање на политики;
- Евалуација на програми и политики;
- Антикорупциски мерки и етика во администрацијата;
- Административно работење.

## 10.2.2 Одделение за внатрешна ревизија

**ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да допринесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

г) мониторинг на спроведувањето на мерките превземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

***ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2020 ГОДИНА***

Одделението за внатрешна ревизија постапува согласно Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија, кој го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2020 година беа планирани четири ревизии и тоа:

**1.** Ревизија на системот на внатрешни контроли при инсталирање и користење на лиценци за преведување;

**2.** Ревизија на системот на внатрешни контроли при функционирање на софтверите за Е-Архивата, Е библиотека и РМС во Парламентарен институт;

**3.** Ревизијата на усогласеност (регуларност) на Планот за заштита и спасување од природни и други несреќи и

**4.** Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизија за 2019 година.

***ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 04.08.2020 ДО 31.12.2020 ГОДИНА***

**1. Ревизија на системот на внатрешни контроли при функционирање на софтверите за Е-Архивата, Е библиотека и РМС во Парламентарен институт;**

Ова ревизија беше спроведена согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2020 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при функционирање на софтверите за Е-Архивата, Е библиотека и РМС во Парламентарен институт.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

**2. Ревизијата на усогласеност(регуларност) на Планот за заштита и спасување од природни и други несреќи;**

Ова ревизија беше спроведена согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2020 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали Планот за заштита и спасување од природни и други несреќи на Собранието е изготвен согласно законската регулатива.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

**3. Ревизија на следење на препораките дадени во ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2019 година**

Со ревизијата е опфатено следењето на препораките од ревизорските извештаи реализирани согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2019 година.

За спроведената ревизија се изготвува Ревизорски извештај и истиот ќе се доставува до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Целта на ревизијата беше да се информира раководството на Собранието на Република Северна Македонија за бројот на спроведени односно неспроведени препораки дадени во ревизорските извештаи изготвени од Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

## 10.2.3 Парламентарен институт

Годишниот план на активности на Парламентарниот институт опфаќа над 150 активности во функција на спроведување на три стратешки цели од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020: отворен парламент, информирани пратеници и одржлив и вмрежен Парламентарен иснтитут со вклучени, квалификувани и продуктувни службеници.

1. **Отворен парламент**

1.1. Земајќи ги во предвид рестрикциите за посети на Собранието поради состојбата со пандемијата на Ковид-19, Парламентарниот институт одлучи своите активности за промовирање на култура на отвореност на законодавната власт да ги остварува виртуелно. По 11 март, сите активности беа спроведени преку софтверска платформа за онлајн колаборација. Во периодот од 4 август до 31 декември 2020 година беа одржани **13 едукативни семинари и работилници** наменети за ученици од основно и средно образование, студенти на универзитетите и наставници во средно образование. На семинарите и вебинарите учествуваа **вкупно 393 учесници.** Прилагодување на активностите наменети за јавноста и виртуелното спроведување на истите во време на пандемија е силен сигнал за заложбите на Парламентарниот институт за промовирање на култура на отвореност на законодавната власт.

**Графикон 1. Приказ на бројот на учесници на едукативните семинари организирани од ПИ во периодот 2015-2020**




Во текот на 2020 година продолжи реализацијата на едукативната активност „Имам став!", наменета за ученици од средно образование, која за прв пат беше реализирана во 2019 година. **„Имам став!"** претставува симулација на процесот на разгледување предлог-закон во рамките на Собранието. Активноста ги стимулира учесниците да развиваат сопствени ставови во врска со политички теми и истите да ги бранат со аргументи пред останатите учесници, со цел изнаоѓање на решение кое ќе биде прифатено од мнозинството на учесници. Истата е подготвена по примерот на едукативната активност „Мѕ Поинт оф Виењ",

организирана од страна на Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација. Работилниците во рамките на **„Имам став!”** се реализираа во текот на декември. Земајќи ги во предвид рестрикциите за посети на Собранието поради состојбата со пандемијата на Ковид-19, овој циклус на „Имам став! “ беше реализиран виртуелно преку софтверската алатка за онлајн колаборација. Во рамките на овој циклус беа реализирани **десет работилници на кои учествуваа вкупно 230 учесници од десет средни училишта** во Република Северна Македонија. Овој циклус на „Имам став!” имаше компетитивен карактер, каде училиштата се натпреваруваа меѓусебно симулирајќи пленарна расправа на Собранието. Дебатите ги оценуваше жири комисија составена од пратеници, вработени во Парламентарниот институт и претставници на партнерската организација ИДЕА Југоисточна Европа. Победници на ова издание на „Имам став!” беа учениците од „Георги Димитров” од Скопје, кои се закитија со пехар доделен од претседателот на Собранието на 24 декември.

Во рамките на подготовките за спроведувањето на активноста „Имам став!”, со цел успешно менторирање и организирање на учениците за учество во активноста, Парламентарниот институт организираше **работилница за наставници од средните училишта**, која се одржа виртуелно на 24 ноември со учество на **30 наставници од 12 средни училишта**. Дополнително, во текот на ноември, со оглед на промената во начинот на спроведувањето на активноста поради пандемијата, а со цел успешно организирање на онлајн работилниците, Одделението за едукација и комуникација изврши прилагодување на програмата на едукативната активност и Водичот со инструкции во насока на виртуелно спроведување на истата.

Во извештајниот период, Парламентарниот институт продолжи со организација и на останатите едукативни активности наменети за различни целни групи. Беше организирана едукативна работилница **„Детски парламент”** за ученици од основните училишта, која се одржа на 4 декември, виртуелно, со **76 учесници од 15 основни училишта од 14 различни општини.** Целта на оваа активност е преку симулација на законодавната постапка да се приближи работата на Собранието до младите, да се придонесе за развој на демократска свест и култура на толеранција, како и да се поттикнат младите за општествена и политичка критичност и вклученост. На работилниците **учество земаа и четири пратеници од различни пратенички групи** во Собранието.

За студенти беше спроведен **еден едукативен вебинари** со работен наслов **„Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право”**, кој се одржа на 23 ноември, а на кој учествуваа девет студенти од Правниот факултет Јустинијан Први при УКИМ во Скопје. Студентите беа запознати со правилата по кои се одвива парламентарниот живот и дејноста на пратениците во Собранието на Република Македонија, постапката за донесување на законите, парламентарната демократија и нејзиниот историски развој.

1.2. Во насока на поголема вклученост и информирање на социјално-економските ранливи категории, а по повод **одбележување на 23 септември – Меѓународниот ден на знаковните јазици**, Парламентарниот институт организираше едукативна средба на ученици од средното училиште ДУЦОР „Партенија Зографски" со претседателот на Собранието. Во рамките на настанот, претседателот им подели на учесниците промотивни пакети со постери на знаковен јазик, кои претставуваат едукативно-информативни материјали изработени од страна на Парламентарниот институт. На постерите преку слики и текст се опишуваат знаковните јазици за следните поими: Собрание (парламент), пратеник, устав, закон, демократија и избори. На средбата беше промовирано и едукативното видео изработено од страна на Институтот, насочено кон приближување на работата на Собранието до ранливите категории на граѓани.

Дополнително, во насока на вклученост и информирање на сите категории на граѓани, Парламентарниот институт го **одбележа 15 октомври - Меѓународниот ден на белиот стап - симболот на слепиот човек**, преку снимање и објавување на своите информативно-едукативни материјали во аудио формат, на македонски, албански и англиски јазик.

Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт спроведува **организирани тури на зградата на Собранието** за сите заинтересирани граѓани. Посетите се реализираат во редовни термини, за време на **отворените денови - секој последен петок во месецот**, или во вонредни термини, по барање од граѓани, пратеници или образовни институции. Со оглед рестрикциите за физичка посета на законодавниот дом од 11 март, Парламентарниот институт започна организираните обиколки на зградата на законодавниот дом да ги спроведува виртуелно, со помош на софтверската апликација за виртуелна тура. Виртуелната тура овозможува разгледување на Собранието и најрепрезентативните простории со помош на модерна и напредна информатичка технологија, а е достапна на линкот хттп://втоур.собрание.мк/. Во текот на периодот 4 август – 31 декември 2020 година, Собранието го посетија **вкупно 2.422 посетители преку виртуелната тура на Собранието.** Земајќи ја во предвид целокупната ситуација со рестрикции за посети на Собранието во текот на годината, исполнувањето на 86% од предвидениот индикатор во Стратешкиот план (5.000 посетители) претставува импресивно достигнување на Парламентарниот институт.

**Графикон 2. Приказ на бројот на посетители на Собранието во периодот 2015-2020**




**Во однос на периодот од годината,** најмногу посетители се забележани во месеците ноември (1.225) и декември (818)[1], додека најмалку посетители имало во месеците септември (17) и август (7)[2].

**Графикон 3. Приказ на бројот на посетители на Собранието во 2020 година по месеци и квартали**




1.3. Во текот на годината беше спроведена континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на материјалите на Парламентарниот институт.** Беше извршена ревизија на едукативно-информативните материјали на Парламентарниот институт. Во извештајниот период беа **испечатени вкупно 1.495 информативни материјали.**

[1] Високиот број на посетители во ноември и декември е поради големиот интерес од јавноста за организација на вонредни термини за обиколки.
[2] Малиот број на посетители е карактеристичен за летните месеци поради годишните одмори и летниот распуст на учениците. Во април нема посетители поради рестрикциите за посети поради пандемијата на Ковид-19 вирусот.

**Во текот на 2020 година беа дистрибуирани вкупно 7.380 информативни материјали** до соодветните целни групи[3].

1.4. Со цел подобро промовирање на темите за обуки наменети за пратениците, предвидени во Годишниот план на обуки на Парламентарниот институт, беа изработени и испечатени 120 парчиња на македонски и албански јазик од **новиот промотивен материјал – флаер за промоција на обуките за пратениците во Собранието.** Флаерот беше дистрибуиран до пратениците за време на Воведната сесија за новоизбраните пратеници.

1.5. Фотографии, како фрагменти (сцреенсхотс) од софтверската платформа на виртуелната тура на Собранието, беа искористени за изработка на **календар за 2021 година**, кој беше испечатен и дистрибуиран во 650 примероци.

1.6. Во текот на 2020 година, во насока на поголема промоција на Собранието и своите активности, Парламентарниот институт изработи **три нови информативно-промотивни материјали:**

- **Нов едукативно-информативен материјал насловен „Значајни личности од историјата на македонскиот парламентаризам (1944-1991)"**, во кој се опфатени информации за животот и делото на шест значајни личности од наведениот период;
- **Едукативен инфографик – 30 години парламентарни избори**, изработен во насока на одбележување на датумот 11 ноември 1990 година, а на кој се прикажани интересни информации од досега одржаните десет циклуси на парламентарни избори; беа испечатени и дистрибуирани 215 примероци од материјалот на македонски и албански јазик;
- **Промотивен флаер за најава на Годишната конференција на кореспонденти на ЕЦПРД мрежата**, чиј домаќин беше Собранието на Република Северна Македонија; од флаерот беа испечатени 140 примероци на македонски, албански и англиски јазик.

1.7. Со цел подготовка на двата годишни планови на Парламентарниот институт за 2021 година, на 21 и 23 декември беше организирана онлајн работилница за изработка на годишните планови, на која учествуваа вработени од Одделението за едукација и комуникација. За време на работилницата беа подготвени предлог верзии на **Годишниот план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2021 година** и **Годишниот план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2021 година**, кои треба да бидат одобрени од страна на Управувачкиот совет во јануари 2021 година.

---

[3] Статистиката за дистрибуирани материјали се води на годишно ниво и поради тоа нема точна бројка за извештајниот период. Голем број на материјали беа дистрибуирани во текот на месец септември кога се одржа Воведната сесија и серијата обуки за новоизбраните пратеници во Собранието.

1.8. Во насока на олеснување на процесот на пријавување на едукативните работилници и семинари во организација на Институтот, како и зголемување на достапноста на активностите до различните целни групи на граѓани, беше изработена **онлајн платформа за пријавување на семинарите (Е-семинари).** Преку ова софтверско решение, обезбедена е можност за електронско пријавување на едукативните работилници и семинари во организација на Институтот од страна на различните целни групи.

1.9. Во функција на вклученост и информираност на јавноста, Парламентарниот институт во текот на 2020 година организираше **две онлајн тркалезни маси со граѓански организации**[4]. На 25 август Парламентарниот институт организираше **онлајн тркалезна маса со претставници од граѓанските организации** кои се дел од мониторингот над работата на Собранието, на тема „Подготовка на Акциски план 2021-2023 за Собранието на Република Северна Македонија кон Партнерството за отворена власт". Целта на тркалезната маса беше да се соберат идеи и предлози врз основа на кои ќе се подготват заложбите и активностите за новиот Акциски план Отворено Собрание, кој ќе биде дел од Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023.

Дополнително, на 28 октомври, Парламентарниот институт, во соработка со Програмата за парламентарна поддршка, организираше **виртуелна конференција за Отворен Парламент - Акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023.** Оваа е-конференција беше дел од Глобалната недела на отвореност на законодавството #ГЛОЊ2020 организирана од страна на Мрежата за Отворен Парламент (ОПеН) од 26 до 30 октомври. На конференцијата учествуваа пратеници, вработени во собраниската служба, претставници на привремениот Совет за Партнерство за отворена власт, како и претставници на мрежата на Партнерството за отворена власт. Дискусијата на конференцијата резултираше во идеи и предлози за: поголемо учество на граѓаните и граѓанските организации во работата на Собранието, полесен пристап до пратениците и до собраниските тела, како и можности за виртуелно учество на граѓани, во ситуации кога физичкото не е возможно.

1.10. Со цел обезбедување на **непречен и брз пристап до софтверите на Парламентарниот институт**, беше спроведена јавна набавка на услуги за **превентивно одржување** на системите Е-архива, Е-библиотека и РМС. Во текот на годината беше извршено и **превентивно и адаптивно одржување** на системите за регистрација на граѓани, едукативен квиз и виртуелна тура. Преку овие услуги се врши квалитетно и навремено одржување на апликативните решенија и базите на податоци на информацискиот систем, со цел непречено функционирање на истите, како и надградба на постојните системи согласно утврдените потреби. Спроведена беше и постапка за јавна набавка на услуги за **превентивно**

[4] Реализирана точка 1.1.3 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (вклученост и информирање на социјални и економски ранливи категории)

**одржување** на системот Е-обуки, но истата беше поништена бидејќи немаше пријавено ниту еден оператор. Оваа јавна набавка ќе биде спроведена повторно на почетокот на 2021 година. Дополнително, спроведена беше и јавна набавка за **сервисирање и одржување на хардверската опрема** на Институтот.

1.11. Во извештајниот период, Парламентарниот институт продолжи со воспоставената пракса за **известување за своите настани** преку електронски алатки. По реализација на секој настан, информации за истиот се објавуваат на официјалните страни на Институтот на социјалните мрежи, како и на интернетската страна на Собранието преку банерот на Парламентарен институт, во табот Активности. Исто така, на секои три месеци за овие настани се известува и во кварталниот електронски билтен.[5]

1.12. Во однос на **искористеноста на материјалните средства, електронска и информатичка инфраструктура**, во периодот август-декември 2020 година **степенот на искористеност** на капацитетот на **Едукативниот центар** за извештајниот период изнесува **26,89%**, што е прилично висок индекс со оглед на состојбата на пандемија.

1.13. Во насока на обезбедување достапност на податоци за законодавната власт, реализирани се следниве активности во наведениот извештаен период: одговорени се **14 прашалници кон ЕЦПРД** мрежата и одговорени се 4 барања кон други баратели.[6]

1.14. Во организација на Парламентарниот институт, Собранието на Република Северна Македонија беше домаќин на **Годишната конференција на кореспонденти на ЕЦПРД мрежата** која се одржа на 23 октомври, виртуелно со **учество на 77 претставници од преку 30 различни парламенти**. Во рамките на воведниот дел на конференцијата, учесниците имаа можност да се запознаат со убавините на градот Скопје, да ја разгледаат внатрешноста на Собранието со помош на специјализираниот софтвер за виртуелна тура, како и да дискутираат и разменат идеи во однос на различните модели на поделба на моќта и носењето одлуки во модерните демократски општества. Целта на годишната конференција беше да се донесат значајни одлуки во однос на функционирањето на ЕЦПРД мрежата. Официјален претставник на Собранието на конференцијата беше раководителот на Парламентарниот институт и кореспондент во ЕЦПРД мрежата, Златко Атанасов.

1.15. Во рамките на подготвителните активности за организација на конференцијата, Парламентарниот институт подготви **едукативно видео за промоција на Годишната конференција на кореспонденти** насловено „ЕЦПРД ин а нутсхелл". Видеото беше споделено преку социјалните мрежи, а беше емитувано и во воведниот дел на настанот.

[5] Реализирана точка 1.2.1 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (известување по електронски пат)
[6] Реализирана точка 1.2.2 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт, (размена на парламентарни информации)

1.16. Во контекст на промовирање на отвореноста, транспарентноста и отчетноста, Парламентарниот институт континуирано во текот на годината **ги објавуваше истражувачките работи подготвени по сопствена иницијатива од 2020 година** на интернетската страница на Собранието. Истите се достапни на следниот линк: хттпс://њњњ.собрание.мк/активности-на-парламентарниот-институт.нспџ [7].

## 2. Информирани пратеници

2.1. Парламентарниот институт во извештајниот период обезбеди **навремени, објективни и непристрасни услуги по барање на пратениците и другите баратели и по сопствена иницијатива.** Во периодот од 4 август до 31 декември 2020 година се поднесени **40 барања** за истражувачки работи, од кои вкупно 13 или 32,5% се однесуваат на родови аспекти на политики.[8]

2.1 Дополнителните статистики од аспект на полова структура, етничка и политичка припадност на пратениците подносители на барања за истражувачки работи се дадени во Табела бр. 1 од овој годишен извештај. Реализираните 40 барања за истражувачки работи се поднесени од вкупно **18 различни пратеници или 15% од вкупниот број на пратеници.** Барањата од пратениците во најголем дел се поврзани со прашања од агендата на Собранието.

[7] Реализирани точки 1.3.1 и 1.3.2 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (јавност на уредувачки акти и услугите и продуктите на ПИ)
[8] Реализиран индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020.

**Табела 1. Статистика на истражувања по барање на пратеници**

| Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници | | | | | Вкупен број пратеници кои поднеле барање за истражување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | | | | | 18 | | | 15% | |
| Полова структура | број на барања од пратенички | | број на барања од пратеници | | Полова структура | пратенички | | пратеници | |
| | 29 | 72,5% | 11 | 27,5% | | 10 | 55,6% | 8 | 44,4% |
| Етничка припадност | број на барања од пратеници Македонци | | број на барања од пратеници Албанци | | Етничка припадност | пратеници Македонци | | пратеници Албанци | |
| | 35[9] | 87,5% | 5 | 12.5% | | 15[10] | 83,3% | 3 | 16,7% |
| Политичка припадност | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | | Политичка припадност | владејачко мнозинство | | опозиција | |
| | 18 | 45% | 22 | 55% | | 10 | 55,6% | 8 | 44,4% |

2.2 По сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработи **15 истражувачки работи.**

2.3 Со цел обезбедување едукативни активности за законодавната власт според утврдените потреби, во септември беше спроведена **анализа на потребите од обуки** за вработените во Службата на Собранието. Целта на анализата беше секој од раководителите, по извршената консултација со своите вработени, да ги искаже потребите од обуки на својата организациона единица, со што ќе се овозможи подобро планирање и релевантност на темите на семинарите и работилниците кои ќе бидат организирани за вработените во Службата во 2021 година. Врз основа на добиените податоци од анализата, како и резултатите од извештаите од евалуациите на спроведените обуки и работилници во текот на годината, беше изработен извештај, кој претставуваше основа за изработка на Годишниот план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2021 година.

[9] 3 барања се од пратеник Босанец
[10] Еден пратеник е Босанец

2.4 **Согласно Годишниот план за обуки за 2020 година**[11], во текот на периодот август-декември 2020 година беа реализирани една воведна сесија за новоизбрани пратеници, 16 работилници за пратеници и две обуки за службата.

2.5 На 11 септември Парламентарниот институт спроведе **воведна сесија за новоизбраните пратеници**, која се одржа во Салата под Големата купола. Воведната сесија им даде можност на пратениците, директно од Службата на Собранието, да добијат информации и искуства за организацијата и функционирањето на Собранието, пратеничкиот мандат, правата и обврските на пратениците, институционалната поддршка, законодавната и надзорната функција, како и други прашања од интерес на извршувањето на пратеничкиот мандат. На воведната сесија учество земаа **75 пратеници од новоизбраниот пратенички состав.**

2.6 Во периодот од 21 септември до 2 октомври 2020 година, Институтот организираше и спроведе **серија обуки наменети за пратеници** во Собранието на Република Северна Македонија на десет различни теми. Во улога на обучувачи се најдоа специјализираните обучувачи од Одделението за едукација и комуникација во партнерство со други вработени во Парламентарниот институт и во Службата на Собранието, поранешни пратеници во Собранието и соработници од граѓанскиот сектор. Во двонеделниот период на обуки беа организирани вкупно **16 сесии,** на кои учествуваа **58 учесници.** Темите опфатени со обуките беа следните:

- Законодавната постапка во Собранието;
- Постапката за донесување на Буџет во Собранието;
- Надзорната улога на Собранието;
- Претставничката функција на Собранието;
- Меѓународната соработка на Собранието - принципи и пракса на парламентарната дипломатија;
- Улогата на Собранието во евроинтегративните процеси;
- Институционалните ресурси на располагање за пратениците во Собранието;
- Користење на информатичката опрема и електронските системи на Собранието и на Парламентарниот институт;
- Професионализам, етика и интегритет во парламентите; и
- Родово сензитивно Собрание.

[11] Реализирана точка 2.4 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (Донесен Годишен план за обуки)

Дополнително, во ноември 2020 година, Парламентарниот институт во соработка со канцеларијата на УНЊОМЕН во Скопје, оддржа серија работилници во траење од четири дена. Работилниците имаа за цел да дадат насоки за механизмите и алатките кои им стојат на располагање на пратениците за вклучување на родовите перспективи во вршњето ефективен надзор над законите, политиките и Буџетот. Работилниците беа наменети за пратениците/пратеничките кои се членови и заменици членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, вработените во службата и во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија.

2.7 Во извештајниот период објавена и испечатена е **Збирката на истражувачки работи** по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт за 2019 година.[12]

2.8 Со цел поголема информираност Парламентарниот институт одржа **две презентации и брифинг за пратениците**[13]. На 28 септември 2020 година беше одржана презентација на тема „Улогата на Собранието во евроинтегративните процеси". На 2 октомври 2020 година се одржа презентација на тема: „Родово сензитивно Собрание".

2.9 Во насока на зајакнување на капацитетите на Службата на Собранието на Република Северна Македонија, Парламентарниот институт во извештајниот период организираше и реализираше **две обуки наменети за вработените во Службата.**

**Табела 2. Преглед на работилници за службата на Собранието**

| тема | место | датум | учесници |
|---|---|---|---|
| 1. Новите функционалности на најновата верзија на софтверот за преведување ТРАДОС | Скопје | 17 септември 2020 година | 16 |
| 2. Пристап кон прашањето на хендикеп – комуникација со лицата со хендикеп | Скопје | 13-14 октомври 2020 година | 10 |

2.10 Во функција на промовирање на своите услуги и активности, Парламентарниот институт вршеше континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на своите промотивни материјали.** Во рамките на овие активности, пред одржувањето на Воведната сесија беше извршено **комплетно ревидирање и подготовка на ново издание на Водичот за пратеници,** на македонски и на албански јазик. Водичот беше испечатен и споделен до сите пратеници од новиот пратенички состав.

[12] Индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020.
[13] Индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020

2.11 Преку полиците поставени на повеќе места во зградата на Собранието, на пратениците, вработените во Службата и останатите корисници им се достапни различните материјали подготвени од страна на институтот (истражувачки работи, едукативно-информативни и промотивни материјали и слично). Од страна на Институтот се врши континуирано полнење на полиците со нови материјали.

2.12 Парламентарниот институт продолжи со својата пракса на изготвување на **квартален електронски Билтен на активности** со кои се известува за спроведените активности и настани за секои три месеци. Во текот на извештајниот период беа подготвени и дистрибуирани две изданија на електронскиот Билтен, кој се доставува до 379 контакти, а се изработува на три јазици: македонски, албански и англиски. За потребите за проследување на Билтенот до соодветните таргет групи, беше извршена **годишна претплата на услугата Цонстант Цонтацт.**[14]

2.13 Од истражувачката библиотека во дадениот период се **изнајмени 73 наслови** од кои наслови 24 книги беа изнајмени од страна на пратеници.

2.14 Во текот на периодот август до септември 2020 година се изработени 4 тематски истражувања од библиотечниот фонд со кој располага библиотеката и тоа:

- Индустрија
- Кривично право
- Филозофија
- Унапредување на кариерата

Тематските истражувања се достапни на рмс системот на Парламетарен институт, во читалницата на истражувачката библиотека како и по полиците низ Собранието заедно со другите материјали на Парламентарниот институт.

**3.Одржлив и вмрежен Парламентарен институт со вклучени, квалификувани и продуктивни службеници**

3.1 Во насока на континуираните заложби за вмрежување на Парламентарниот институт, во текот на извештајниот период продолжи **соработката во рамките на мрежата на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД).** Тројца вработени во Парламентарниот институт учествуваа на два семинари организирани од страна на ЕЦПРД. Дополнително, Парламентарниот институт беше домаќин на **Годишната конференција на кореспонденти на ЕЦПРД мрежата**, која се одржа виртуелно со учество на **77 претставници од преку 30 различни парламенти.**

[14] Реализиран индикаторот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 од точката 2.4 (Изработени 4 биltена)

3.2 Вработени во Парламентарниот институт континуирано учествуваа на периодичните состаноци во рамките на Меѓународниот форум, кои се одржуваа преку софтверска платформа за оналјн колаборација. Дополнително, вработените во Парламентарниот институт дадоа активен придонес во работата на Форумот и размената на информации преку софтверската платформа БасеЦамп. Целта на активноста беше вработените, преку форумот, да разменат искуства и да соберат информации кои ќе бидат од огромно значење за Парламентарниот институт во насока на подобро планирање и организација на идните едукативни активности спроведени од страна на Одделението за едукација и комуникација на Институтот.

3.3 Со цел воспоставување на соработка со Парламентот на Израел за програмата за вклученост и пристапност на парламентите, вработени во Парламентарниот институт учествуваа на **виртуелна конференција одржана во рамките на Глобалниот административен форум за пристапност на парламентите**, организирана од страна на Парламентот на Израел (Кнесет). Настанот беше реализиран по повод одбележување на 3 декември - Меѓународниот ден на лицата со хендикеп. Целта на конференцијата беше парламентите да разменат искуства во однос на чекорите кои се преземаат во насока на обезбедување на пристапност на законодавните домови за сите граѓани, да се разгледаат главните предизвиците во обезбедување достапност на услугите во време на пандемијата, како и да се утврдат следните чекори на соработка во рамките на Форумот. Собранието на Република Северна Македонија, преку Парламентарниот институт, е член на Глобалниот административен форум за пристапност на парламентите од јуни 2019 година.

3.4 Во контекст на исполнување на стратешката цел за **соработка и вмрежување**, претставници од Парламентарниот институт зедоа учество на **годишната регионална средба на парламентарните истражувачки служби**, која поради состојбата со пандемијата се одржа виртуелно на 15 декември. Ова претставуваше можност да се претстават новите трендови во развојот на истражувачките услуги преку визуелизација на податоците. Целта на средбата беше во рамките на ЊБЛСИ Иницијативата за јакнење на законодавните капацитети на земјите од Западен Балкан да се разговара за новите случувања во земјите од регионот и да се разменат искуствата и најдобри практики во истражувачките услуги.

3.5 Со цел воспоставување **билатерална соработка на Парламентарниот институт со Центрите за посетители од парламентите во регионот**, а по повод одбележување на 15 септември - Меѓународниот ден на демократијата, вработени во Парламентарниот институт учествуваа на **онлајн панел дискусија со претставници од парламентите на Албанија и Швајцарија.** Учесниците дискутираа за различните пристапи кон дизајнирање на програми за граѓанско образование со заедничка цел да се подобри знаењето на граѓаните за парламентите, демократските вредности, човековите права и принципите на добро владеење. Во дискусијата Парламентарниот институт имаше можност да ги претстави активностите кои ги организира за различните

целни групи, како и начинот на кој овие активности беа адаптирани во изминатиот период во согласност со условите на функционирање во време на пандемија.

3.6 Во насока на **вмрежување и соработка со домашни и меѓународни организации во областа на едукацијата**, во текот на 2020 година Парламентарниот институт реализира **соработка со Вестминстер фондацијата за демократија** и **со Фондацијата за дебата и едукација ИДЕА Југоисточна Европа Скопје.** Соработката со Вестминстер фондацијата за демократија беше во насока на надградување и проширување на активностите на Парламентарниот институт наменети за социјално-економските ранливи категории, додека соработката со ИДЕА Југоисточна Европа во насока на развивање и унапредување на оние сегменти од активноста „Имам став!" во кои беа утврдени можности за подобрување од страна на учесниците, како што се обезбедување натпреварувачки карактер на активноста и подобра подготовка и обука на учениците за развивање на решенија и аргументи.

3.7 Во рамките на своите активности за вмрежување, Парламентарниот институт пристапи кон **изработка на заедничка истражувачка работа** со Вестминстер фондацијата за демократија и експертската граѓанска организација Полио Плус – движење против хендикеп, на тема „Анализа за практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикеп". Подготовката на истражувачката работа е при крај и истата ќе биде презентирана во јануари 2021 година. Целта на анализата е да даде предлози во насока на надградување и проширување на активностите на Парламентарниот институт наменети за социјално-економските ранливи категории.

3.8 На 02.12.2020, под покровителство на **ИФЛА** се одржа вебинар на тема: Библиотекарски и истражувачки услуги на Парламентите: иновации и инспирации во времето на глобална пандемија. Освен споделувањето на искуствата како се справуваат со предизвицуте во однос на услугите на библиотеките во време на пандемијата беше споделен и резултатот од анкетата, која беше спроведена од страна на ИФЛА. На овој вебинар учествуваше еден вработен од Одделениет за истражувачка библиотека и законодавна архива.

3.9 Во ноември 2020 година, претставници од Парламентарниот институт учествуваа на тридневната онлајн програма организирана од ХДП (Хоусе Демоцрацс Партнерсхип) и НДИ (Национален демократски институт). Програмата имаше за цел да ги спои собраниските експерти од областа на истражувања од истражувачките служби на земјите партнери на ХДП – Колумбија, Грузија, Индонезија, Кенија, Косово, Киргистан, Либерија, Северна Македонија и Тунис за да разменат искуства во однос на критичката природа на истражувачките услуги. Програмата беше организирана во три дела. Во рамките на првиот дел: Споделување на искуства со основање и усовршување на ефикасни и ефективни истражувачки служби, претставник од Парламентарниот институт сподели информации и искуства за структурата на Парламентарниот институт, процесите и дејствијата преземени за унапредување и усовршување на службата, за методите кои се користат за објективност и

непристрасност и за начините на обезбедување на ефективни, ефикасни и базирани на докази истражувачки услуги за корисниците услугите-пратениците. Претставниците од Парламентарниот институт имаа можност да одговараат и на низа прашања од колегите од останатите истражувачки служби.

3.10 Во декември 2020 година Управувачкиот совет на Парламентарниот институт го одобри Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за работа и организација на посебната организациона единица Парламентарен институт.

3.11 Во текот на извештајниот период се спроведоа повеќе **активности во насока на зајакнување на професионалните капацитети на вработените** во Парламентарниот институт.

На 8 октомври се одржа вебинар на тема „Визуелизација на податоците – инфографици" во организација на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација, на кој учество земаа вработени во Парламентарниот институт. Целта на вебинарот беше да се разменат искуства и да се споделат најдобрите практики во однос на начинот на претставување на сетовите податоци преку нивна визуелизација преточена во инфографици.

Една вработена во Институтот учествуваше на онлајн работилница на тема „Напреден ексел за пивот табели и креирање на "живи" извештаи", која се одржа на 17 декември во организација на Стопанска комора на Македонија. Целта на учеството на работилницата беше да се даде придонес кон континуираното професионално усовршување на вработените и зајакнувањето на професионалните капацитети во интерес на зголемување на ефикасноста и ефективноста во делот на визуелизација на истражувачките работи, како и во организирањето и спроведувањето на обуки за пратениците и за вработените во Службата.

3.12 Во декември 2020 година една вработена во Институтот ги заврши последипломските студии искористувајќи ја можноста за **стипендирање за запишување на последипломски и докторски студии**, согласно Рамката за професионален развој на вработените и Програмата за стипендирање. Дополнително, пет вработени ја користат оваа можност, и тоа двајца вработени на последипломски, а тројца на докторски студии.

3.13 Во насока на **мерење на степенот на задоволство на корисниците на услугите** на Парламентарниот институт, се врши **евалуација на едукативните настани** по завршувањето на истите, при што се изработуваат **Анализа од евалуацијата и Извештај со заклучоци и препораки**, кои се земаат во предвид при изработката на Годишниот план и при ревизијата на програмите на едукативните настани.[15].

3.14 Согласно воспоставената пракса и проектна документација, вработените од

[15] Реализирана точката од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 3.4 Степен на задоволство од услугите на ПИ (рок, објективност и непристрасност)

Парламентарниот институт го изготвија **Годишниот план за активности на Парламентарниот институт за 2021 година.** Документот беше донесен на седницата на Управувачкиот совет одржана на 20 декември.

# 10.3.СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Собранието на Република Северна Македонија има имплементирано два меѓународни системи за управување со квалитет: ИСО стандард 9001-2015 и КАФ моделот.

**ИСО СТАНДАРД 9001-2015**

Собранието на РСМ има Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно со барањата на стандардот МКЦ ЕН ИСО 9001 - 2015, со важност до 5 декември 2021 година.

Прирачникот за управување со квалитет, како основен системски документ го опишува системот за управување со квалитет во Собранието на Република Северна Македонија. Системот е проектиран во согласност со меѓународниот стандард ИСО 9001:2008 и е изграден и имплементиран во согласност со политиката за квалитет на Собранието на Република Северна Македонија.

Прирачникот се користи за да го опише системот за квалитет и неговата примена во институцијата, внатрешните потреби на управување со системот за квалитет како и надворешни потреби во однос на сите заинтересирани страни. Освен тоа, тој се користи и при проверките на ефективноста на системот и како документ за обука на вработените во Собранието на Република Северна Македонија.

Системот за управување во целост ја покрива институцијата, односно сите функции и нивоа на активности во Собранието на Република Северна Македонија во рамките на обемот на активности со следново подрачје на сертификација:

**Улогата на собранието на Република Северна Македонија во законодавниот процес и парламентарната демократија**

Во 2020 година, беа спроведени редовните интерни проверки од страна на овластените аудитори, кои ги бара стандардот. Исто така, спроведен беше во ноември 2020 година, Втор надзорен аудит од страна на сертификационото тело АМ ЦЕРТ Дооел-Скопје. Извештајот од страна на сертификационото тело беше без забелешки.

**КАФ МОДЕЛ**

Во 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија, продолжи со реализација на еден од стратешките приоритети утврдени во Стратегијата на

Собранието 2019-2021, *мерка 4.33 Комплетирање на системите за управување со квалитет*, воведување на стандарди на квалитет според моделот на Заедничката рамка за проценка ЦАФ или Цоммон Ассессмент Фрамењорк (ЦАФ),

Заедничката рамка за проценка или Цоммон Ассессмент Фрамењорк (ЦАФ), е алатка за квалитет во управувањето инспирирана од Моделот на одличност на Европската фондација за квалитет во управувањето (Еџцелленце Модел оф тхе Еуропеан Фоундатион фор Љуалитс Манагемент (ЕФЉМ) за подобрување на административните капацитети и модернизација на јавните служби.

Примената на овој стандард, чија цел е постојано унапредување на работењето и процесите во институциите, подобрување на мотивираноста на вработените и следење на перформансите, се стреми да создаде модерна ефикасна и професионална администрација во служба на граѓаните.

Оттука, примената на овој стандард во Собранието на РСМ иницира процес на постојано унапредување во нејзиното работење; проценка на работењето врз основа на докази за квалитет во управувањето темелени на критериуми широко прифатени низ јавниот сектор во Европа; ги идентификува подеднакво напредокот, но и слабости во постигнувањата; и бара начини да да обезбеди поврзаност помеѓу резултатите што треба да се постигнат и добрите практики, како тоа да се направи и да го мери прогресот низ периодични само-оценки. Предноста од воведувањето на КАФ во однос на останатите модели и стандарди за квалитет во работењето е тоа што е дизајниран специфично на потребите во јавниот сектор. Тој служи како дијагностичка алатка, се темели на факти и структуриран е на начин на кој обезбедува задолжително подобрување на процесите и признание за постигнатиот прогрес.

Реализацијата на КАФ активностите, обуките, состаноците и работилниците за приоретизирање на стратешки важните мерки за Собранието се остваруваше во рамките на Програмата за Парламентарна Поддршка, финансирана од Швајцарската амбасада/Швајцарската Агенција за развој и соработка, а која се имплементира од страна на Националниот Демократски Институт во Скопје, во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП) и Институтот за демократија Социетас Цивилис.

Работната група за Заедничката рамка за проценка (формирана со Решение од Генералниот секретар на Собрание на РСМ бр. 02-5987/1 од 7 ноември 2019 година, во февруари 2020 година подготви „Извештај за заедничка рамка за оценка во Собрание на Република Северна Македонија" со предложени 110 мерки за подобрување.

На 5 и 6 март 2020 година, во Охрид се оддржа работилница за приоритизација на која учествуваа: тимот за само-проценка, државни советници, раководители на секторите, претставници на ППП, КАФ експерти од ЦУП. Врз основа на активностите од работилницата, Работната група за КАФ во јуни 2020 година, подготви „План за подобрување на состојбите врз основа на Извештајот за ЦАФ".

Советот на собраниската служба на седница на 7 јули 2020 година ги разгледа и предложи одобрување на Извештајот за заедничка рамка за оценка на Собранието на Република Северна Македонија и Планот за подобрување на состојбите врз основа на Извештајот на КАФ.

Донесена е Одлука за одобрување на Извештајот за заедничка рамка за оценка на Собранието на Република Северна Македонија и Планот за подобрување на состојбите врз основа на Извештајот на КАФ, од Генералниот секретар на Собранието на РСМ Цветанка Иванова, под архивски број 02-2886/1 на 9 септември 2020 година.

Согласно Планот за подобрување на состојбите во Собранието, беа утврдени 13 брзо спроведливи активности/мерки и 25 приоритетни активности/мерки, со акциски план за секоја мерка посебно.

Од септември 2020 година, согласно утврдените рокови во Планот, започна реализацијата, односно имплементацијата на КАФ мерките.

## 10.4. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



*Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата*




*Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата*



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 453.806 копии**
**А3 формат: 120.811 копии**
**А4 формат фотокопирани: 349.972 копии**



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Прва конститутивна седница | 04.08.2020<br>21.08.2020 | -вторник<br>-петок | 12,15-14,00<br>12,50-18,15 |
| 2. | Втора седница | 25.08.2020<br>30.09.2020<br>14.10.2020 | -вторник<br>-среда<br>-среда | 11,30-15,00<br>15,40-15,55<br>15,15-15,20 |
| 3. | Трета седница | 25.08.2020 | -вторник | 15,00-17,35 |
| 4. | Четврта седница | 25.08.2020 | -вторник | 17,35-19,45 |
| 5. | Петта седница | 25.08.2020 | -вторник | 19,45-21,10 |
| 6. | Шеста седница | 25.08.2020 | -вторник | 21,10-22,15 |
| 7. | Седма седница | 25.08.2020 | -вторник | 22,15-23,30 |
| 8. | Осма седница | 25.08.2020 | -вторник | 23,30-00,50 |
| 9. | Деветта седница | 26.08.2020 | -среда | 00,50-01,50 |
| 10. | Десетта седница | 29.08.2020<br>30.08.2020 | -сабота<br>-недела | 12,40-19,50<br>12,20-23,30 |
| 11. | Единаесетта седница | 14.09.2020 | -понеделник | 13,25-15,50 |
| 12. | Дванаесетта седница | 17.09.2020<br>21.09.2020 | -четврток<br>-понеделник | 12,15-17,45<br>12,40-21,45 |
| 13. | Тринаесетта седница | 22.09.2020<br>23.09.2020 | -вторник<br>-среда | 11,50-21,35<br>15,15-23,00 |
| 14. | Четиринаесетта седница | 25.09.2020 | -петок | 13,15-13,30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
